Број 1 Година MMXXV

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, јануари 2025

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства како помош за поправка и санација на постоечки два лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства како помош за поправка и санација на постоечки два лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-720/1**
**Датум:24.01.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), како и Барањето бр.11-718/1 од 22.01.2025 година поднесено од Роса Талевска - претседател на заедница на станари, Советот на Општина Карпош, на 60. седница одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ОДЛУКА

**за одобрување финансиски средства како помош за поправка и санација на постоечки два лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.718/1 од 22.01.2025 година поднесено од Роса Талевска - претседател на заедница на станари, за одобрување финансиски средства како помош за поправка и санација на постоечки два лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје.

.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 1.000.000,00 (еденмилион) денари кои ќе се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиски средства имаат обврска да потпишат Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена, врз основа на што Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе Решение за исплата на финансиските средства за предметната намена.

**Член 4**

Барателот се обврзува средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на оваа одлука да ги користи наменски како дел од средствата за поправка и санација на постоечки два

лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје.

Барателот е должен до општината да достави детален финансиски извештај, со спецификација за вкупните трошоци, кои во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури со сметкопотврди и/или фискални сметки со сметко потврди и/или завршни ситуации и други документи кои се однесуваат на реализирани плаќања во врска со доделената финансиска помош.

Барателот е должен по завршување на активностите да достави Сертификати за техничка исправност на лифтови во Општина Карпош.

**Член 5**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-312/4
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/2**
**Датум:24.01.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) и член 137, член 138 и член 140 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година

Советот на Општина Карпош Годишната програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година ја донесува врз основа на позитивните законски прописи со кои се регулираат надлежностите на работата на Советот, како и врз основа на Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021) и Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006).

Во годишната програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година се внесени предлозите кои се дадени од страна на членовите на Комисијата за изработка на оваа Програма, Градоначалникот на Општина Карпош, општинската администрација, Јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош, Општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош и Полициската станица од општа надлежност-Карпош.

Во Годишната Програма за работа на Советот на Општина Карпош можат да бидат внесени и предлози дадени од страна на здруженија на граѓани, како и од страна на други заинтересирани субјекти.

Во Годишната Програма за работа на Советот на Општина Карпош се наведени називите на одлуките и другите општи акти и прашања и теми што ќе ги разгледува Советот на своите седници, субјектите кои се задолжени за нивно изготвување, предлагачот на актите и другите документи, како и роковите кога тие документи треба да се разгледаат и донесат.

Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година е отворена и може да се менува и дополнува во зависност од актуелноста на прашањата кои што ќе бидат предложени за разгледување, на начин и постапка како што е донесена.

1. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА – ЧЕТВРТИ КВАТРАЛ (01.01.2024 година-31.12.2024 година)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: втора половина на јануари/прва половина на февруари 2025 година

2. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи
РОК: јануари 2025 година/прва половина на февруари 2025 година

3. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ:Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за просторно и урбанистичко планирање
РОК: јануари 2025 година/прва половина на февруари 2025 година

4. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ ПРИ ОПШТИНА КАРПОШ ОД 01.01.2024-31.12.2024 ГОДИНА КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ, СО КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ ПРИ ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор Инспекторат
РОК: 31.03.2025 година

5. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ОД ОБЛАСТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор Развој
РОК: јануари 2025 година/прва половина на февруари 2025 година

6. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОГИЈАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животната средина и природата
РОК: јануари 2025 година/прва половина на февруари 2025 година

7. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА, СОЦИЈАЛНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА 2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности – Одделение за социјална, детска и здравствена заштита
РОК: јануари 2025 година/прва половина на февруари 2025 година

8. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности-Одделение за образование
РОК: јануари 2025 година/прва половина на февруари 2025 година

9. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за спорт и култура
РОК: јануари 2025 година/прва половина на февруари 2025 година

10. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Комисијата за култура
РОК: јануари 2025 година/прва половина на февруари 2025 година

11. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 48-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работа на градоначалникот на Општина Карпош
РОК: јануари 2025 година/прва половина на февруари 2025 година

12. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТИТЕ ВО ОДНОС НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ-КАРПОШ ЗА 2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ:
Полициска станица од општа надлежност Карпош
РОК: март 2025 година

13. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА РАЗВОЈОТ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за поддршка на работата на
Градоначалник
РОК: јануари 2025 година/прва половина на февруари 2025 година

14. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ И МАТЕРИЈАЛАНИ ДОБРА ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за поддршка на работата на Градоначалник
РОК: јануари 2025 година/прва половина на февруари 2025 година

15. ОДЛУКА ЗА ОТПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА ПО ИЗВРШЕНИОТ ПОПИС ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: јануари 2025 година/февруари 2025 година

16. ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за спорт и култура
- Одделение за спорт

РОК: јануари 2025 година/февруари 2025 година

17. ПРОРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА 2025 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за изработка на програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2024 година
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
РОК: јануари 2025/февруари 2025 година

18. ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: февруари 2025/март 2025 година

19. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: февруари/март 2025 година

20. БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: ноември 2025 година

21. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА – ПРВ КВАТРАЛ (01.01.2025 година-31.03.2025 година)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: април 2025 година

22. ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА-НАГРАДИ НА 10 УЧЕНИЦИ ПРВЕНЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈА ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за култура и образобание
Одделение за образование
РОК: мај/јуни 2025 година

23. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2025 ГОДИНА – ВТОР КВАТРАЛ (01.04.2025 година-30.06.2025 година)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: јули 2025 година

24. МИСЛЕЊА НА ПРОГРАМИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА УЧЕБНАТА 2025-2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ
Општинските основни училишта
РОК: август 2025 година

25. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024-2025 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ
Општинските Основни Училишта
РОК: септември 2025 година

26. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024-2025 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ
Општинските основни училишта
РОК: септември 2025 година

27. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ОПШТИНСКИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2024-2025 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ
Јавните Установи Општинските Детски Градинки
РОК: септември 2025 година

28. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ОПШТИНСКИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2025-2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ
Јавните установи општинските детски градинки
РОК: септември 2025 година

29. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА – ТРЕТ КВАТРАЛ (01.07.2025 година-30.09.2025 година)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: октомври 2025 година

30. ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2024-2025 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес
Одделение за образование
РОК: октомври 2025 година

31. ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТИСТИ-ПОЕДИНЦИ ВО СФЕРАТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ ЗА 2024-2025 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за култура и спорт
Одделение за спорт
РОК: октомври 2025 година

32. РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2025 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: Во текот на 2025 година

најдоцна до 15 ноември 2025 година

33. ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанистичко и просторно планирање
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

34. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за информатичка технологија
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

35. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ МЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

36. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА, СОЦИЈАЛНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности – Одделение
за социјална, детска и здравствена заштита
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

37. ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА СПОРТ ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за спорт и култура
Одделение за спорт
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

38. ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА КУЛТУРА ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за спорт и култура
Одделение култура
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

39. ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес
- Одделение за образование
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

40. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор развој
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

41. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОТ ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животната средина и природата
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

42. ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО РАЗВОЈОТ И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА МЕСНАТА САМОУПРАВА ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на Градоначалникот – Одделение за развој и унапредување на месната самоуправа
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

43. ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 50-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на Градоначалникот
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

44. ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на Градоначалникот – Одделение за заштита и спасување на граѓани
РОК: декември 2025 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

45. ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕДОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ОДДРЖУВАЊЕ И ЗИМСКО ОДДРЖУВАЊЕ НА СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи
РОК: декември 2025година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

46. ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи
РОК: декември 2025 година

Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

47. БУЏЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: декември 2025 година
Предлог-Буџетот се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2025 година

48. ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2026 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: декември 2025 година

49. ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2026 ГОДИНА
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: декември 2025 година

50.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештај за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2024 година

51.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештај за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2024 година

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за просторно и урбанистичко планирање и проектирање
РОК: во текот 2025 година

## III. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 01 - СРЕДНО НЕРЕЗИ, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
2. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
3. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
4. ДУП ЗА БЛОК Ј 03.04, ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03, ОПШТИНА КАРПОШ.
5. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03 – ТРН ДОЛ, БЛОК 5, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
6. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК Ј 03.06, ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
7. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03, БЛОК Ј03.09, ОПШТИНА КАРПОШ.
8. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03, БЛОК Ј03.11, ОПШТИНА КАРПОШ.
9. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 02, ПОТЕГ ПОМЕЃУ ЖДАНЕЦ И НЕРЕЗИ, ЛОКАЛИТЕТИ А, Б И В, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ.
10. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З02, БЛОК З02.02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
11. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 8 ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
12. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
13. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З06, БЛОК 03, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
14. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 5, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
15. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 6, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.

16. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З06, БЛОК 08, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
17. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З06, БЛОК 10 - ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ.
18. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 11, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
19. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 07, БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ .
20. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 07 , БЛОК 3, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ .
21. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19, ОПШТИНА КАРПОШ.
22. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26 БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
23. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26, БЛОК СЗ 26.02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
24. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ26, БЛОК СЗ 26.05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
25. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 06, ОПШТИНА ЧАИР, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
26. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК 03, ОПШТИНА КАРПОШ (ПО НОВ РПЧ).
27. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК ССЗ 01.04, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
28. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 04, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
29. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
30. ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15, Блок 02.
31. ДУП ЗА БЛОК 4 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС15 - КРИВИ ДОЛ, КО КАРПОШ, ОПШТИНА КАРПОШ.
32. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15 – КРИВИ ДОЛ, БЛОК 8, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
33. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З04, БЛОК З04.04, ОПШТИНА КАРПОШ.

34. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ 304, БЛОК 304.03 ОПШТИНА КАРПОШ.
35. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ 304, БЛОК 304.06 ОПШТИНА КАРПОШ.
36. ДУП ЗА БЛОК ССЗ 01.10, ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
37. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 01 БЛОК 03 ВО ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
38. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј04, ОПШТИНА КАРПОШ.
39. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ "З 08" ОПФАТ ПОМЕЃУ БУЛ. ИЛИНДЕН, УЛ. ФРАНКЛИН РУЗВЕЛТ, БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ И БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ.
40. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 09, ПОМЕЃУ БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ, УЛ. ФРАНКЛИН РУЗВЕЛТ, БУЛ. М.Т.ГОЛОГАНОВ И БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
41. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ01, БЛОК 06, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
42. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК 5 ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.
43. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК 2 ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ.

## V. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО

1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ, РАЗРАБОТКА НА БЛОК 42, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ.
2. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПС БАРДОВЦИ – РАЗРАБОТКА НА БЛОК 10, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ.
3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА БЛОК 12, ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ.
4. ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА БЛОК 2 И БЛОК 3 ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ССЕЛО БАРДОВЦИ, РАЗРАБОТКА НА БЛОКОВИ 1, 2, 3, 4 ,5 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 И 18.

## VI. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ

1. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 63 ОД ЗАКОН ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (СЛ. ВЕСНИК НА РСМ БР. 32/20, 111/23 и 171/24 И 224/24).
2. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ЗАКОН ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (СЛ. ВЕСНИК НА РСМ БР. 32/20, 111/23 и 171/24), СО ИСКЛУЧОК НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 58 СТАВ 2 И ЧЛЕН 58 СТАВ 6 ОД ПРЕТХОДНО НАВЕДЕНИОТ ЗАКОН.

Во текот на годината, во зависност од потребите оваа Програма може да претрпи измени и дополнувања.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 1 јануари 2025 година.

Број 09-312/5
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов , с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 4.8.1 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година)**

1. Се објавува Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 4.8.1 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година), донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/3
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 36, став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020, 111/23, 73/24 , 171/24 и 224/24), Советот на Општина Карпош, на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Техничка исправка за ГП 4.8.1 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година)**

**Член 1**

Со ова Одлука се донесува Техничка исправка за ГП 4.8.1 од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година), изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, со технички број 02/25-У од јануари 2025 година, постапка бр. 67920 во системот е-урбанизам, по добиеното позитивно мислење со број 45-281/1 од 14.01.2025 година од Комисијата за урбанизам на Општина Карпош, формирана врз основа на одредбите на член 38 од Законот за урбанистичко планирање со Решение за формирање на Комисија за урбанизам, донесено од Градоначалникот на Општина Општина Карпош со бр. 11-5248/1 од 16.07.2024 година.

**Член 2**

Техничка исправка за ГП 4.8.1 од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година), изработена од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, со технички број 02/25-У од јануари 2025 година, е составен дел од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-312/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Датум 23.01.2025 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за донесување на техничка исправка ГП 1.42 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001год.**

1. Се објавува Одлука за донесување на техничка исправка ГП 1.42 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001год., донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/4**
**Датум:24.01.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 36, став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020, 111/23, 73/24 , 171/24 и 224/24), Советот на Општина Карпош, на 60.седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
### за донесување на техничка исправка ГП 1.42 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001год.

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка за ГП 1.42 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001год., изработена од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје, постапка бр. 66022 во системот е-урбанизам, по добиеното позитивно мислење со број 45-6470/3 од 31.12.2024 година од Комисијата за урбанизам на Општина Карпош, формирана врз основа на одредбите на член 38 од Законот за урбанистичко планирање со Решение за формирање на Комисија за урбанизам, донесено од Градоначалникот на Општина Општина Карпош со бр. 11-5248/1 од 16.07.2024 година.

**Член 2**

Техничка исправка за ГП 1.42 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001год., изработена од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје е составен дел од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-312/7**
**Датум 23.01.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
## (КП бр.646/57, КО Долно Водно)

1. Се објавува Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето (КП бр.646/57, КО Долно Водно), донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/5**
**Датум:24.01.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; член 36, член 1, став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24); во врска со член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Репубилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 174/21), и согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), врз основа на стручно мислење бр.11-887/2 од 13.02.2023 година дадено од Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ – Управа за животна средина - Сектор за природа и Решението УП2 бр.32-344/2023 од 07.08.2023 година донесено од Министертво за транспорт и врски на РСМ, Советот на Општина Карпош, на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на вклопување на бесправен објект во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
## (КП бр.646/57, КО Долно Водно)

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-762 од 09.05.2011 година, на Трајан Пејов од Скопје, за објект на КП бр.646/57, КО-Долно Водно, како и врз основа на приложените докази и утврдената фактичка состојба, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект во идна планска документација – Урбанистички план вон населено место согласно одредбите на член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 174/21) и согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за урбанизам да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 09-312/8
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за усвојување на физибилити студија за оправданоста од доделување на договор за воспоставување на ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО за давање услуги за Јавното осветлување во Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за усвојување на физибилити студија за оправданоста од доделување на договор за воспоставување на ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО за давање услуги за Јавното осветлување во Општина Карпош, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/6
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) и член 16 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” бр.153/19 и 261/19), Советот на Општина Карпош, на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ОДЛУКА

**за усвојување на физибилити студија за оправданоста од доделување на договор за воспоставување на ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО за давање услуги за Јавното осветлување во Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува физибилити студија за оправданоста од доделување на договор за воспоставување на ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО за давање услуги за Јавното осветлување во Општина Карпош која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Карпош".

**Број 09-312/9**
**Датум 23.01.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

# НАЦРТ - ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА ЗА ОПРАВДАНОСТА ОД ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ ЗА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ



**Јануари 2025**

# СОДРЖИНА

**Кратенки................................................................................................................4**

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ....................................................................................................5**

**ВОВЕД ......................................................................................................................6**

**I. ОПШТ ДЕЛ .............................................................................................................10**

Правна рамка за јавно осветлување и за доделување на договор за воспоставување на ЈПП..........................................................................................................10
Потреби од реконструкција и одржување на јавното осветлување..............................10
Замена на подземна инсталација ...............................................................................11
Замена на воздушна инсталација ...............................................................................11
Замена и одржување на 5.5м столбови, 8м метални столбови, Замена на дрвени 8м дрвени столбови ........................................................................................................12
Бојадисување и означување на метални и дрвени столбови ......................................12
Сечење на гранки ........................................................................................................12
Трошоци за одржување систем, сервер и негово хостирање, комуникација за GSM во ормари, ..................................................................................................................13
Дефиниција на јавната услуга и обемот на проектот ..................................................14
Финансиските показатели ..........................................................................................15

**II. ОПШТИНА КАРПОШ .................................................................................................19**

**III. ТЕХНИЧКА АНАЛИЗА...............................................................................................20**

Основни карактеристики на системот на јавно осветлување во Општина Карпош .......20
Фотометрија, геометрија на осветлување и утврдување на потреба за ЈПП, опфат и модернизација на системот за јавно осветлување ......................................................24
Дефинирање на технички барања за модернизација и мерки за развој на системот на јавно осветлување ......................................................................................................24

**IV. ПРАВНА АНАЛИЗА...................................................................................................26**

Правна рамка со која се уредува јавното осветлување ................................................26
Идентификација и анализа на сопственичко правните односи поврзани со објектот на јавно приватното партнерство ........................................................................................288
Анализа на законската рамка за јавно приватно партнерство........................................28

**V. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА РИЗИЦИ И НИВНА ЕВАЛУАЦИЈА.........................................29**

Идентификација и евалуација на ризици ......................................................................29
Дистрибуција и моделирање на ризици.........................................................................32

**VI. ЕКОНОМСКО ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА ..................................................................34**

Анализа на исплатливост .............................................................................................34

**VII. КОМПАРАТОР НА ЈАВЕН СЕКТОР-КЈС И ОЦЕНКА НА ВРЕДНОСТ ЗА ПАРИ-ВзП36**

Оценка на вредност за пари – ВзП................................................................................37

**VIII. ПРЕПОРАКИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.38**

**IX. ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ........................................................................38**

**X. ИНДИКАТИВЕН ПЛАН НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ..............................................................40**

**АНЕКС-** Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на работи и услуги...................................**43**

**Табели**

Табела 1 Број на светилки и моќност во W во Општина Карпош ..........................................9

Табела 2 Инфраструктура на јавното осветлување.................................................................9

Табела 3 Опфат на потребите со ЈПП проектот ...................................................................13

Табела 4 Потрошена електрична енергија по месеци во 2021 и 2024 година и остварените заштеди. ..........................................................................................................15

Табела 5 Приходи и расходи за јавно улично осветлување во ОК......................................15

Табела 6 Инвестициони трошоци за ЈПП проектот во МКД ................................................17

Табела 7Оценети ризици за проектот, нивна оценета веројатност и влијание. .................30

Табела 8. Бодови на ризик и видови на ризик.......................................................................30

Табела 9. Препорачани дејства, според скалилото на ризик (доделените бодови)...........30

Табела 10. Матрица за евалуација на ризиците....................................................................30

Табела 11. Евалуација на ризици за проектот. ......................................................................31

Табела 12. Матрица на дистрибуција на ризици ...................................................................32

Табела 13.Економски претпоставки кои се користени во трошоци- бенефит анализата. .34

Табела 14 Очекувани трошоци за улично осветлување и планирана заштеда со ЈПП.....35

Табела 15. Индикатори за исплатливост на замена на инсталација и столбови за 10 години.......................................................................................................................................35

Табела 16 Трошоци за Општина Карпош доколку сама го спроведе проектот или го спроведе проектот преку договор за ЈПП за услуга. ............................................................37

Табела 17. Пресметка на вредност за пари – ВзП при замена на инфраструктурата и одржување на уличното осветлување. ..................................................................................37

Табела 18. Оценка на ВзП (вредност за пари) од ова ЈПП ...................................................43

**Слики**

Слика 1 Мапа на системот за улично осветлување -КРО (команден разводен ормар) ....20

Слика 2 Различни режими на управување во зависност од потребите на Општината.....21

## Кратенки

ВзП - Вредност за Пари
W - Ват
ЕЕ – енергетска ефикасност
ЕВН – Компанија за дистрибуција на електрична енергија
ЕДС -Економската дисконтна стапка
ЕНСВ- Економска нето сегашна вредност
ЕИСР -Економска интерна стапка на рентабилност
ЕСЈН – Електронски систем за јавни набавки
ФДС -Финансиска дисконтна стапка
ФНСВ - Финансиска нето сегашна вредност
ФИСР -Финансиска интерна стапка на рентабилност
ИПФ -Иницијативата за приватно финансирање
ЈПП - Јавно приватно партнерство
kWh – Киловат час
КЈС- Компаратор на јавен сектор
МКД – Македонски денар
ЛЕД – Диода која емитува светлина (Light-Emitting Diode)
lm- Лумен
lm/W – Лумен на ват
Na – Натриум
ОК – Општина Карпош
ТС – Трафостаница
Hg – Жива

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во согласност со Законот за концесии и јавно-приватно партнерство („Службен весник на РМ“ бр. 6/2012, 144/2014, 33/2015, 104/2015, 215/2015, 153/2019, 261/2019, 89/2022 и бр. 65/2023 година), за реализација на проект за јавно-приватно партнерство (ЈПП) потребно е изработување на физибилити студија која ќе ја утврди оправданоста за доделување на концесија на добра од општ интерес или **за доделување на договор за воспоставување на ЈПП**, како предуслов за започнување на таков проект.

Во оваа физибилити студија е разгледана можноста за доделување договор за воспоставување на ЈПП за јавното осветлување во Општина Карпош со цел за реконструкција, модернизација и одржување на постојното јавно осветлување со што ќе се подобри квалитетот на јавната услуга, како и зголемување на заштедата на електричната енергија од јавното осветлување. Извршена е пресметка на компараторот за јавен сектор, вредноста за пари (ВзП), како и кост-бенефит анализа. Покрај тоа, изготвена е правна анализа со општи заклучоци и препораки за реконструкција и одржување на јавното осветлување преку модел на ЈПП. Во документот е вклучена и квалитативна анализа на ризиците.

Општина Карпош во периодот 2020-2024 година инвестираше 100.000.000,00 МКД во замена на натриумските светилки со 4.796 ЛЕД светилки со очекувана заштеда на годишно ниво од 60-90% од сегашната инсталирана снага на заменетите светилки, или поконкретно заштеда од 25.000.000,00 до 40.000.000,00 МКД. Остварувањето на оваа заштеда на годишно ниво зависи и од состојбата на постојната инфраструктура на јавното осветлување која во еден дел е застарена или во лоша состојба.

Предметот на ЈПП е обезбедување на очекувана заштеда со вложувања во замена на застарената или надвор од употреба инфраструктура. Проектот анализиран во оваа студија опфаќа активности кои се однесуваат на вложувања во:

1) Замена на 10000 м” подземна инсталација од сегашните 112000 м’ со проценета вредност од 16.500.000,00 МКД;
2) Замена на 10000 м” воздушна инсталација од постоечките 44000 м’ со проценета вредност од 2.200.000,00 МКД;
3) Замена и одржување на 5.5м столбови, 1230 од вкупно 4500 во со проценета вредност од 73.000.000,00 МКД;
4) Замена и одржување на 8м метални столбови, 20 од вкупно 550 со проценета вредност од 1.600.000,00 МКД;
5) Замена на дрвени 8м дрвени столбови, 300 од вкупно 1100 со проценета вредност од 5.400.000,00 МКД;

*Активностите од точка 1 до точка 5 ќе се реализираат на следниот начин: 70% во рок од три години од денот на склучување на договорот за ЈПП, а останатите 30% во наредните 7 години согласно идентификуваните потреби на јавниот партнер.*

6) Бојадисување и означување на сите 4500 метални столбови, со проценета вредност од 4.050.000,00 МКД;
7) Означување на сите 110 дрвени столбови со метална плочка офарбана по избор на приватниот партнер и означена (бројки и букви) со црна боја, со проценета вредност од 550.000,00 МКД;
8) Сечење на гранки и оставање на дрвната маса на неколку места, насоберени под исечените дрва, зависно од теренот. За сите дрва по сите месни заедници. Се сечат еден пат во годината околу 2000 дрвја годишно, со проценета вредност од

20.000.000,00 МКД (2.000.000 ден/годишно).

9) Замена на светилки и тоа:
   9.1. ТИП 1 : LED интелигентна светилка со LED модули 10W + 25W и комуникатор во NEMA кутија над самиот капак, 430 парчиња со проценета вредност од 10.750.000,00 МКД;
   9.2. ТИП 2 : LED интелигентна светилка со LED модули 25W + 50W и комуникатор во NEMA кутија над самиот капак, 20 парчиња со проценета вредност од 620.000,00 МКД;
10) Трошоци за одржување на систем, сервер и негово хостирање, комуникација за GSM во ормари, Одржување на елементи во управувачкиот систем, со проценета вредност од 12.000.000,00 МКД ( 100.000,00 МКД месечно).

**Предмет на ЈПП проектот** би била горенаведената инфраструктура на јавно осветлување, а извршувањето на услугата од страна на приватниот партнер ќе се дефинира и контролира на годишни нивоа, преку спецификација изработена од јавниот партнер – која ќе биде состсвен дел на договорот за ЈПП.

**Проценета вредност на ЈПП** проектот изнесува: 147.470.000,00 МКД (2.397.886,18 евра)

Финансиските средства за реализација на ЈПП проектот ги обезбедува приватниот партнер. Повратот на вложените финансиски средства, при тоа вклучувајќи и пресметана „разумна заработувачка„ приватниот партнер ќе обезбеди преку месечни плаќања од страна на Општината (ЈПП надоместок за извршување на јавна услуга) во висина која ќе биде утврдена во зависност од најдобрата понуда во текот на доделување на договорот за ЈПП.

Времетраењето на договорот за ЈПП се предлага да изнесува 10 години.

Оттука, Општина Карпош може да го примени следниот критериуми за избор на најповолен приватен партнер:

- Најниска цена/износ на име на ЈПП надомесокот што ќе го плаќа јавниот партнер/Општина Карпош што ќе се добие по спроведена негативна аукција при почетна цена/износ од 14.747.000,00 МКД/годишно (годишниот износ потребен за инвестициите) или 1.28.917,00 МКД/месечно.

По истекот на договорот за ЈПП целокупниот систем на јавно осветлување и одржувањето на истиот се предава на јавниот партнер/општината. Пред истекот на ЈПП договорот целокупниот систем на јавно и улично осветлување треба да биде во исправна и функционална состојба. На овој начин ќе се обезбеди Општината и по истекот на договорот да ги користи придобивките во заштедите на електрична енергија.

Постапката за доделување на договорот за воспоставување на ЈПП се предлага да се спроведе како отворена постапка, согласно одредбите на Законот за јавните набавки, на кој што упатува Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Од оваа анализа се заклучи Општина Карпош да додели договор за воспоставување на ЈПП за давање на јавна услуга: модернизација, реконструкција и одржување на јавното осветлување.

Контакт лице во Општина Карпош во врска со овој проект е г-дин Петар Теов, Раководител на сектор за екологија и енергетска ефикасност. Контакт лице за изработката на оваа физибилити студија е Ристо Иванов: risto@kreacija.org и Мирослав Трајановски за правниот дел: miroslavtrajanovski@yahoo.com.

## ВОВЕД

Целта на оваа Физибилити студија е да утврди дали Општина Карпош ќе има повеќе придобивки доколку сама го реализира проектот или доколку Општината влезе во договор за јавно приватно партнерство (ЈПП) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување.

Општина Карпош има изработено Стратешки план за развој за периодот 2022-2026 година[1] во којшто енергетската ефикасност и ревитализацијата и модернизацијата на уличното осветлување е потврдена како еден од приоритетите.

Општина Карпош има изработено и План на програми за развој на Оопштина Карпош за 2023-2025 година[2], во кој е вклучена програма за реконструкција на јавното осветлување во Општина Карпош. Имплементација на програмата придонесува кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животната средина, Законот за енергетика, Законот за енергетска ефикасност, Националните стратегии за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија и усвоените програми од Советот на Општина Карпош (ЛЕАП, Програма за ЕЕ), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина.

На база на горенаведеното, со програмата за реконструкција на уличното осветлување која е со вкупна вредност од 120.000.000,00 МКД, се планира остварување на следните бенефити за Општината:

- Помала потрошувачка на електрична енергија и средства за јавно осветлување, ефикасен систем и функционирање на мрежата без дефекти на улиците и јавните површини за граѓаните;
- Ефикасно јавно осветлување, односно осветлување на сите јавни содржини и површини со минимална потрошувачка на електрична енергија;
- Мониторинг и управување со потрошувачката на електрична енергија за улично осветлување и спортски и детски игралишта;
- Со реализација на оваа проект се отвара простор во наредниот временски период целосно да се реши проблемот со функционирањето на јавното осветлување во Општината, мониторинг и управување со потрошувачката на електрична енергија за улично осветлување, спортски и детски игралишта на вкупно 157мерни места, поставени командни ормари со софистициран управувачки систем, нови дополнителни ЛЕД светилки како и ново ожичување во самите столбови;.
- Исправна инсталација за јавно осветлување на целата територија на Општината.
- *Намалена емисија на издувни гасови од 5,03 до 6,5 тони* $CO_2$*годишно (tCO2eq / year) со 62% и 80% заштеда на електрична енергија во однос на потрошувачката во 2021 година.*

Во периодот 2020-2024 година Општината Карпош изврши набавка и инсталација на нови 4.796 паметни ЛЕД светилки за замена на постоечките улични натриумови светилки во урбаниот и руралниот дел на Општината, како и користење на софтвер за индивидуална контрола, управување и мониторинг на секоја паметна улична светилка поединечно како и групна контрола.

Согласно анализите, имплементацијата на ЛЕД светилки како и користењето на интелигентен систем за контрола носи потенцијал за заштеди на потрошувачката на енергија за јавното осветлување од околу 60-90% во однос на системот со натриумови

[1] https://karpos.gov.mk / линк
[2] https://karpos.gov.mk / линк

светилки. Една од најголемите придобивки кои ги имаат паметните ЛЕД светилки и системот за паметно осветлување е можноста за дигитално контролирање и управување на ЛЕД светилките, односно можноста за создавање “Паметни општини и градови” преку таканаречено интелигентно управување со уличното светло. Интелигентниот систем за улично осветлување се состои од паметни ЛЕД светилки со контролен уред во интегриран контролер преку кој по пат на современи технологии за пренос на податоците овозможува нивно вклучување и исклучување и управување од централизирана веб апликација.

Овој систем на управување нуди низа додадени вредности во однос на одржувањето и менаџирањето на уличното светло и тоа:

- Драстично намалени трошоци за одржување (до 70%);
- Овозможен мониторинг на состојбата на мрежата на улично осветлување во реално-време преку web апликацијата;
- Реален увид на функционалноста на секоја светилка и утврдување на постоење на дефект во секој момент;
- Намалување на време на интервенција при одржувањето преку моментално сигнализирање и испраќање на пораки за постоење на дефект до однапред определена група на луѓе назначени за интервенција;
- Одбегнување на потребата и трошоците за патролирање заради дијагностика на состојбата со функционалноста на уличното светло;
- Софтверско следење и евиденција на реалната потрошувачка на електрична енергија преку можноста за мерење на енергетските параметри на сите светилки и можноста за генерирање извештаи за потрошувачката на електрична енергија во даден временски интервал по светилка или групна на светилки;
- Можност за лесно откривање на нелегални диви потрошувачи, и нивно автоматско исклучување од мрежата, со што непријавените потрошувачи е невозможно да користат енергија од мрежата на Општината;
- Можност за генерирање на различни видови на извештаи според потребите на Општината (на пр. типови на светилки, моќности, висина на столбови на кои се поставени, статистика на грешки и типови на грешки, статистика по улици или дефинирани групи на извештаи и сл.);
- Креирање на бази на податоци и точен историјат на одржување на уличното светло;
- Можност за индивидуална контрола на секоја светилка поединечно или група на светилки зависно од потребите, кое ќе донесе дополнителни заштеди на електрична енергија како и зголемување на безбедноста во сообраќајот и сигурноста на граѓаните заради можноста на дефинирање на светлосното ниво во услови на намалена оптичка видливост дефинирана од временските услови или прекумерно зголемен интензитет на сообраќај.

Општината во својата развојна Програма за 2023 – 2025 година презеде стратешки чекор со кој, во најголем дел ги отстрани старите улични светилки и истите ги замени со штедливо лед – осветлување од 35 и 75 вати. Со истекот на оваа развојна Програма, Општина Карпош ќе ја преземе надлежноста над системот за управување со јавното осветлување, кој сè уште е во рамки на гарантниот рок на изведувачот. Оттаму, Општината ќе се соочи со престанок на гаранцијата на целиот систем којшто е

инсталиран, при што, самото јавно осветлување, логично ќе премине во нејзино владение.

Со развојната програма опфатена е замената на старите улични светилки со ЛЕД светилки и воведување софтверско следење и евиденција на реалната потрошувачка на електрична енергија. Меѓутоа, остварувањето на очекуваната заштеда на енергија ( 60-90%) во однос на потрошувачката на постојниот систем зависи и од состојбата на инфраструктурата (подземната и воздушната инсталација, металните и дрвените столбови, попречување на осветлувањето од гранките на дрвјата и др).

За потребите на одржувањето на уличното осветлување следена е состојбата на светилки во урбан дел (12 месни заедници) и во рурален дел (Горно нерези и Бардовци) во Општината Карпош како во наредната табела.

**Табела 1 Број на светилки и моќност во W во Општина Карпош**

| МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ | СОЛАРНИ | ЛЕД | 70 W | 150W | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| КАРПОШ 1 | | | 194 | 130 | 324 |
| КАРПОШ 2 | | 8 | 146 | 46 | 200 |
| КАРПОШ 3 | 6 | 15 | 161 | 160 | 342 |
| КАРПОШ 4 | | | 577 | 71 | 648 |
| ВЛАЕ 1 | 2 | | 329 | 10 | 341 |
| ВЛАЕ 2 | | 112 | 149 | 79 | 340 |
| НЕРЕЗИ | 7 | | 426 | | 433 |
| ТАФТАЛИЏЕ 1 | | 7 | 341 | 31 | 379 |
| ТАФТАЛИЏЕ 2 | 19 | 21 | 233 | 32 | 305 |
| ВЛАДО ТАСЕВСКИ | | 10 | 306 | 28 | 344 |
| ПБК | 2 | 60 | 321 | | 383 |
| КЈП | | | 449 | | 449 |
| ЗЛОКУЌАНИ | | | 278 | | 278 |
| БАРДОВЦИ | | 10 | 263 | | 273 |
| **ВКУПНО СВЕТИЛКИ** | 36 | 243 | 4173 | 587 | 5039 |
| | | | | | |
| **ВКУПНО СВЕТИЛКИ ПРОМЕНЕТИ СО ЛЕД** | 36 | | 4173 | 587 | 4796 |

**Табела 2 Инфраструктура на јавното осветлување**

| Р. бр. | Опис | ед. мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| **1** | Подземна инсталација. | м1 | 112.000 |
| **2** | Воздушна инсалација. | м1 | 44.000 |
| **3** | Метални 5.5м столбови. | број | 4.500 |
| **4** | Метални 8м столбови. | број | 550 |
| **5** | Дрвени 8м столбови. | број | 1.100 |
| **6** | Ормари | број | 160 |
| **7** | Систем, сервер и негово хостирање, комуникација за GSM во ормари, елементи во управувачкиот систем, | број | 1 |

Оваа Физибилити студија содржи економско-финансиска, техничка и правна анализа согласно потребите на Општина Карпош за подобрување на системот на јавно осветлување. Врз основа на оваа Физибилити студија треба да се определи ефективноста на ЈПП проектот и ризиците поврзани со неговата имплементација. Физибилити студијата треба да го направи економско финансискиот резултат што е можно повидлив, и да го помогне процесот на носење на одлуки за ефикасно извршување на јавниот интерес и да овозможи транспарентен процес на водење и следење на потфатот.

Физибилити студијата содржи и општи заклучоци и препораки, план за имплементација и анализа на компараторот за јавниот сектор со оценка на ВзП.( вредност за пари) .

За изработка на оваа студија користени се информации и податоци од слични студии изработени за Општина Битола, Тетово, Гази Баба и Македонски Брод, како и од документи и студии за улично осветлување изготвени за потребите на Општина Карпош. Воедно консултирани се и стручните служби од Општина Карпош, операторите носители на договорите и други стручни лица. Одржани се и консултативни состаноци во Општина Карпош, а се презентирани и првичните наоди и верзии од оваа студија.

# I. ОПШТ ДЕЛ

## Правна рамка за јавно осветлување и за доделување на договор за воспоставување на ЈПП

Правната основа со која се уредува јавното осветлување содржана е во следните законски прописи:

- Закон за локалната самоуправа;
- Закон за комуналните дејности; и
- Закон за комуналните такси

Правната рамка за јавно-приватно партнерство содржана е во Законот за концесии и јавно-приватно партнерство со кој се уредува доделувањето на концесија на добра од општ интерес и **договор за воспоставување на јавно приватно партнерство (ЈПП)**, правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство. Повеќе детали се обезбедени понатаму во поглавјето за правната рамка.

## Потреби од реконструкција и одржување на јавното осветлување

Со самото тоа што визијата на Општина Карпош е таа да биде социјално-економски развиена Општина со модерна регионална и локална инфраструктура, се подразбира дека одржливоста на Општината е приоритет. Во тој контекст, енергетската ефикасност се подразбира како стратешки приоритет за Општината, а уличното осветлување индиректно треба да придонесе кон овие очекувања.

Придонесот на ЈПП проектот за јавно осветлување се однесува на остварување на законските надлежности во однос на уредување и организирање на јавното осветлување, како и кон:

- зголемување на квалитетот и опфатот на јавното осветлување,
- заштеда на трошоците за електрична енергија,

- заштеда на трошоците за одржување на уличното осветлување,
- зголемување на приходите во буџетот на локалната власт,
- ослободување на фискален простор за нови проекти во областа на животната средина/енергетска ефикасност,
- поголема безбедност на улиците,
- подобрување на естетскиот изглед на Општина Карпош,
- подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Општина Карпош,
- исполнување на визијата за Карпош од Стратешкиот план за развој на Општина Карпош,
- придонес кон остварувањето на зелената агенда и климатската неутралност преку намалувањето на емисијата на $CO_2$

За остварување на овие користи потребно е да се реконструира, модернизира и одржува постоечката инфраструктура и инсталација која појавува дефекти во преносот на електрична енергија и тоа:

**Замена на подземна инсталација**





**Замена на воздушна инсталација**





**Замена и одржување на 5.5м столбови, 8м метални столбови, Замена на дрвени 8м дрвени столбови**







**Бојадисување и означување на метални и дрвени столбови**






**Сечење на гранки**





**Трошоци за одржување систем, сервер и негово хостирање, комуникација за GSM во ормари,**





**ЕУ Директивата за енергетска ефикасност и енергетските услуги во ЕУ** (Directive on energy end-use efficiency and energy services in EU) е донесена со цел да ја стимулира енергетската ефикасност. Преку оваа директива ќе се стимулираат и потпомагаат исплатливите инвестиции во енергетската ефикасност како и во јавното осветлување. Одредбите од членовите 5, 6 и 7 од директивата налагаат јавниот сектор да се охрабри во нивните буџети и инвестициски планови да имаат во предвид подобрување на енергетската ефикасност. Во анекс 3 од оваа директива во листата на примери за активности на енергетска ефикасност е излистано и осветлувањето преку нови енергетски ефикасни светилки и дигитални системи за контрола[3].

Исто така во Стратешкиот план за развој на Општина Карпош за периодот 2022-2026 година е нотирано дека граѓаните на Општината очекуваат поголемо одржување и осветлување на улиците т.е. Замена на дотрајани столбови за улично осветлување со нови, Проект за регулирање на потрошувачката на електрична енергија на уличното осветлување во периоди кога нема голема фреквенција и во зависност од надворешните услови, Поставување нови линии за осветлување на улиците. Во таа насока на реконструкција, осовременување и одржување на јавното осветлување во општината Карпош е и овој ЈПП проект.

**Табела 3 Опфат на потребите со ЈПП проектот**

| Инфраструктура на јавното осветлување | ед. М. | Опфат со ЈПП | Вкупно во ОК | % учество |
|---|---|---|---|---|
| Подземна инсталација. | м1 | 10.000 | 112.000 | 9% |
| Воздушна инсалација. | м1 | 10.000 | 44.000 | 23% |
| Метални 5.5м столбови. | број | 1.230 | 4.500 | 27% |
| Метални 8м столбови. | број | 20 | 550 | 4% |
| Дрвени 8м столбови. | број | 300 | 1.100 | 27% |
| Ормани | број | 160 | 160 | 100% |
| Систем, сервер и негово хостирање, комуникација за GSM во ормари, | број | 1 | 1 | 100% |

[3] Во анекс 5 од Директивата е прикажана индикативна листа за систем за споредување (бенчмарк) за енергетска конверзија во јавните институции и тоа за: училишта/јавна администрација, болници, базени, јавно осветлување.

| Инфраструктура на јавното осветлување | ед. М. | Опфат со ЈПП | Вкупно во ОК | % учество |
|---|---|---|---|---|
| елементи во управувачкиот систем, | | | | |
| Сечење на гранки од дрвјата што го поречуваат осветлувањето | број | 2.000 | 22.362[4] | 9% |

*Напомена*: *Опфатот на инфраструктурата за јавно осветлување, како потреба за замена и одржување, дефиниран е од страна на секторот за екологија и енергетска ефикасност на ОК врз основа на податоците со кои распоагаат и искуствата со досегашното управување со ситемот на јавно осветлување на територијата на Општина Карпош.*

**Цел и обем на ЈПП проектот** е остварување на очекуваните заштеди преку намалување на трошоците за електрична енергија и трошоците за одржување на уличното осветлување кое треба да опфати финансирање на замена на постоечката инфраструктура и одржување на системот со инсталираните ЛЕД светилки. Со ЈПП проектот Општина Карпош треба да ги намали трошоците за одржување на јавното осветлување и да ја осовремени и прошири услугата на нејзината територија.

Микролокациите на столбовите и сијаличните места на улиците, ќе треба да бидат составен дел на тендерската документација за доделување на договорот за воспоставување на ЈПП. Понатаму, следува управување и одржување на системот за јавно осветлување за одреден временски период, по што следува трансфер истиот на Општина Карпош од страна на приватниот партнер.

**Цел на Физибилити студијата** е да утврди дали Општина Карпош ќе има повеќе придобивки доколку Општината сама го реализира проектот или доколку Општината влезе во концесија или јавно приватно партнерство и го отстапи управувањето на јавното осветлување и замената и одржување на инсталацијата на приватен партнер.

Во секој случај оваа студија, од аспект на концесија или ЈПП поволност, треба да даде одговор и на прашањата за тоа дали овој проект е:

- Достапен (affordable) за Општината имајќи ги во предвид буџетски алокации кон проектот и можните финансиски ресурси од приватниот партнер,
- Дали се врши трансфер на соодветните ризици кон приватниот партнер кој е најсоодветен за управување со тие ризици,
- Дали овој проект носи соодветна вредност за пари-ВзП т.е. треба да се утврди дали со концесија или ЈПП овој проект ќе носи ВзП споредено со тоа кога овој проект би го спровел Општина Карпош.

## Дефиниција на јавната услуга и обемот на проектот

Јавните услуги ќе се однесуваат на остварување на законските надлежности во однос на модернизација на услугата, реконструкција, уредување, организирање и одржување на јавното осветлување. Финансирање на замената и одржувањето на инфраструктурата/инсталацијата, како и на постоечките светилки, може да се изврши од страна на Општината или од страна на приватен партнер преку ЈПП.

[4] Студија за урбаната дендрофлора во општина Карпош ( 2023)

Извршувањето на јавната услуга е преку потрошената електрична енергија за јавно осветлување на територијата на Општина Карпош и истата е прикажана во табелата подолу.

**Табела 4 Потрошена електрична енергија по месеци во 2021 и 2024 година и остварените заштеди.**

| Месец | KW 2024 | KW 2021 | Заштеда % |
|---|---|---|---|
| **Јануари** | 128.690,01 | 133.975,00 | 4% |
| **Февруари** | 113.200,00 | 211.654,00 | 47% |
| **Март** | 100.385,64 | 204.473,78 | 51% |
| **Април** | 75.985,22 | 178.589,62 | 57% |
| **Мај** | 51.272,21 | 157.894,50 | 68% |
| **Јуни** | 42.716,52 | 139.835,25 | 69% |
| **Јули** | 39.410,25 | 164.393,78 | 76% |
| **Август** | 40.498,21 | 150.055,89 | 73% |
| **Септември** | 35.393,52 | 187.148,40 | 81% |
| **Октомври** | 49.640,00 | 191.769,83 | 74% |
| **Ноември** | 62.987,25 | 195.946,75 | 68% |
| **Декември** | 69.250,35 | 207.398,25 | 67% |
| **ВКУПНО %** | **809.429,18** | **2.123.135,04** | **61,88%** |

Извор: *Секторот за екологија и енергетска ефикасност на ОК*

Резултат на вложувањата во замена на старите улични светилки и воведувањето на софтверско следење и евиденција на реалната потрошувачка на електрична енергија е заштеда од 61,88 % во потрошувачката на електрична енергија во 2024 година во споредба со 2021 година. Анализата на финансиските показатели покажува дека расходите за сметки за улично осветлување се намалени за 31,87% (финансиските заштеди се пониски поради растот на цените на електричната енергија).

Во остварувањето на јавната услуга за јавно осветлување општината Карпош има потреба за вложувања во три насоки:

1. Задржување на остварената заштеда од 61,88 % и нејзино зголемување до 80 % со реконструкција на застарената инфраструктура/инсталација која предизвикува дефекти во преносот и трошењето на електричната енергија; и
2. Подобрување на квалитетот на осветлувањето со отстранување на гранките кои го попречуваат осветлувањето.
3. Подобрување на системот на управување и мониторинг со јавното осветлување во делот на регулирање на потрошувачката на електрична енергија според потребите и временските услови, како и обезбедување на пониски цени за реконструкцијата и одржувањето на јавното осветлување.

### Финансиските показатели

Фискалните показатели за уличното осветлување за периодот 2020-2024 година за Општина Карпош се претставени во следната табела.

**Табела 5 Приходи и расходи за јавно улично осветлување во ОК**

*Општина Карпош*

| Прог. | Опис | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 до м.10 | Вкупно МКД | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | **Приходи од такси за улично осветлување** | **42.729.518** | **47.902.044** | **56.393.292** | **57.833.894** | **48.875.932** | **253.734.680** | |
| **J3** | Расходи за сметки за улично осветлување | 12.582.346 | 10.024.037 | 38.985.670 | 13.493.319 | 9.192.901 | 84.278.273 | 46% |
| **J3** | Одржување на улично осветлување | 2.770.858 | 30.790.295 | 27.000.000 | 7.413.989 | 5.499.252 | 73.474.394 | 40% |
| **JA** | Изградба на ново улично осветлување | 961.667 | 16.753.220 | 3.938.289 | 680.515 | 3.735.498 | 26.069.189 | 14% |
| | **Вкупно Расходи** | **16.314.871** | **57.567.552** | **69.923.959** | **21.587.823** | **18.427.651** | **183.821.856** | **100%** |
| | Разлика Приходи - расходи | 26.414.647 | -9.665.508 | -13.530.667 | 36.246.071 | 30.448.281 | 69.912.824 | |

Извор: Податоци од финансискиот сектор на Општина Карпош.

Расходите за сметки за улично осветлување учествуваат со 46% во вкупните расходи за одржување на јавното осветлување во Општина Карпош.За периодот 2020-2024 година Општина Карпош остварила заштеда од 69.912.824,00 МКД или 27,6% од приходите од такси за уличното осветлување

Од табелата може да се забележи и дека Општина Карпош бележи континуирано зголемување на наплатата на комуналната такса за јавно осветлување од 2020 до 2024 година , а намалување на расходите за сметките за улично осветлување како резултат на замената на ЛЕД светилки и режимот на рееструкции во осветлувањето (светење на секоја 3 -та светилка).

**Оттука, Општината со наменските средства кои ги прибира по основ на комунална такса за јавно осветлување не може да си дозволи:**

1. **Поголем обем на инвестирање за реконструкцијата на застарената инфраструктура и одржување на нивото на заштеди остварени во 2024 година.**
2. **Инвестирање во стручно менаџирање со системот за остварување на поголеми заштеди до 80 % во споредба со 2021 година.**

Очекувањата се дека и понатаму цената на електричната енергија да расте, а и барањата на ЕУ директивите и на граѓаните за заштита на животната средина и за енергетска ефикасна средина ќе се зголемуваат, а ќе се јавува и потреба за автоматизација и контрола на системот заради дополнителна заштеда на електрична енергија и заштеда во трошоците за одржување, па затоа овој проект за реконструкција и модернизација на системот на одржување и оперирање на уличното осветлување во Општина Карпош добива приоритетна улога.

**Просечно, за периодот 2020-2024 година годишно ОК троши за одржување на уличното осветлување околу 14.694.000 МКД. Затоа овој износ треба да биде индикатор за годишниот ЈПП надоместок за одржување и реконструкција на инсталацијата, утврдена како потреба во табела бр.3**

Затоа, моделирањето на ЈПП проектот ќе се одвива со оценка на перформансите на проектот преку:

- Натамошно намалување на трошоците за електрична енергија.
- Натамошно намалување на трошоците за одржување.

- Модернизирање на услугата на јавно осветлување за граѓаните на Општина Карпош.

Пресметките за потребните трошоците во остварување на потребите на Општина Карпош ( види табела 3) презентирани се во табелата подолу..

**Табела 6 Инвестициони трошоци за ЈПП проектот во МКД**

| Р. бр. | Опис на елементи и работа | Единична Мерка | Коли-чина | Единична цена | Вкупно во МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Замена на подземна инсталација**. Копање на ров (0,4x0,8) м, сечење на асфалт или бетон, вадење на бехатон, со повторно редење на бехатонот, поставување на подземен кабел од ППОО-А-4x16мм2 , поставување на заземјителна трака Фе 3Н 25x4мм2, вовлекување на кабелот во пластично гибливо црево ф42мм, поставување на предупредувачка лента / висок напон/ на длабочина од 0,6м, со затрупување, со асфалтирање или бетонирање. | м1 | 10000 | 1.650,00 | **16.500.000,00** |
| 2. | **Замена на воздушна инсалација**. Набавка , одржување и поставување на само носечки кабел ХОО/2x16мм2 на дрвени или бетонски столбови, со сиот потребен материјал за негово прикачување и затегање. | м1 | 10000 | 220,00 | **2.200.000,00** |
| 3. | **Замена и одржување на 5.5м столбови.** Ископ на дупка (0,5x 0,5x 0,5)м за соодветниот столб, поставување на анкер со 4 штрафа М16 со негово бетонирање со бетон марка МБ20, Набавка транспорт и монтажа на двостепен метален столб со Ф125mm, Ф60mm соодветно и еднокрака лира , со висина од 5.5m изработен од безшавен цевкаст профил со следнава опрема: со клеми за довод и одвод, автоматски осигурувач тип C10 A и поврзано со кабел NYM 2x1,5mm2 комплет со сите потребни земјено-градежни работи и сиот потребен врзан, споен, носив материјал, спремно за употреба . | парче | 1230 | 60.000,00 | **73.800.000,00** |
| 4. | **Замена и одржување на 8м столбови**. Ископ на дупка (0,8x 0,8x 0,8)м за соодветниот столб, поставување на анкер со 4 штрафа М20 со негово бетонирање со бетон марка МБ20, Набавка транспорт и монтажа на тростепен метален столб со Ф159мм, Ф125mm, Ф60mm соодветно и еднокрака лира , со висина од 8 m изработен од безшавен цеваст профил со следнава опрема: со клеми за довод и одвод, автоматски осигурувач тип C10 A поврзано со кабел NYM 2x1,5mm2 комплет со сите потребни земјено-градежни | парче | 20 | 80.000,00 | **1.600.000,00** |

| Р. бр. | Опис на елементи и работа | Единична Мерка | Коли-чина | Единична цена | Вкупно во МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| | работи и сиот потребен врзан, споен, носив материјал, спремно за употреба. | | | | |
| 5. | **Замена на дрвени 8м столбови**. Ископ на дупка за дрвениот столб, набавка, транспорт и поставување на дрвениот столб со висина од 8м. | парче | 300 | 18.000,00 | **5.400.000,00** |
| 6. | **Фарбање и означување на метални столбови** (чистење со до основна боја, минизирање со основна боја и фарбање со боја по избор на инвеститорот). | парче | 4500 | 900,00 | **4.050.000,00** |
| 7. | **Означување на дрвени столбови со метална плочка**, фарбана по избор на инвеститорот и означена (бројки и букви) со црна боја. | парче | 1100 | 500,00 | **550.000,00** |
| 8. | **Сечење на гранки и оставање на дрвната маса на неколку места**, насобрани под исечените дрва, зависно од теренот. За сите дрва по сите месни заедници. Се сечат еден пат во годината. Број на дрва 2000 бр. | годишно | 10 | 2.000.000,00 | **20.000.000,00** |
| 9. | **Замена на светилки** **- ТИП 1** : LED интелигентна светилка со LED модули 10W + 25W и комуникатор во NEMA кутија над самиот капак. | број | 430 | 25.000,00 | **10.750.000,00** |
| 10. | **-ТИП 2** : LED интелигентна светилка со LED модули 25W + 50W и комуникатор во NEMA кутија над самиот капак. | број | 20 | 31.000,00 | **620.000,00** |
| 11. | **Трошоци за одржување системот**, сервер и негово хостирање, Одржување комуникација за GSM во ормани, Одржување на елементи во управувачкиот систем, | месечно | 120 | 100.000,00 | **12.000.000,00** |
| | **ВКУПНО** | | | | **147.470.000,00** |

*Напомена*: Во колоната за единична цена, земени се повисоки цени во однос на цените во постојните годишни договори за одржување на јавното осветлување, поради очекуваните промени на пазарните цени ( според трендот на покачувања на цените во последните 10 години) и инфлацијата која се предвидува да биде од 2,8 до 3,4 % годишно..

Дополнително, приватниот партнер ќе ги одржува 600 натриумски светилки во период од 1 година, во која општината Карпош ќе изврши нивна замена со ЛЕД светилки

Први 3 години ќе се реализираат 70 % од предвидените инвестиции, а 70 % се резерви за непредвидени потреби за замена во текот на наредниот 7 период.

Вкупниот износ на ЈПП проектот изнесува 147.470.000,00 МКД со што почетниот месечен ЈПП надоместок би изнесувал 1.228.917,00 МКД/месечно или 14.747.000,00 МКД/годишно кој е приближно ист како просечните годишни трошоци за одржување на јавното осветлување за периодот 2020-2024 година.

Остатокот од вредност на средствата и опремата од амортизацијата не е земена во предвид бидејќи приватниот партнер ја префрла целата опрема на јавниот партнер на крајот на ЈПП договорот, а и приватниот партнер има обврска да на крајот на ЈПП договорот целокупниот систем на јавно и улично осветлување го предаде во исправна и функционална состојба.

**Традиционален модел наспроти ЈПП модел за имплементација на проектот**

За разлика од класичните „набавки“ на инфраструктурни проекти и јавни услуги, ЈПП подразбира дека приватниот сектор може да има различно ниво на учество во одржувањето, работењето и управувањето, изградбата, развојот и финансирањето на инфраструктурата, односно во давањето на јавни услуги. Ова значи дека јавните услуги кои традиционално се вршат од страна на јавниот партнер, за одреден период на време, се пренесуваат и се вршат од страна на приватниот партнер, или пак истиот се вклучува во вршењето на јавните услуги од страна на јавниот партнер, најчесто преку изградба и одржување на инфраструктурни објекти потребни за давање на јавни услуги, или пак во одделни случаи со давање на споредни услуги во функција на јавните услуги, односно преку друг вид на соработка, за одредена добивка или корист, односно надомест кој го плаќа јавниот партнер.

ЈПП ќе и овозможи на Општина Карпош наместо еднократно капитално издвојување за овој проект за јавното улично осветлување, системот да го добие во владение по изминување на определен период од 10 години, од страна на приватниот партнер. Приватниот партнер е тој кој ќе го реализира проектот т.е. ќе ги финансира замените на инсталациите и одржувањето на системот за период од 10 години.

## II. ОПШТИНА КАРПОШ

Општината Карпош е стара скопска општина која што е формирана на 3 ноември 1976 година со Законот за формирање на општини на Град Скопје и за утврдување на нивните подрачја („Службен весник на СРМ“ бр. 8/76).

Општина Карпош се простира во централно-западниот дел на градот Скопје. Граничи со општините Бутел, Чаир, Центар, Кисела Вода, Сарај и Ѓорче Петров. Јужно се простираат северните падини на Водно, каде минува граничната линија со Општина Сопиште, која, пак, заедно со уште една гранична општина, Чучер-Сандево, не е дел од Градот Скопје.

Општина Карпош зафаќа површина од 35 квадратни километри. Општинската граница започнува од ул. „Рузвелтова“ и по должина се протега до крај на бул. „Партизански одреди“, т. е. до Порта Влае (најизразен правец на протегање).

Општината е административно поделена на 14 месни заедници, од кои 1 се урбани: Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае 1, Влае 2, Тафталиџе 1, Тафталиџе 2, Владо Тасевски, Кузман Јосифовски-Питу, Пецо Божиновски-Кочо, Нерези и Злокуќани, а две се рурални – Горно Нерези и Бардовци.

Според последниот Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија од 2021 година (Државен завод за статистика, 2022), во Општина Карпош живеат 63 760 жители. Во неа живее 12,11 % од вкупното население во Скопје, а 3,47 % од вкупното население во државата.

Сообраќајната инфраструктура во Општина Карпош генерално се состои од магистрални улици во надлежност на Градот Скопје (булеварите „Илинден“, „Партизански одреди“, „Митрополит Теодосиј Гологанов“ и „8 Септември“, улиците „Франклин Рузвелт“, „Лондонска“, „Московска“, „Љубљанска“ и др.) како и собирни, станбени и сервисни улици

во надлежност на Општина Карпош. Најголемите проблеми во однос на нарушувањето на квалитетот на воздухот и зголемувањето на бучава емитирани во животната средината од сообраќајот се регистрирани токму на најфреквентните крстосници. Во 2017 година, општината објави документ со список на улици, кој содржи 167 записи за улици во ОК.

## III. ТЕХНИЧКА АНАЛИЗА

Системот на јавно осветлување во Општина Карпош се состои од: столбови, електрична мерна и активирачка опрема (контактори, осигурувачи, кабли), светилки и подземни и надземни водови. Општината во тендерската документација ќе обезбеди локација на столбови за улично осветлување и локација на трафостаници.

### Основни карактеристики на системот на јавно осветлување во Општина Карпош

Јавното осветлување во Општина Карпош ги има следните карактеристики:

- не постои катастар на опремата туку има регистар на опрема,
- немање на реални податоци за должина на подземна мрежа и тип на кабел на целата територија на ОК туку само во урбаниот дел,
- немање на податоци за должина на надземни водови,
- немање на податоци инсталирана опрема и енергетски, телекомуникациски, ТВ кабли на бетонски и дрвени столбови,
- неиспитуван отпор на изолација на целата територија на ОК туку само во урбаниот дел,
- нестабилен напон на одделни места во руралниот дел на ОК,
- појави на постоење на диви приклучоци во руралниот дел од територијата на ОК.
- Комуналната такса за улично осветлување не е доволна за поголемо инвестирање во системот на улично осветлување

Во системот на јавно улично осветлување во Општина Карпош кој е предмет на ЈПП влегуваат:

- 5.039 светилки од кои 4.796 се ЛЕД светилки (36 соларни, 4.173 од 70 W, 587 од 150 W и 243 натриумски светилки);
- 6.150 столбови од кои 4.500 се метални 5,5м и 550 метални 8м и дрвени 8м, и 160 ормари.
- Подземна инсталација во должина од 112.000 м’ и воздушна инсталација во должина од 44.000 м’




**Слика 1 Мапа на системот за улично осветлување -КРО (команден разводен ормар)**




**Слика 2 Различни режими на управување во зависност од потребите на Општината**

Во натамошниот текст ќе дадеме краток технички опис на карактеристиките на вградените ЛЕД светилки:

**LED 35W, Светилката, драјверите, контролерот**

Куќиштетото на светилката да е изработено од алуминиум лиен под висок притисок, обоено електростатски со боја во прав со RAL7035, или друга по избор на инвеститорот. Поклопецот на куќиштето има одговарачка екстрдирана силиконска заптивка која ќе обезбедува висок степен на заштита во делот со предспојните уреди. Куќиштето треба да биде со таква конструкција да овозможува монтажа на LED модули и поставување на 2(два) драјвери (предспојни уреди). Потребно е светилката да има рачно раздвоени конектори за напојување.

LED светилката да има систем за самонивелирање, капакот на горната страна од светилката да се отвара без употреба на алат со што ќе се менуваат драјверите Контролерот треба да има мерач на струја (со точност најмала од 2%) и треба да има функција на отчитување на енергетските параметри на светилката (потрошувачка на електрична енергија на светилката) Светилката треба да има можност за работа во систем за далечинско управување и контрола на јавно осветлување , односно треба да се испорача со интегрирана кутија NEMA кутија по стандард ANSI 136.41, со што се овозможува вградување во систем на далечинско управување со LoRaWAN систем на управување на секоја светилка. Температурата на боја на изворот на светлина да е од 3900K до 4100K со максимално отстапување на температурата на боја до крајот на животниот век не повеќе од 10%. Максимална моќност на светилката да е со првиот модул од 10W и вториот модул од 25W, и нејзина вкупна снага да не е поголема од 35W . Светлосна ефикасност (lm/W) на светилката да не е помала од 165 lm/W. Минимум

работни 60000 саати. Приклучен напон 220-240VAC. Работна температура од -40°C до +50°C. На горниот дел од капакот да биде сместена 7(седум) пинска приклучница, NEMA-стандарт ANSI 136.41, во која ке бидат сместени и елементите за контрола на светилката. (Каталози за LED светилката и за драјверите) Тежината на светилката да е од 3,7-4 кг. Димензиите на светилката да бидат со : L=(550 -600)мм ;W= (290-310)мм; H= (90-110)мм. Контролер преку кој се овозможува комуникација на светилката со софтверска апликација за паметно светло преку која се овозможува мониторинг,контрола и управување на секоја светилка поединечно. Контролерот треба да ги исполнува техничките и функционални барања: NEMA универзален 7 пински приклучок или еквивалентно

- -Напојување за контролерот: 220VAC/12VDC/ 5VDC,
- -Потрошувачка на контролерот 2W,
- -димензиинаконтролерот од ф(66–100)мм,h=(60–79)mm,
- -Контрола на вклучување и исклучување на двата драјвери и тоа: 01(10W), 10(25W), 11(35W), 00(0W), 7( седум)пинската приклучница NEMA кутија по стандард ANSI 136.41, во контролерот да бидат сместени следните елементи:
- -контролерот за светилката со комуникатор на LoRa WAN access point,
- -два релејни елементи 12 VDC/ 10A,
- -напојувањето за самиот контролер со карактеристики 220VAC/12VDC/5VDC / 150mA.
- -Контролерот кога ќе дојде под напон, и ако микропроцесорот добие информација дека нема комуникација со серверот, да премине во најекономичен мод на работа а тоа да е намалата снага на светилката т.е.10W драјвер да е под напон и работи со 10W LED модул.
- -Автоматско поврзување на контролерот со LoRaWAN,
- -Степен на механичка заштита за светилката треба дабиде со минимум IP66 во согласност со IEC60529:1989+A1:1999+A2:2013. Механичката отпорност на светилката треба да биде минимум IK08 во согласност со IEC-EN 62262. Потребни стандарди за светилката, драјверите и контролерот-ENEC сертификатот со извештај за тестирање на механичка заштита на драјверот (IP67) споредстандардот EN61347:2015, EN61347-2:2014, EN 61347-2-13:2014+A1:2017, EN 62348:2006, EN 62348+A1:2009.
- -Сертификат за сообразност ( EAC ) според IEC 61347-2-13:2013, EN 55015:2016, IEC 61547:2013.-CB тест сертификат во сообразност со IEC 61347-1:2015, IEC 61347-2-13:2014, IEC 61347-2 13:2014/AMD1:2016.
- -Согласност со CE или ROHS ознака од производителот на лед светилката според директивата за ограничување на употреба на одредени опасни материи во електрична и електронска опрема (EEE), 2011/65/EU EU ROHS.
- -Сертификат за електро магнетна компатибилност за драјверот (EMC) според директивата 2014/30/EU во согласност со стандардот EN IEC55015:2019+A11:2020, ENIEC6100-3-2:2019,EN6100-3-3:2013+A1:2019 и EN 61547:2009.
- -Сертификатот за низок напон за драјверот (LVD) според директивата 2014/35EU во согласност со стандардот EN 61347-1:2015, EN 61347-2-13:2014+A1:2017.
- –Сертификат за електро магнетна компатибилност за светилката (EMC) според директива 2014/30/EU во согласност со стандардот: EN IEC55015: 2019,
- EN IEC6100-3-2:2019, EN6100-3-3: 2013+A1:2019 и EN 61547:2009 .
- -Сертификат за низок напон за светилката (LVD) според директивата 2014/35 EUво согласност со стандардот EN 60598-1:2015+A1 :2018, EN 60598-2-3:2003+A1:2011, EN 62471:2015 и EN 62493: 2015.

*Гаранција на светилките* 3 (три)години.

**<u>LED 75W Светилката, драјверите, контролерот</u>**

Набавка, испорака и монтажа на интелигентна светилка комплет со контролер, спремна за интеграција во интелигентен систем за контрола и управување со уличното светло. Светилката треба да ги исполнува следните технички и функционални барања:

Куќиштето на светилката да е изработено од алуминиум лиен под висок притисок, обоено електростатски со боја во прав со RAL 7035, или друга по избор на инвеститорот

Поклопецот на куќиштето потребно е да има одговарачка екстрадирана силиконска заптивка кој ќе обезбедува висок степен на заштита во делот со предспојните уреди.

Куќиштето треба да биде со таква конструкција да овозможува монтажа на LED модули и поставување на 2(два) драјвери (предспојни уреди). Потребно е светилката да има рачно раздвоени конектори за напојување.

LED Светилката да има систем за самонивелирање, капакот на горната страна од светилката да се отвара без употреба на алат со што ќе се менуваат драјверите

Контролерот треба да има мерач на струја (со точност најмала од 2%) и треба да има функција на отчитување на енергетските параметри на светилката (потрошувачка на електрична енергија на светилката)

Светилката треба да има можност за работа во систем за далечинско управување и контрола на јавно осветлување односно треба да се испорача со интегрирана кутија NEMA кутија по стандард ANSI 136.41, со што се овозможува вградување во систем на далечинско управување со LoRa WAN систем на управување на секоја светилка.

- Температурата на боја на изворот на светлина да е од 3900К до 4100К со максимално отстапување на температурата на боја до крајот на животниот век не повеќе од 10%
- Максимална моќност на светилката да е со првиот модул од 25W и вториот модул од 50W, и нејзина вкупна снага да не е поголема од 75W.
- Светлосна ефикасност (lm/W) на светилката да не е помала од 165 lm/W.
- Минимум работни 60000 саати.
- Приклучен напон 220-240V AC.
- Работна температура од -40°C до +50 °C.
- На горниот дел од капакот да биде сместена 7( седум ) пинска приклучница, NEMA - стандарт ANSI 136.41, во која ке биде сместени елементите за контрола на светилката.
- Каталози за LED светилката и за драјверите. Светилката е предвидена за поставување на метален конзола која е хоризонтална со ф60мм, а металните столбовите се со висина H = 8m, или на дрвени или бетонски на столбови.
- Тежината на светилката да е (4.0 – 4.2)кг.
- Димензиите на светилката да бидаат со:L=(660 - 670)мм ;W=(290 - 310)мм;H= (90 - 110) мм.
- **Потребни стандарди за светилката, драјверите и контролерот**
- Контролер преку кој се овозможува комуникација на светилката со софтверска апликација за паметно светло преку која се овозможува, мониторинг, контрола и управување на секоја светилка поединечно. Контролерот треба да ги исполнува техничките и функционални барања:
- NEMA универзален 7 пински приклучок или еквивалентно.
- Напојување за контролерот: 220VAC / 12VDC / 5VDC,
- Потрошувачка на контролерот 2W.
- димензии на контролерот од ф(66 – 100)мм, h=(60 – 79)mm
- Контрола на уклучување и исклучување на двата драјвери и тоа: 01(25W), 10(50W), 11(75W), 00(0 W),
- 7( седум ) пинската приклучница NEMA кутија по стандард ANSI 136.41, во контролерот да бидат сместени следните елементи:
- - контролерот за светилката со комуникатор на LoRa WAN access point,
- - два релејни елементи 12 VDC/ 10A,
- - напојувањето за самиот контролер со карактеристики 220VAC/12VDC/5VDC / 150mA.
- Контролерот кога ќе дојде под напон, и ако микропроцесорот добие информација дека нема комуникација со серверот, да премине во најекономичен мод на работа а тоа да е намалата снага на светилката т.е. 25W драјвер да е под напон и работи со 25W LED модул.
- Автоматско поврзување на контролерот со LoRa WAN
- -Механичката отпорност на светилката треба да биде минимум IK08 во согласност со IEC-EN 62262.
- - Степен на механичка заштита за светилката треба да биде со минимум IP66 во согласност со IEC 60529:1989+A1:1999+A2:2013.
- - ENEC сертификатот со извештај за тестирање на механичка заштитана драјверот (IP67 ) според

стандардот EN 61347:2015, EN 61347-2:2014, EN 61347-2-13:2014+A1:2017, EN 62348:2006, EN 62348+A1:2009.

- -Сертификат за сообразност ( EAC ) според IEC 61347-2-13:2013, EN 55015:2016, IEC 61547:2013.
- - CB тест сертификат во сообразност со IEC 61347-1:2015, IEC 61347-2-13:2014, IEC 61347-2-13:2014/AMD1:2016.
- -Согласност со CE или ROHS ознака од производителот на лед светилката според директивата за ограничување на употреба на одредени опсни материи во електрична и електронска опрема (EEE), 2011/65/EU EU ROHS.
- - Сертификат за електромагнетна компатибилност за драјверот (EMC) според директивата 2014/30/EU во согласност со стандардот EN IEC 55015:2019+A11:2020, EN IEC 6100-3-2:2019, EN 6100-3-3:2013+A1:2019 и EN 61547:2009.
- Сертификатот за низок напон за драјверот (LVD) според директивата 2014/35EU во согласност со стандардот EN 61347-1:2015, EN 61347-2-13:2014+A1:2017.
- Сертификат за електромагнетна компатибилност за светилката (EMC) според директива 2014/30/EU во согласност со стандардот: EN IEC 55015: 2019, EN IEC 6100-3-2:2019, EN 6100-3-3: 2013 +A1:2019 и EN 61547:2009 .
- Сертификат за низок напон за светилката (LVD) според директивата 2014/35 EU во согласност со стандардот EN 60598-1:2015+A1 :2018, EN 60598-2-3:2003+A1:2011, EN 62471:2015 и EN 62493: 2015.

*Гаранција на светилките* 3 (три)години.

## Фотометрија, геометрија на осветлување и утврдување на потреба за ЈПП, опфат и модернизација на системот за јавно осветлување

ОК заштедила електрична енергија и финансиски средства со замената на ЛЕД светилките. ОК имаат инсталирано 160 ормарчиња, Заради дополнителна заштеда на електрична енергија потребно е замена на подземната и воздушната инсталација, Исто така потребна е замена на столбовите ( металните и дрвените) , како и одржување на системот.

Секако дека се потребни и тековни активности заз одржување заради:

- Дотраеност и физички оштетувања;
- Чести спoеви при појава на ветер, невреме и обраснатост со дрва;
- Придржување кон ЕУ стандардите;
- Оптеретеност на должина на линии, преголем број на светилки и пад на напон;
- Безбедност на граѓаните и законска процедура.

## Дефинирање на технички барања за модернизација и мерки за развој на системот на јавно осветлување

Од приватниот партнер би се очекувало да иницира намалување на трошоците за одржување и трошоците за електрична енергија .

Од приватниот партнер ќе се очекува и:

- Зголемена ефикасност (намалени трошоци во проектниот животен циклус) бидејќи приватниот партнер ќе биде заинтересиран за смалување на трошоците за време на целиот период на операционализација на проектот. Тоа ќе влијае за поголема конкурентност преку пократок рок на договор со јавниот партнер Општина Карпош.
- Побрза имплементација на проектот: со оглед на тоа што стартување на проектот е обврска на приватниот партнер, приватниот партнер е мотивиран работите да ги изведе во што пократок временски рок за да ги ужива придобивките од ефикасноста на работењето,
- Подобрено управување: со пренесувањето на обврската за давање јавни услуги на приватниот партнер, јавниот партнер се јавува повеќе во улога на регулатор и

се насочува на активности кои се однесуваат на планирање, уредување и контрола, наместо секојдневно давање на јавни услуги.

Овие очекувања всушност се и рамка за определување на критериумите за избор на најповолен приватен партнер за овој проект.

**Перформанси и опис на ЈПП проектот**

Од ЈПП проектот се очекува приватниот партнер целосно да ја финансира:

- Замена на 10000 м" подземна инсталација од сегашните 112000 м' во Општината Карпош;
- Замена на 10000 м" воздушна инсталација од постоечките 44000 м' во Општината;
- Замена и одржување на 5.5м столбови, 1230 од вкупно 4500;
- Замена и одржување на 8м метални столбови, 20 од вкупно 550;
- Замена на дрвени 8м дрвени столбови, 300 од вкупно 1100;

*Финансирањето на петте горенаведени активности ќе се реализира на следниот начин: 70% во рок од три години од денот на склучување на договорот за ЈПП, а останатите 30% во наредните 7 години согласно идентификуваните потреби на јавниот партнер*.

- Бојадисување и означување на сите 4500 метални столбови;
- Означување на сите 110 дрвени столбови со метална плочка фарбана по избор на инвеститорот и означена (бројки и букви) со црна боја;
- Сечење на гранки и оставање на дрвната маса на неколку места, насоберени под исечените дрва, зависно од теренот. За сите дрва по сите месни заедници. Се сечат еден пат во годината околу 2000 дрва годишно;
- Трошоци за одржување систем, сервер и негово хостирање, Одржување на, комуникација за GSM во ормари, Одржување на елементи во управувачкиот систем;
- Замена на светилки и тоа:
  - ТИП 1 : LED интелигентна светилка со LED модули 10W + 25W и комуникатор во NEMA кутија над самиот капак, 430 парчиња
  - ТИП 2 : LED интелигентна светилка со LED модули 25W + 50W и комуникатор во NEMA кутија над самиот капак, 20 парчиња;
  - Одржување на целокупниот систем на јавно осветлување: одржување (поправка) на сијаличните места во функционална состојба и замена на сијалиците во текот на траењето на договорот за ЈПП.
  - Светилките и опремата треба да задоволуваат одредени стандарди.
  - одржувањето на целокупниот систем на јавно осветлување во функционална состојба: одржување (поправка) на сијаличните места во функционална состојба
  - Намалувањето на трошоците за електрична енергија за јавно осветлување,
  - Намалувањето на трошоците за одржување на јавното осветлување и за набавка на сијалици.
  - Општината ќе плаќа на приватниот партнер месечен надоместок (ЈПП надоместок) во висина утврдена во постапката за евалуација на понудите, откако ќе биде потпишан ЈПП договорот, а согласно динамика и во висината утврдена во тендерската постапка и уредена со договорот за ЈПП;

- ЈПП надоместокот ќе се плаќа месечно почнувајќи од крај на календарскиот месец кога договорот за ЈПП ќе биде потпишан; вредноста на годишниот надомест ќе биде предмет на негативна аукција при избор на најповолен приватен партнер,
- Пресметките се дадени понатаму во текстот, а за ВзП во Анексот кон оваа Физибилити студија.

Редоследот на локациите на кои ќе се врши замена на столбовите и инсталациите ќе биде утврден договорно помеѓу општина Карпош и приватниот партнер.

# IV. ПРАВНА АНАЛИЗА

Правните аспекти на проектот се презентирани преку анализа на правната рамка за јавно осветлување како надлежност на единиците на локалната самоуправа, како и со објаснувањето на можниот модел на јавно приватно партнерство што може да се примени во конкретниот проект.

## Правна рамка со која се уредува јавното осветлување

Правната рамка со која се уредува јавното осветлување содржана е во следните законски прописи:

- Закон за локалната самоуправа;
- Закон за комуналните дејности; и
- Закон за комуналните такси

***Закон за локалната самоуправа***

Согласно член 20 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр. 5/2002 и 202/2024), општините, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, имаат право на своето подрачје да ги вршат работите од јавен интерес од локално значење, што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Според член 21 став 1 од овој закон, општините **самостојно**, во рамките на законот, **ги уредуваат и вршат работите** од јавен интерес од локално значење, утврдени со овој или друг закон и се одговорни за нивното вршење. Спектарот на надлежности на единиците на локалната самоуправа е дефиниран со одредбите на член 22 од Законот. Согласно наведениот член, општините, меѓу другото, во рамките на комуналните дејности, се надлежни и за извршување на работите кои се однесуваат на **јавното осветлување** (став 1 точка 4)

Заради извршување на своите надлежности, вклучувајќи ја и надлежноста која се однесува на јавното осветлување, општините, согласно член 24, можат да основаат јавни служби (јавни претпријатија), во согласност со закон. Општината може да го делегира вршењето на работите од јавен интерес од локално значење на други правни или физички лица, врз основа на договор за извршување на работи од јавен интерес (договор за концесија или за друг вид на јавно приватно партнерство), во согласност со закон.

Општината е супсидијарно одговорна за извршувањето на работите од јавен интерес (член 24 став 3).

***Закон за комуналните дејности***

Законот за комуналните дејности ("Сл. Весник на РМ" бр.95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016, 64/2018 и 302/2020 година), согласно член 5, како комунални дејности ги дефинира и дејностите кои се однесуваат на **поставување и одржување на јавното осветлување**, под што се подразбира изградба и одржување на јавното осветлување (член 5 став 1 точка 11).

Согласно членот 6 од Законот условите и начинот на вршење на комуналните дејности се пропишуваат со овој закон и посебните закони со кои се пропишани условите и начинот на вршење на одделни комунални дејности. Комуналните дејности, согласно член 7 од Законот, се вршат врз основа на развојни планови и програми. Развојните планови за вршење на комуналните дејности се донесуваат за период од три години од страна на советот на општината, општините на градот Скопје и градот Скопје.

Комуналните дејности, вклучувајќи го и јавното осветлување, согласно член 9 од Законот, се вршат во согласност со овој и друг закон, како и прописите донесени од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

За вршење на комуналните дејности, општините, односно градот Скопје можат да основаат јавно претпријатие, доколку со посебен закон со кој се уредува одделна комунална дејност поинаку не е уредено.

Доколку општината, односно градот Скопје немаат основано јавно претпријатие, вршењето на комуналните дејности можат да го доверат на правни и физички лица кои поседуваат дозвола за вршење на соодветната дејност, согласно со условите утврдени во посебен закон со кој се уредува одделна комунална дејност

***Закон за комуналните такси***

Согласно член 3 став 1 точка 10 од Законот за комуналните такси ("Сл. Весник на РМ"„ бр.61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/2012, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и бр. 151/2021 година) комунални такси се плаќаат, меѓу другото, и за користење и одржување на јавно осветлување. Под корисник на јавно осветлување се подразбира **секој имател на броило** од категоријата „домаќинство" **и секој имател на броило** од категоријата „останата потрошувачка". Обврзници на комуналните такси се физички и правни лица и граѓанинот кои користат определени права, предмети и услуги за чие користење е пропишано плаќање на комунална такса.

Комуналните такси за користење и одржување на јавното осветлување, во име и за сметка на општините ги наплаќа ЕВН месечно и наплатените средства ги трансферира/уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

За потрошената електрична енергија на име на јавно осветлување ЕВН им доставува сметка на општините. Според тоа, сметката за потрошената електрична енергија на име на јавно осветлување, индиректно, преку општината, ја плаќаат физичките и правните лица преку плаќањето на комунална такса.

Висината на комуналната такса за јавно осветлување ја утврдува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и истата во време на изготвување на оваа Студија изнесува противвредност од 25 КВ/ч по цена на јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

### Идентификација и анализа на сопственичко правните односи поврзани со објектот на јавно приватното партнерство

Општината ќе обезбеди мапа со локации на столбовите во техничката спецификација како составен дел на тендерската документација.

## Анализа на законската рамка за јавно приватно партнерство

### Закон за концесии и јавно-приватно партнерство

Правната рамка за јавно-приватно партнерство содржана е во Законот за концесии и јавно-приватно партнерство  со кој се уредува доделувањето на концесија на добра од општ интерес и **договор за воспоставување на јавно приватно партнерство (ЈПП)**, правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Согласно Законот, сите договори за воспоставување на ЈПП во кои јавните партнери (централната или локалната власт, јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица определени со Законот) доделуваат договори на приватните партнери **мора да бидат доделени** во согласност со начелата на транспарентност, недискриминација, пропорционалност, ефикасност, еднаков третман и меѓусебно признавање.

### Субјекти на ЈПП

Како концеденти можат да се јават Република Македонија, општините и градот Скопје, додека како јавни партнери, покрај Република Македонија, општините и градот Скопје, можат да се јават и

- јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од Република Македонија, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот на друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување  на друштвото;  и
- други правни лица кои согласно закон вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања.

Како приватни партнери можат да се јават домашни или странски физички и правни лица.

### Модели на ЈПП

Законот, зависно од намената на средствата за надоместување од страна на јавниот партнер за обезбедување на јавна работа и/или јавна услуги, како и распределбата на клучните постојни ризици, воспоставува четири основни модели на ЈПП, и тоа:

1. Концесија за јавна работа, или
2. Концесија за јавна услуга, или
3. Договор за јавна набавка на работа, или
4. Договор за јавна набавка на услуга.

### Предлог модел на ЈПП за одржување на јавното осветлување

За реализација на овој ЈПП проект се предлага следниот модел: **Договор за јавна набавка на услуги како модел на ЈПП.**

## Основни обележја на предложениот модел

| Договор за јавна набавка на услуги за одржување на јавното осветлување | |
|---|---|
| **Финансирање** | Од приватниот партнер се очекува целосно да ја финансира реализацијата на ЈПП проектот. |
| **Извршување на работите/услугите** | Извршување на работите/услугите кои се предмет на ЈПП проектот се обврска на приватниот партнер, кој тоа може да го изведе сам или преку трет субјект- подизведувач.<br>Доколку за одредени работи приватниот партнер ангажира трет субјект- подизведувач, тогаш тоа треба да се наведе во Понудата при тендерирањето, и да се прецизира за кои работи истиот ќе биде ангажиран. За подизведувачот солидарно и неограничено ќе одговара концесионерот. |
| **ЈПП надоместок** | Повратот на вложените финансиски средства, при тоа вклучувајќи и калкулирајќи „разумна заработувачка„ приватниот партнер ќе обезбеди преку месечни плаќања од страна на Општина Карпош (ЈПП надоместок) во висина која ќе биде утврдена во тендерската постапка во зависност од најдобрата понуда. |
| **Времетраење на договорот** | Времетраењето на ЈПП проектот се предлага да изнесува 10 години сметајќи од денот склучување на договорот за ЈПП. |
| **Одржување на системот на јавно осветлување** | Обврската за одржување на системот на јавно осветлување во функционална состојба во текот на траењето на договорот за ЈПП е обврска на приватниот партнер. |
| **Трансфер** | По истекот на времетраењето на договорот за ЈПП,владеењето со системот на јавно осветлување, како и правата и обврските кои се однесуваат на одржување на јавното осветлување ги презема јавниот партнер, односно истите се пренесуваат на Општината без надоместок. |

Доделувањето на договори за ЈПП се врши по пат оглас кој се организира и спроведува како:

- Отворен повик;
- Ограничен повик;
- Конкурентен дијалог; и
- Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас.

За реализација на ЈПП проектот се предлага постапката за доделување на договорот да се спроведе како отворен повик.

# V. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА РИЗИЦИ И НИВНА ЕВАЛУАЦИЈА

## Идентификација и евалуација на ризици

Ќе ги земеме во предвид следниве ризици со нивна оценета веројатност и влијание:

### Табела 7Оценети ризици за проектот, нивна оценета веројатност и влијание.

| Ризик | Веројатност* | Влијание/ Интензитет** | Клуч |
|---|---|---|---|
| дизајнирање (тендер и квалитет), | 4 | 3 | 12 |
| оперирање и одржување (квалитет) | 2 | 2 | 4 |
| каматни стапки (макроекономски ризици) | 3 | 3 | 9 |
| отпори од постоечки фирми за одржување на уличното осветлување (мал број на понудувачи) | 2 | 4 | 8 |
| ризик од приватниот партнер (ако стане несолвентен или поради други причини е принуден да се повлече од договорот) | 2 | 2 | 4 |
| ризик по животната средина | 1 | 1 | 1 |

*Множител од 1 до 4.
**Множител од 1 до 4.

Бодовите кои им се доделуваат на ризиците, може да ни помогнат во дефинирањето на видот на ризиците, и тоа:
X: карактеристичен ризик (тоа е ризик кој веќе постои во опкружувањето)
Y: резидуален ризик (тоа е ризик кој останува и понатаму, иако е преземена акција врз него)
Z: целен ризик (степен на ризик кој е прифатлив).

### Табела 8. Бодови на ризик и видови на ризик

| Бодови на ризик | |
|---|---|
| 9 - 16 | висок/карактеристичен ризик |
| 5 - 8 | среден/резидуален ризик |
| 1 - 4 | низок/целен ризик |

### Табела 9. Препорачани дејства, според скалилото на ризик (доделените бодови).

| Веројатност | Клуч | Дејство |
|---|---|---|
| мошне веројатно | 9 -16 | неприфатливо ниво на изложеност на ризикот, кој бара постојан и активен мониторинг како и мерки кои треба да се применат со цел намалување на изложеноста |
| веројатно | 5 - 8 | Прифатливо ниво на изложеност на ризикот и предмет на редовни и активни мониторинг мерки |
| малку веројатно | 3 - 4 | Прифатливо ниво на изложеност на ризик, предмет на редовен пасивен мониторинг |
| мошне малку веројатно | 1 - 2 | Прифатливо ниво на изложеност на ризик, предмет на периодичен пасивен мониторинг |

### Табела 10. Матрица за евалуација на ризиците.

| Множител | Рангирање на ризикот | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Веројатност | мошне високо *мошне веројатно* | 4 | 8 | 12 | 16 |
| 3 | | висока *веројатно* | 3 | 6 | 9 | 12 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | | средна<br>*малку веројатно* | 2 | 4 | 6 | 8 |
| 1 | | ниска<br>*многу малку веројатно* | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | | | ниско<br>*минорно* | средно<br>*значително* | високо<br>*сериозно* | многу високо<br>*мошне сериозно* |
| | | влијание/интензитет | | | | |
| | | Множител | 1 | 2 | 3 | 4 |

## Табела 11. Евалуација на ризици за проектот.

| **Ризик** | **Вид на ризик** | **Препорачани дејства** |
|---|---|---|
| дизајнирање (тендер и квалитет), | Висок | Неприфатливо ниво на изложеност на ризикот, кој бара постојан и активен мониторинг како и мерки кои треба да се применат со цел намалување на изложеноста |
| каматни стапки (макроекономски ризици) | Висок | |
| отпори од постоечки фирми за одржување на уличното осветлување (мал број на понудувачи) | Среден | Прифатливо ниво на изложеност на ризикот и предмет на редовни и активни мониторинг мерки |
| оперирање и одржување (квалитет) | Низок | Прифатливо ниво на изложеност на ризик, предмет на периодичен пасивен мониторинг |
| ризик од приватниот партнер (ако стане несолвентен или поради други причини е принуден да се повлече од договорот) | Низок | |
| ризик по животната средина | Низок | |

## Дистрибуција и моделирање на ризици

На следнава табела се прикажани идентификуваните ризици, нивната дистрибуција на соодветниот партнер кој најефикасно може да ги управува и можните акции за ублажување на нивното влијание.

### Табела 12. Матрица на дистрибуција на ризици

| Опис на последицата од идентификувањето на ризикот | Вид на ризик | Акции за ублажување | Дистрибуција на ризик | Влијание за финансиска анализа |
|---|---|---|---|---|
| дизајнирање (тендер и квалитет),<br><br>Општина Карпош нема искуство во дизајнирање на тендер за вакви ЈПП проекти. Можно е поради низок квалитет на тендерот да се појави слаб интерес на квалитетни и сериозни приватни партнери. | Висок | Да се организира средба со потенцијални приватни партнери како и производители со енергетско ефикасни светилки.<br><br>Да се разгледаат и други ЕЛС искуства од земјата<br><br>Да се ангажираат надворешни експерти – трансакциони советници за ЈПП | Општина Карпош / Приватен партнер | Дополнителни трошоци и доцнења<br><br>Неостварување на партнерството |
| каматни стапки (макроекономски ризици)<br><br>овој ризик е комплетно менаџиран од приватниот партнер | Висок | Подобро планирање на проектот за да се добие поволна каматна стапка | Приватен партнер | Зголемување на трошоците за приватниот партнер |
| отпори од постоечки фирми за одржување на уличното осветлување (мал број на понудувачи) | Среден | Оценка и анализа на постојните договори (Информативни средби со носители на постоечки договори)<br><br>Квалитетна тендерска документација | Општина Карпош | Дополнителни трошоци и доцнења |
| оперирање и одржување (квалитет)<br><br>во договорот за ЈПП треба да е прецизно дефиниран квалитетот за осветлување, одржување и оперирање. | Низок | Точна спецификација на барањата во договорот<br><br>План и чек листи за надзор, мониторинг и евалуација | Приватен партнер | Дополнителни трошоци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Инволвирање на експерти и производители на енергетско ефикасни светилки<br><br>Можност да се замени приватниот партнер со друго правно лице | | |
| ризик од приватниот партнер (ако стане несолвентен или поради други причини е принуден да се повлече од договорот) | Низок | Преткв алификација<br><br>Квалитетен договор | Општина Карпош /Приватен партнер | Дополнителни трошоци и доцнења |
| ризик по животната средина | Низок | Изработка на Проценка на влијание по животната средина | Приватен партнер | Дополнителни трошоци и доцнења |

# VI. ЕКОНОМСКО ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА

Финансиско економската анализа се базира на трошоците и користите/бенефитите за дефинираниот период зависно од сценаријата кои се изразени во парични единици-МКД. Корисник во овој контекст е Општина Карпош која е одговорна за давање на јавни услуги кон граѓаните.

Финансиската анализа на проектот вклучува анализа на директните трошоци и користи/бенефити.

Економската анализа на проектот ги вклучува и индиректните трошоци и користности.

**Табела 13.Економски претпоставки кои се користени во трошоци- бенефит анализата.**

| Претпоставки | Вредност |
|---|---|
| Животен циклус на проектот (апроксимативна оценка) | 10 години |
| Дисконтна стапка-ДС[5] | 5% |

Интерна стапка на рентабилност-ИСР и Нето сегашна вредност-НСВ е користена за пресметка на исплатливоста на ЈПП проектот за Општината. За нивна пресметка се користени сите планирани инвестициони трошоци и заштедите за Општината, а кои се поврзани за проектот.

Претпоставен животен век на проектот е 10 години. Една година (2025 година) е предвидена за тендерската постапка, преговорите со приватниот партнер и за потпишување на договорот. За извршување на градежните работи и инвестициите се предвидени три години ( 2025,2026,2027 година), а користите се предвидува да започнат почетокот на 2026 година.

Во анализата нема да направиме соодветни корекции за екстерналиите и за ризиците бидејќи е тешко да се квантифицираат.

## Анализа на исплатливост

Годишните заштеди на Општината се дефинирани како:

- Заштеда од електрична енергија од замена на инсталацијата и столбовите. Општината во периодот 2020-2024 година плаќала просечно годишно 16.855.655,00 МКД. Со реконструкцијата се очекува дека ќе плаќа околу 9.000.000,00 МКД што е очекувана заштеда од околу 7.855.655,00 МКД (нормално, откако сите инвестиции ќе бидат завршени). Заштедите во електрична енергија се на јавниот партнер во времетраење на ЈПП договорот.
- Се очекува и дополнителна заштеда на електрична енергија поради подобреното управување на уличното осветлување. Овие заштеди според експертските оценки за инвестициските трошоци се движат во износ околу 9.897.879,00 МКД
- Ослободување на фискален простор за ОК бидејќи капиталната инвестиција ќе биде финансирана од приватниот партнер т.е. трошоците за камати се на приватниот партнер.
- Трошоците за програмата за улично осветлување ќе бидат значително намалени и пониски од комуналната такса за улично осветлување.

Заштедите од реконструкцијата на инфраструктурата/инсталацијата и одржувањето се претставени на наредната табела.

[5] Дисконтната стапка се зема 5% како за слични проекти од Светска Банка МСИП програма со која се финансирани слични проекти во Македонија.

### Табела 14 Очекувани трошоци за улично осветлување и планирана заштеда со ЈПП

| Опис | Вкупно 2020-2024 година | Просечни трошоци за периодот 2020-2024 | Очекувани т-ци со ЈПП | Планирана заштеда | % на заштеда со ЈПП |
|---|---|---|---|---|---|
| **Расходи за сметки за улично осветлување** | 84.278.273 | 16.855.655 | 9.000.000 | 7.855.655 | 47% |
| **Одржување на улично осветлување** | 73.474.394 | 14.694.879 | 4.797.000 | 9.897.879 | 67% |
| | 157.752.667 | 31.550.533 | 13.797.000 | 17.753.534 | 56% |

Врз основа на планираните заштеди од реконструкцијата инфраструктурата/инсталацијата и одржувањето пресмеани се индикаорите за исплатливост на инвестицијата.

### Табела 15. Индикатори за исплатливост на замена на инсталација и столбови за 10 години

| Години | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Инвестиција** | 34.409.667 | 34.409.667 | 34.409.667 | 6.320.143 | 6.320.143 | 6.320.143 | 6.320.143 | 6.320.143 | 6.320.143 | 6.320.143 |
| **Заштеда на осветлување и одржување** | 17.753.534 | 17.753.534 | 17.753.534 | 17.753.534 | 17.753.534 | 17.753.534 | 17.753.534 | 17.753.534 | 17.753.534 | 17.753.534 |
| **Нето** | (16.656.133) | (16.656.133) | (16.656.133) | 11.433.391 | 11.433.391 | 11.433.391 | 11.433.391 | 11.433.391 | 11.433.391 | 11.433.391 |
| **Поврат во години** | 8 | | | | | | | | | |
| **Дисконтна Стапка** | 5% | | | | | | | | | |
| **НСВ** | 11.790.875 | | | | | | | | | |
| **ИСР** | 10,23% | | | | | | | | | |

Од табелата се гледа дека проектот е исплатлив бидејќи при дефинираната вкупна инвестиција проектот е исплатлив за дефинираните заштеди за Општината (ИСР е 10,23 % и е повисока од минималната стапка за ваков вид на инвестиции од 8 %, како тоа дека има позитивна НСВ). Заштедите се од електрична енергија и од заштедите на трошоците за одржување на уличното осветлување.

Треба да се има во предвид дека е можно некои потенцијални приватни партнери кои се производители на кабли и столбови да се јават во улога на приватен партнер за овој проект при што ќе учествуваат во проектот со удел, а не со кредитирање за набавка на инсталација и столбови, а што значи дека проектот за таквите потенцијални партнери ќе биде високо исплатлив. Затоа јавниот партнер треба на пресметките за исплатливост во оваа студија да гледа индикативно.

Студијата само укажува дека и при најконзервативните претпоставки проектот е исплатлив за Општина Карпош да влезе во ЈПП, а и дека е атрактивен за потенцијалните приватни партнери при разни сценарија.

За капиталните инвестиции е претпоставен кредит со 6 % каматна стапка и отплата на 10 години.

Пресметките за претпоставените трошоци и заштеди ги даваат следните резултати:

- ФИСР – 10,23%
- Години на ЈПП - 10
- ЈПП надомест – 14.747.000,00 МКД

- Заштеда на расходи за електрична енергија – 47%
- Заштеда на одржување на уличното осветлување – 67%
- Инвестиција – 147.470.000,00 МКД

Пресметани се граничните вредности за годините на времетраење на ЈПП проектот и ЈПП надоместокот кој ОК би го плаќал на приватниот партнер за проектот да е исплатлив. ЈПП надоместокот кој ОК би го плаќал на приватниот партнер е земен во висина на просечните трошоци кои ОК веќе ги плаќа годишно за периодот 2020-2024 година до операторите за двата реони во висина од 14.747.00,00 МКД годишно, а кој е истиот доколку вкупната инвестиција се подели на 10 години. При таа висина на ЈПП надомест кој ОК треба да го плаќа до приватниот партнер, годините за времетраење на ЈПП договорот е 10 години.

Заштедата за електрична енергија е оценета на истиот начин според просечните годишни трошоци на ОК во периодот 2020-2024 година за сметки за електрична енергија за јавното осветлување и одржувањето на јавното осветлување.

Оттука, ОК може да ги примени следниот критериуми за избор на најповолен приватен партнер:

- Најниска цена/износ на име на ЈПП надомесокот што ќе го плаќа јавниот партнер/Општина Карпош што ќе се добие по спроведена негативна аукција при почетна цена/износ од 14.747.000,00 МКД/годишно (годишниот износ потребен за инвестициите) или 1.28.917,00 МКД/месечно.

По истекот на договорот за ЈПП целокупниот систем на јавно осветлување и одржувањето на истиот се предава на јавниот партнер/Општината. Пред истекот на ЈПП договорот целокупниот систем на јавно и улично осветлување треба да биде во исправна и функционална состојба. На овој начин ќе се обезбеди Општината и по истекот на договорот да ги користи обезбедените заштеди за уличното осветлување.

## VII. КОМПАРАТОР НА ЈАВЕН СЕКТОР-КЈС И ОЦЕНКА НА ВРЕДНОСТ ЗА ПАРИ-ВзП

Со ЈПП и инволвирањето на приватниот партнер преку мотивацијата за профит се очекува зголемување на ефективноста од проектот како и поголема свесност за пазарот. Секако дека, имајќи ги во предвид сите ризици за кои зборувавме досега, приватниот партнер ќе направи се за да го заштити својот капитал и да го употреби ефективно со соодветен принос.

За да може да се оцени таа очекувана предност од страна на приватниот партнер треба објективно да се спореди со ситуацијата доколку тие средства се управувани од страна на Општината и на тој начин да се види дали има соодветна вредност-за-пари – ВзП.

Во таа оценка помага компараторот за јавен сектор-КЈС кој врши оценка на трошоците (за капитал, оперирање и одржување и режија) прилагодени за соодветни ризици доколку средствата се управувани од јавниот сектор.

КЈС треба:

- Да е прикажан како НСВ на трошоци согласно усвоената дисконтна стапка,
- Треба да се базира на слични проекти, доколку е тоа можно,
- Неутрален во смисла на финансиска предност поради сопственост на средството од страна на било кој партнер,

- Колку што е можно пореално да се оценат вредноста на материјалите и ризиците (доколку е можно).

## Оценка на вредност за пари – ВзП

### Пресметка на основен КЈС

Основен КЈС е пресметан од анализата дадена како анекс на студијата.

**Табела 16 Трошоци за Општина Карпош доколку сама го спроведе проектот или го спроведе проектот преку договор за ЈПП за услуга.**

| Доколку Општина Карпош го спроведе проектот | Доколку Општина Карпош договори ЈПП за услуга |
|---|---|
| • Инвестирање во инфраструктура и светилки, (евентуално во управување и контрола)<br>• Плати<br>• Одржување<br>• Осигурување<br>• Гориво за возила<br>• Финансиски трошоци/камати | • ЈПП надомест плаќа ОК<br>• ОК ја користи заштедата од електрична енергија<br>• ОК ги намалува трошоците за одржување под висината на просечните годишни трошоци за изминатите 5 години<br>• ОК ослободува фискален простор за користење на вишокот на средства за други сопствени намени |

**Табела 17. Пресметка на вредност за пари – ВзП[6] при замена на инфраструктурата и одржување на уличното осветлување.**

| | Пресметка | Вредност МКД |
|---|---|---|
| А | Основен КЈС | 164.844.204 ,00 |
| Б | КЈС прилагоден за ризици | 164.844.204 ,00 |
| | | |
| В | ЈПП | 113.872.425,00 |
| | | |
| **Г** | **Вредност за пари = Б - В** | **50.971.779 ,00** |

Од пресметките произлегува дека ЈПП дава добра вредност за парите за овој проект затоа се препорачува за ЈПП.

**Овде сакаме да укажеме дека максималниот ЈПП надомест кој Општината треба да го плаќа изнесува отприлика колку и просечните годишни трошоци за периодот 2020-2024 година за одржување од околу 14.747.00,00 МКД т.е. околу 239.788 евра годишно или 1.228.917,00 МКД месечно (19.982 евра месечно)**
**Оттука критериум за избор на најповолен приватен партнер може да биде ЈПП надоместокот кој ќе го бара приватниот партнер. Почетната вредност за наддавање ќе биде максимален годишен ЈПП надомест од 14.747.00,00 МКД, а најповолен ќе**

[6] Види анекс за пресметките.

**биде оној приватен партнер кој ќе понуди најниска вредност за годишен ЈПП надомест за ЈПП договор од 10 години.**

Важно е да се напомене дека со овој проект се очекува не само поквалитетна услуга за јавно осветлување туку и енергетска ефикасност како и префрлање на ризикот за одржување на мрежата кон приватниот партнер.

## VIII. ПРЕПОРАКИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Согласно Законот за концесии и јавно-приватно партнерство ("Сл. Весник на РМ" бр. 6/2012, 144/2014, 33/2015, 104/2015 и бр.215/2015 година) во член 16 за работи за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство се бара како подготвителни работи за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство да се подготви покрај изработка на Физибилити студија за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство да се изработи и **Проценка на влијанието врз животната средина** на концесијата на добра од општ интерес или на јавно приватното партнерство.

За да се заштити животната средина веќе споменавме дека Општина Карпош има изработено **ЛЕАП и Програма за ЕЕ** каде ревитализација и модернизација на уличното осветлување е детектирано од граѓаните. Стратешкиот план за развој на Општина Карпош ја дефинира инфраструктурата и животната средина како една од стратешките области како и ЈПП како финансиски инструмент за остварување на целите на тој стратешки план.

## IX. ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Општината Карпош во случај да го имплементира предложениот ЈПП проект ќе оствари заштеда во трошоците за реконструкција и одржување на јавното освтелување, како и на трошоците за електрична енергија. Плаќањето на ЈПП надоместокот како приход за приватниот партнер ќе значат поврат на вложените средства за реконструкција и модернизација на јавното осветлување и за одржување на истото, како и „разумна заработувачка" која ЈПП проектот го прави исплатлив и за приватниот партнер**.**

### Анализа на законитоста и изводливоста на доделувањето на договорот за јавно приватно партнерство

Од претходно цитираните одредби на Законот за локалната самоуправа и Законот за комуналните дејности, **не е спорно дека Општина Карпош** може јавното осветлување да го организира на начин што ќе додели договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, според моделот: **Договор за јавна набавка на работи и услуги.**

**Предлог одлука за отпочнување на постапка за јавно приватно партнерство**

Предлог одлуката за отпочнување на постапка за ЈПП е дадена во прилог на оваа студија

**Препорака за критериумите за селекција на понудувачите**

Понудувачите/потенцијалните приватни партнери, покрај документација за докажување на личната состојба и способноста за вршење на професионална дејност, предлагаме да исполнат и услови за докажување на економската и финансиска состојба ( на пр. дека во последните 3 години (2022,2023 и 2024 година) остварил **добивка**, односно во последните 3 години да имаат вкупен **годишен промет** од не помалку од 2.000.000 евра) како и за техничката или професионална способност ( на пр. понудувачите .да имаат реализирано најмалку 1 договор за ЈПП за јавно осветлување или сличен договор чиј предмет е јавното осветлување).

Потребните критериуми за економската и финасиска состојба на понудувачите, како и техничката или професионалната способност ќе бидат прикажани во тендерската документација за доделување на ЈПП договорот.

## Евалуација на понудите

Евалуација на понудите се врши од страна на Комисија за спроведување на постапката, формирана од страна на градоначалникот на Општина Карпош, врз основа на претходно објавени критериуми во огласот. За извршената евалуација, Комисијата составува писмен извештај врз основа на кој до Советот на Општина Карпош доставува предлог за избор на најповолна понуда, односно за избор на концесионер, или пак за поништување на постапката.

Предлагаме како критериум за евалуација и избор на најповолна понуда да се вметне следниот критериум:

**Висина на надоместот кој општината ќе му го плаќа на приватниот партнер**

ЈПП надоместокот се искажувана на годишно ниво, а ќе се плаќа до одреден датум од тековниот месец ( на пр. до 5 од тековниот месец за претходниот месец).

Износот на надоместокот се утврдува со негативната аукција, при што износот од 14.747.000,00 МКД/годишно или 1.28.917,00 МКД/месечно ќе биде почетен износ за негативната аукција.

## Времетраење на ЈПП периодот

Се предлага времетраењето на ЈПП периодот да изнесува 10 години.

## Препораки за тендерската документација

Во Тендерската документација ќе треба да бидат опфатени особено следните прашања:

- Предмет на ЈПП,
- Вид на постапка за доделување на договорот за воспоставување на ЈПП;
- Право на учество на тендерот;
- Проценета вредност на ЈПП проектот изнесува 147.470.000,00 МКД;
- Критериуми за утврдување на способност на понудувачите;
- Критериуми за доделување на договорот за ЈПП;
- Појаснување на тендерската документација;
- Начин на подготовка и поднесување на понудите;
- Видови на гаранции;
- Начин на поднесување на понудите;
- Јавно отворање на понудите;
- Правна заштита; и

- Склучување на договорот за ЈПП.

При распишување на тендерот треба да се има во предвиди дека светилките треба да имаат минимум 168 lm/W и да бидат сертифицирани според директивите на ЕУ, а деталните спецификациите за инсталациите и столбовите ќе бидат дадени во тендерската докумнетација.

**Препораки за нацрт- модел договорот:**

Во Нацрт Договорот, особено ќе треба да бидат уредени следните прашања:

- Предметот на договорот;
- Цел и предмет на ЈПП;
- Период на договорот за ЈПП;
- Начинот на реализација на ЈПП (меѓусебните права и обврски на договорните страни);
- Финансирање и реализација на предметот на ЈПП;
- Начин на вршење на ЈПП дејноста;
- Видови на гаранции и осигурувања;
- Начин, услови и постапка за раскинување на Договорот
- Виша сила;
- Решавање на спорови; и
- Влегување во сила на договорот за ЈПП

## X. ИНДИКАТИВЕН ПЛАН НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Планот на имплементација го сочинуваат три фази

***Подготвителна фаза***

1. Предлог одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на ЈПП кое се остварува како договор за јавна набавка на работи и услуги.

***Прва фаза***

2. Одлука на Советот на Општина Карпош за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на ЈПП;
3. Објавување на одлуката во Службен гласник на Општина Карпош;
4. Формирање Комисија за спроведување на постапката за доделување на договорот за воспоставување на ЈПП од страна на градоначалникот;
5. Објавување на оглас за доделување на договорот за ЈПП по пат на отворена постапка преку ЕСЈН на Бирото за јавни набавки;
6. Спроведување на тендерската постапка од страна на Комисијата од точка 4;
7. Селекција на понудувачите и евалуација на понудите;
8. Извештај за евалуација изготвен од Комисијата од точка 4 со предлог одлука за избор на најповолна понудува, или поништување на постапката.

***Втора фаза***

9. Одлука на Советот на Општина Карпош за **избор на најповолна понуда или поништување на постапката**;
10. Потпишување на Договорот за ЈПП од страна на Градоначалникот на Општина Карпош во случај ако Советот на Општина Карпош донесе одлука за избор на најповолна понуда;

***Трета фаза***

11. Менаџирање на Договорот за ЈПП (надзор над спроведувањето на Договорот од страна на општината)
12. Трансфер/пренос на предметот на Договорот за ЈПП од приватниот на јавниот партнер кој продолжува да го менаџира јавното осветлување.

### *Табела 18. Оценка на ВзП (вредност за пари) од ова ЈПП*

**А1. ОПШТИНАТА САМА ГО ГРАДИ ПРОЕКТОТ**

| **Години** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инвестиции за изградба | 23.216.667 | 23.216.667 | 23.216.667 | 4.264.286 | 4.264.286 | 4.264.286 | 4.264.286 | 4.264.286 | 4.264.286 | 4.264.286 |
| Трошоци за одржување, работење и режија | 7.500.000 | 7.500.000 | 7.500.000 | 7.500.000 | 7.500.000 | 7.500.000 | 7.500.000 | 7.500.000 | 7.500.000 | 7.500.000 |
| Финансиски трошоци (камата) | 3.660.000 | 3.382.323 | 3.087.986 | 2.775.988 | 2.445.271 | 2.094.710 | 1.723.116 | 1.329.227 | 911.704 | 469.129 |
| Финансиски трошоци - главница | 4.627.945 | 4.905.622 | 5.199.960 | 5.511.957 | 5.842.675 | 6.193.235 | 6.564.829 | 6.958.719 | 7.376.242 | 7.818.816 |
| **Вкупни трошоци** | 39.004.612 | 34.098.990 | 33.804.653 | 14.540.274 | 14.209.557 | 13.858.996 | 13.487.402 | 13.093.512 | 12.675.989 | 12.233.415 |
| **НСВ трошоци** | **164.844.204** | | | | | | | | | |

**А2. ВАРИЈАНТА СО ЈПП**

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инвестиции за изградба | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трошоци за одржување, работење и режија | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 |
| Финансиски трошоци (камата) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ЈПП надомест | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупни трошоци со ЈПП надомест варијанта** | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 | 14.747.000 |
| **НСВ трошоци** | **113.872.425** | | | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| **ВзП помеѓу А1 и А2** | **50.971.779** |

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), одредбите од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21) како и врз основа на Барањето бр.54-413/1 од 15.01.2025 година доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“' Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ОДЛУКА

**за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ – Општина Карпош ,Скопје и тоа:

- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ – Скопје и до Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош", а ќе се применува од 2025 година.

Број 09-312/10
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/8
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), одредбите од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21) како и врз основа на Барањето бр.09-274/1 од 13.01.2025 година доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“’ Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ОДЛУКА

**за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош -Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ – Општина Карпош ,Скопје и тоа:

- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ – Скопје и до Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 2025 година.

Број 09-312/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Датум 23.01.2025 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Бранко Ристов , с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/9
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), одредбите од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21) и , како и врз основа на Барањето бр.09-329/1 од 14.01.2025 година доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“‘ Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

## ОДЛУКА

**за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош -Скопје**

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ – Општина Карпош ,Скопје и тоа:

- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок
-

### Член 2

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ – Скопје и до Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 2025 година.

Број 09-312/12
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/10
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), одредбите од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21) и , како и врз основа на Барањето бр.54-353/1 од 15.01.2025 година доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“’ Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ОДЛУКА

**за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош -Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош ,Скопје и тоа:

- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Скопје и до Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 2025 година.

**Број 09-312/13**
**Датум 23.01.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Одлука за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош за 2025 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/11
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Со засадувањето на дрвјата и украсните растенија, одржувањето на зелените површини и косењето на блоковското зеленило, Општината Карпош влијаеше на зголемување на апсорпцијата на штетните материи од воздухот, како и на намалување на PM 10 и PM 2,5 честичките.

## 1.3. УРБАНА ОПРЕМА

### Одржување на урбаната опрема и одржување на детските и спортските игралишта

Како и секогаш, големо внимание беше посветено и на санирањето и заменувањето на веќе постоечката урбана опрема, како и на другите браварско-занаетчиски работи, па така извршени се следниве активности:

- Замена на кадрони на клупи за седење,
- Бојадисување на клупи за седење,
- Замена на кадрони од егзотично дрво – банкерај,
- Санирање на корпи за отпадоци,

- Замена/поставување на метални или пластични столбчиња,
- Замена/поставување на се полукружни огради и огради со имитација на ковано железо,
- Замена на метални решетки за одлив,
- Замена на решетки за прозорци и друго.

Големо внимание беше посветено и на санирањето на веќе постоечките детски и спортски игралишта, па така превземени се следниве активности:

- Санација или замена на тобогани,
- Замена на оштетени седла на нишалки (дрвени и пластични),
- Замена на поцинкуван ланец за нишалки,
- Замена на седишта на клацкалки,
- Замена на конструкции за клацкалки (метални),
- Замена на кадрони од тиково дрво на клупи во детски и спортски игралишта,
- Бојадисување на клупи во детски и спортски игралишта,
- Замена на оштетена ограда од бигована мрежа на детски и спортски игралишта,
- Бојадисување на ограда на детски и спортски игралишта,
- Санација на кошаркарски конструкции,
- Замена на водоотпорни дрвени табли за кошарка,
- Замена на ПВЦ табли за кошарка,
- Замена на обрачи со мрежичка за кошарка,
- Поставување на песок за детски игралишта,
- Замена на висока ограда од унивезално пластифицирано плетиво за детски и спортски игралишта и друго.

Активности кои треба да се споменат во овој извештај, а се однесуваат на детските и спортските игралишта, се и **реконструкцијата на спортското игралиште “Сокол” во дворот на ООУ Х. Т. Карпош** (замена на плексигласот на покриените клупи за играчи, промена на дотраени рефлектори, санација на метални огради и мрежи, санација и бојадисување на дрвени даски за седење на трибините, замена на дрвената ниска ограда околу теренот – мантинелата, поставување на нови корпи за отпадоци и друго.

Се продолжи и со **реконструкција преку замена на дотраените реквизити со реквизити со метална конструкција,** а таква реконструкција беше извршена на повеќе детски игралишта.

Со замената на реквизитите на гореспоменатите детски игралишта се подобри безбедноста и сигурноста на децата од причина што старите дрвени конструкции беа дотраени и небезбедни, а исто така се намалува можноста за вандализирање на игралиштата со што финансискиот ефект на среден и долг рок ќе биде позитивен за Општината Карпош.

Реализирани средства: 6.295.181,00 денари

### Одржување на фонтаните

Извршени се и неколку интервенции и прилагодувања на режимот на работа, како и редовно одржување, замена на дотраените или вандализирани делови и чистење на **фонтаните на плоштадот Делфина во Влае, на плоштадот спроти СД Гоце Делчев (УЗ П. Б. Кочо), на платото во Карпош 3 и на плоштадот во Бардовци**. Исто така, вршено е и одржување на чешмичките за пиење вода кои се во надлежност на Општината Карпош (вкупно 11).

Реализирани средства: 1.999.966,00 денари

### Поставување на нови клупи и корпи

Во 2024 година беа набавени и поставени **44 парковски клупи за седење и набавени 25, а поставени 138 корпи за отпадоци** (113 корпи беа од јавната набавка од 2023 година), главно на барање на граѓаните, по сугестија на претставниците на урбаните заедници, како и по направен увид на вработените задолжени за урбаната опрема во Општина Карпош. Поставувањето на преостанатите 3 корпи за отпадоци ќе заврши најдоцна во февруари 2025 година.

Парковските клупи се со стандарден урбан изглед, составени од метална конструкција и дрвени кадрони за седење и потпирање, а корпите за отпадоци се изработени од висококвалитетен ПВЦ, кој е поотпорен на атмосферските влијанија и е изведен на тој начин да не може да биде злоупотребен за поставување на отпад од домаќинствата, односно во него може да се одложи само џебен отпад, што е и намената на овие корпи за отпадоци.

Реализирани средства: 800.000,00 денари
(650.000,00 денари за клупи и 150.000,00 денари за корпи)

## 1.4. ИЗРАБОТКА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕАП-ОТ

А) ***Изработка на ЛЕАП3 за периодот 2025-2030 година***

Оперативни завршени планирани фази за ЛЕАП 3:

- Изработка и спроведување на Анкетен прашалник;
- Од анкетниот прашалник констатирани и усвоени се 21 проблеми:

**Одредување на приоритетни проблеми според мислење на граѓаните**

| | |
|---|---|
| 1 | Почести контроли и поголеми казни за загадувачите |
| 2 | Отстранување на стари хаварисани возила и приколки кои ја загадуваат околината и зафаќаат паркинг простор |
| 3 | Недоволен број на корпи за отпадоци на јавна површина |
| 4 | Проблем со недоволно паркинг места |
| 5 | Намаленото осветлување во општината (во еден период од годината) |
| 6 | Загадување на воздухот од несоодветни суровини за греење |
| 7 | Недоволен број на паркови и детски игралишта |
| 8 | Потреба од изградба на енергетски ефикасни фасади на старите згради и поправка на покривите |
| 9 | Обновување на постоечкото зеленилото |
| 10 | Голем број на бездомни кучиња |
| 11 | Недостаток на велосипедски и пешачки патеки |
| 12 | Создавање на диви депонии кои се палат |
| 13 | Штетно дејство на бучава од угостителски објекти |
| 14 | Потреба од почесто чистење на улици и тротоари |
| 15 | Старите дрвја да се заменат со нови |
| 16 | Недостаток на подземни контејнери за ѓубре |
| 17 | Палење на отпад (кабли, гуми, пластика и др.) |
| 18 | Потреба од селекција на отпадот |
| 19 | Недостаток на хортикултурно уредување на зелените површини |
| 20 | Недоволно одржување и наводнување на зелените површини |
| 21 | Технички загуби на вода, диви приклучоци и нерационално користење на водата за технолошки процеси, наводнување и полевање на зелени површини со питка вода |

- Определување на кординатори и членови на работни групи од вработени лица во администрацијата и членови на советот при општина Карпош;
- Составување на соработничка листа од надворешни стручни лица и заинтересирани лица;
- Подготовка на работна верзија на ЛЕАП 3 за периодот 2025-2030 година.

Активности што следат:

- Дизајнерска доработка на слики и формат на текст и лингвистичка корекција на текстот.
- Усвојување на ЛЕАП 3 од страна на Советот на Општина Карпош;

- Формирање на Комисија за спроведување на ЛЕАП 3;
- Изработка на Краток едногодишен акционен план за активности и мерки во спроведување на ЛЕАП 3 за 2025 година и негово усвојување од страна на Советот на Општина Карпош;
- Реализација на активностите и мерките од Акциониот план за 2025 година.

Б) ***Реализација на проектите и активностите од краткиот едногодишен Акционен план за 2024 година***

Б.1. Поставување на систем со фотоволтаици на кровот на основното училиште “Вера Циривири - Трена”, УЗ Карпош 2

Секторот за екологија и енергетска ефикасност изврши поставување на фотоволтаичен систем со капацитет од 40 kW на кровот на ООУ “Вера Циривири - Трена“ во населбата Карпош 2. Во случајот на ова училиште инсталирана е поголема моќност во споредба со досегашните системи монтирани во другите училишта од причина што поради геотермалните пумпи беа забележани поголеми трошоци во месеците кога училиштето се грее. На овој начин ќе се добие пристојна заштеда на електрична енергија.

Реализирани средства: 1.265.000,00 денари

Б.2. Подигање на жива ограда (зелен ѕид) и изградба на централен тревник со поставување на систем за полевање во дворот на ООУ “Јан Амос Коменски”, УЗ Тафталице 1

По барање на ООУ Јан Амос Коменски, а поради намалување на аерозгадувањето од улиците со кои се граничи училиштето, како и поради намалување на нивото на бучава и неовластеното прескокнување на училишната ограда, беше објавена постапка за склучување на договор за поставување на “зелен ѕид” во дворот на споменатото училиште.

Од направениот увид на лице место беше констатирано дека потребна е и целосна реконструкција на централниот тревник во дворот, како и поставување на систем за полевање на тревникот и систем капка-по-капка за живата ограда.

Договорот со изведувачот е потпишан, а деновиве ќе се започне со реализација на предвидените активности, со исклучок на фрлање тревно семе, кое, поради временските услови, ќе се обави на почетокот на пролетта.

Реализирани средства: 599.156,00 денари
(исплата по завршување на работите)

Б.3.

Набавка на дрон и лаптоп компјутер за мониторинг на аерозагадувањето на територија на Општина Карпош

Честата појава на палење на огнови и одлагањето на отпад на јавна површина најчесто завршува со епилогот "непознат сторител". Во контекст на тоа, потребна е паметна контрола и мониторинг на повисоко ниво. Потребата од континуиран навремен мониторинг во животната средина на локално ниво е неопходен да се спороведе со цел да се овозможи детекција, контрола, спречување на негативни дејства и идентификација на можните сторители. Мониторингот, исто така, претставува и активна мерка во повеќе области на ЛЕАП2 на општина Карпош.

Проценка е дека нивото на мониторинг во животната средина ќе се подобри со набавка на специјализирано воздушно летало (дрон) со видео надзор (камера). Дронот треба да овозможи брз, лесен и прецизен мониторинг на животната средина на потребна локација.

Јавната набавка е во тек, а истата се спроведува по втор пат, откако на првата објава не се пријави заинтересиран економски оператор. На втората објава се пријавија две заинтересирани фирми.

Предвидени средства: 120.000,00 денари
(реализација по предавање на опремата)

Б.4. Изработка на Зелен катастар во Општина Карпош

Во 2018 година, Законот за урбаното зеленило („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18) го воспостави правниот основ за попис на урбаното зеленило во нашата држава, правејќи го ова задолжителна активност за сите општини.

Затоа, Секторот за екологија и енергетска ефикасност, во согласност со Програмата и Акцискиот План на ЛЕАП-от, започна попис на 1.800 дрвја и грмушки од зеленилото во урбаните делови на Општина Карпош за да се обезбедат податоци за состојбата на зеленилото кое е под надлежност на Општината, а ќе се придонесе кон заштита и зголемување на отпорноста на општината кон климатските промени и еколошките предизвици. Со оваа активност беше предвидено да се попишат 1.820 единки на урбаната дендрофлора, а беа реализирани 1.877 (поради заокружување на одредени локации), од кои утврдени се 727 дрвја и 1.150 грмушки, односно вкупно 80 таксони од кои 53 таксони кај дрвјата и 27 таксони кај грмушките, сите интегрирани во Зелениот катастар на град Скопје.

На тој начин Општината претставува една од ретките скопски општини и останатите локални самоуправи во државата, која е активно вклучена во ажурирањето на зеленилото, а од друга страна директно се грижи и влијае на одржливоста на Зелениот катастар на градот Скопје. Ова не

подразбира само исполнување на законските обврски, туку и препознавање на придобивките и можностите од сеопфатниот зелен катастар во водењето на практиките за одржливо користење на земјиштето, зачувување на локалниот биодиверзитет и обезбедување на оптимално искористување на зелените површини, сумирани и насочени кон подобрување на квалитетот на живот на жителите на Општината Карпош.

Реализирани средства: 200.000,00 денари

Б.5. Изготвување на Стратегија за развој на зеленилото во Општина Карпош

Надоврзувајќи се на Зелениот катастар, кој е попис и „лична карта“ на урбаното зеленило, тој едновремено претставува основа за изработка и следење на спроведувањето на Стратегија за развој на зеленилото. Развојот на зеленилото се појавува како неопходна стратегија за поттикнување отпорна урбана средина. Ова вклучува соодветен избор на урбана дендрофлора (по локација и намена, избегнувајќи инвазивни, алергени, алохтони видови), особено со сушоотпорни видови, создавање зелени коридори или придржување до нив, инкорпорирање на одржливи практики за уредување.

Во таа насока, а во согласност со Програмата и Акцискиот План, Секторот за екологија и енергетска ефикасност утврди неопходна потреба за холистички пристап на локалните власти преку соработка со експерти за да се формулира и имплементира кохерентен план за развој на зеленилото.

Ваквите иницијативи не само што ќе придонесат во естетската привлечност на Карпош, туку и ќе играат клучна улога во ублажувањето на ефектот на урбаниот топлински остров, подобрување на квалитетот на воздухот и подобрување на целокупната благосостојба на жителите. Едновремено, Општина Карпош е првата општина која, покрај Градот Скопје, изготвува ваков тип документ.

Изготвувањето на овој стратегиски документ е во тек и истиот се очекува да биде завршен до крајот на месец февруари 2025 година. За негова изработка ангажиран е Проф. д-р Бојан Симоски од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг “Ханс Ем”, по успешната соработка што општината ја имаше со професорот при изработката на Студијата за урбаната дендрофлора во 2023 година.

Реализирани средства: 300.000,00 денари

Б.6. Награда за најголемо количество произведен компост во општинските основни училишта

Согласно Годишниот краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 за 2024 година, Секторот за екологија и енергетска ефикасност објави Јавен оглас за Награда за најголемо количество произведен компост во општинските основни училишта на територија на Општина Карпош.

На 26.12.2024 година Комисијата за евалуација составена од претставници од општинската администрација и Советот на Општина Карпош направи увид на терен на состојбата на компост во компостарите кај училиштата кои аплицираа на Јавниот оглас. По разгледување на апликациите и посетата на терен, Комисијата изврши бодување во согласност со Јавниот Оглас и констатираше 3 училишта добитници на парична награда, и тоа: I место ООУ „Братство“ (430 бода) 30.000 денари, II место ООУ „Владо Тасевски“ (420 бода) 20.000 денари и III место ООУ „Димо Хаџи Димов“ (355 бода) 15.000 денари.

Реализирани средства:65.000,00 денари

## 1.5. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОГИЈАТА

### *1.5.1. Ветеринарна заштита на бездомни животни/мачки*

Подносител на овој проект е Здружението за заштита на животни “Феникс петс” во соработка со Ветеринарната амбуланта “Др. Јасминка ван дер Флиер” и главната цел на истиот е ублажување на проблемот со големиот број на бездомни мачки во смисол на контрола и здравствена заштита.

Благосостојбата на бездомните животни е загрозена поради повеќе проблеми, какш што се неухранетоста, болестите, повредите од сообраќајните несреќи и преку борба, а исто така животните се жртви на нехумани методи на убивање, како што е труењето со отров, електричен шок и давење и сурови методи на фаќање.

По безбедното фаќање и транспортирање на бездомните мачки, за нивниот третман постојат две понатамошни сценарија кои зависат од состојбата на животното. Доколку мачката е премногу стара, агресивна или беспомошна истата се заспива, додека останатите се подложуваат на стерилизирање/кастрирање, маркирање, прочистување од црви и нивна вакцинација пред да се пуштат.

Со финансиската помош од страна на Општината Карпош **третирани се 125 животни**, од кои 106 мачки и 19 мачори. За сите активности доставен е извештајот и сите пропратни документи од страна на ЗЗЖ “Феникс петс”.

Реализирани средства: 300.000,00 денари

### 1.6. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ

Општината Карпош во текот на 2024 година реализираше активност за промоција на користењето на велосипеди и електрични тротинети како превозни средства, но и како средства за рекреација кои не ја загадуваат животната средина и околината, а воедно и придонесуваат за подобрување на здравјето на корисниците на велосипедите и тротинетите.

Акцијата започна на ден 05.02.2024 година (понеделник), за што граѓаните беа известени преку пишаните медиуми и официјалната веб страна на Општината Карпош, а заврши заклучно со 04.03.2024 (понеделник), односно до исцрпување на финансиските средства предвидени за таа намена, а по принципот “прв дојден, прв услужен”.

Купувањето на нов **велосипед** за граѓаните на Карпош беше субвенционирано со 30% од неговата вредност, но со најмногу 4.500 денари, а субвенционирани беа **142 граѓани** на Карпош, додека за **електрични тротинети** важеше исто 30% од вредноста, но најмногу до 6.000 денари, субвенционирани беа **35 граѓани**, или **вкупниот број на субвенционирани граѓани е 177.**

На овој начин, граѓаните на Општината Карпош, покрај веќе солидната инфраструктурна велосипедска мрежа, добија уште еден стимул за користење на овие алтернативни превозни средства.

Реализирани средства: 798.780,00 денари

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Одделението за енергетска ефикасност своето работење го темелеше на обврските и надлежностите кои ги има во следните подрачја:

2.1. Јавно осветлување,
2.2. Проекти од обласа на енергетската ефикасност.

### 2.1. ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

## Одржување на јавното осветлување

Во текот на 2024 година одржувањето на јавното осветлување се вршеше во **два реони**:

- **Реон 1 – УЗ Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае 1, Злокуќани и Бардовци;**
- **Реон 2 – УЗ Владо Тасевски, Тафталиџе 1, Тафталиџе 2, Кузман Јосифовски Питу, Пецо Божиновски Кочо, Влае 2 и Нерези.**

Освен замена на прегорените светилки и отклонување на појавените дефекти, беше вршена и реконструкција на старите системи за јавно осветлување, што подразбира промена и на комплетната инсталација, вршење на ископи за санација на дефекти, како и заштита и бојадисување на столбовите и нивна замена каде што имаше потреба.

Реализирани средства: 9.499.064,00 денари

Најзначајната активност во 2024 година од областа на јавното осветлување е **замената на 3.674 светилки со штедливи ЛЕД светилки**. Активноста продолжи уште во тек на месецот јануари, а на терен секојдневно работеа четири екипи од фирмата – изведувач. Светилките се менуваа во сите урбани заедници во Општината Карпош. Целата операција на замена на сите 4.796 светилки на целата територија на Карпош, како и поставување на 160 командни разводни ормари со соодветна опрема и софтвер, заврши во август 2024 година.

Целосната имплементација на оваа активност ќе донесе заштеда на потрошувачката на електрична енергија од најмалку 60% (првичните пресметки покажуваат заштеда од дури 75-80%), а истовремено ќе се подобри квалитетот на осветлување и ќе се намали бројот на интервенции по појавени дефекти на терен.

Реализирани средства: 39.988.866,00 денари

Како резултат на мерките за заштеда на **потрошувачката на електрична енергија**, истата во 2024 година е сведена на очекувани рамки, а по целосната имплементација на претходно наведената активност за замена со ЛЕД осветлување (во оваа фаза се мисли на софтверското функционирање на системот) се очекува потрошувачката и трошоците за електрична енергија дополнително да се намалат.

Потрошени средства: 11.261.291,00 денари

## Нови линии за улично осветлување

Во текот на 2024 година беше поставено ново осветлување на повеќе локации, односно:

| Локација | Број на столбови | Износ (денари) |
|---|---|---|
| двор на спортската сала “Партизан”, УЗ Карпош 4 | 22 | 1.271.186,00 |
| дел ул. Сливовска, УЗ Влае 2 | 11 | 1.010.695,00 |
| дел од ул. Лондонска, УЗ Тафталиџе 1 | 5 | 677.966,00 |
| дел од ул. Теодосиј Синаитски, УЗ П.Б. Кочо | 6 | 498.820,00 |
| дел од ул. Влае, УЗ Влае 1 | 6 | 423.728,00 |
| ул. Борка Талески, УЗ Владо Тасевски | 5 | 465.140,00 |
| паркинг во Средно Водно | 4 | 254.236,00 |
| ул. 20, МЗ Бардовци | 6 | 423.728.00 |
| дел од ул. Карпошево востание, УЗ Карпош 3 | 4 | 169.491,00 |
| ул. Теодосиј Синаитски, крак 2, УЗ П. Б. Кочо | 6 | 254.237,00 |

Исто така, склучен е договор со фирма – изведувач за изградба на ново осветлување на улицата 1687 во Бардовци, на која ќе бидат поставени нови 12 столбови во вредност од 760.982,00 денари, но која ќе се реализира во тек на 2025 година од причина што претходно треба да се изведат други фази, како што е поставувањето на канализациски систем, асфалтирање и сл.

## 2.2. ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

1. *Поставување на систем со фотоволтаици на објекти на основните училишта “Димо Хаџи Димов” и “Петар Поп Арсов”*

Во рамките на заложбите за зголемено користење на обновливи извори на енергија, Секторот за екологија и енергетска ефикасност изврши поставување на фотоволтаични системи со капацитет од 25 kW на крововите на две општински основни училишта, односно во “Димо Хаџи Димов“ во УЗ Влае 2 и “Петар Поп Арсов“ во УЗ Карпош 4.

Се очекува заштедите на потрошувачка на електрична енергија во овие две училишта да бидат најмалку 40% на годишно ниво.

Реализирани средства: 1.988.465,00 денари

2. *Замена на нисконапонски табли, осигурувачи и инсталација во ООУ „Војдан Чернодрински“, УЗ Владо Тасевски*

Во ова основно училиште од безбедносни причини беа заменети старите дотраени табли со топливи осигурувачи и инсталации кои претставуваа закана за безбедноста на сите корисници, вклучително и учениците. Со извршената замена беа поставени нови автоматски осигурувачи и нова инсталација (каде што имаше потреба), со што училиштето е заштитено за подолг временски период од несакани дефекти и потенцијална опасност.

Реализирани средства: 497.942,00 денари

3. *Изработка на проектна документација за поставување на систем со фотоволтаици за сите објекти на детските градинки*

Општината Карпош се наоѓа во напредна фаза од процесот на поставување на фотоволтаични системи на објектите на основните училишта, односно од постоечките 10 основни училишта до крајот на тековната година во 7 училишта ќе има поставени од горенаведените системи. Со тоа, акцентот во наредниот период се префрла на објектите на детските градинки (12 објекти).

Со цел квалитетна стручна подготовка на тој процес, како и евентуално аплицирање за финансиски средства кај странски и домашни донаторски организации и институции, беше спроведена постапка за склучување на договор за изработка на проектна документација која ќе послужи за постигнување на крајната цел од оваа област, а тоа е инсталирани фотоволтаични системи во сите јавни објекти во надлежност на Општината Карпош.

Изработката на оваа документација е во завршна фаза, односно истата треба да заврши најдоцна до февруари.

Реализирани средства: 991.200,00 денари

4. *Изготвување на физибилити студија за воспоставување на јавно-приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност за одржување на јавното осветлување во Општина Карпош*

Општината Карпош кон крајот на 2024 година објави јавна набавка за избор на консултантска куќа која има за задача да изработи Физибилити студија за техно-економска оправданост за формирање на ЈПП за одржување на јавното осветлување. Како најповолен понудувач беше избрана фирмата Креација, а по потпишување на Договорот беше остварена

меѓусебна средба со вработените од Секторот за екологија и ЕЕ на која беа договорени понатамошните активности. Од страна на вработените беа обезбедени потребните податоци и параметри, а претставниците од консултантската фирма веќе обезбедија и сопствени информации и податоци.

Во моментов физибилити студијата е во завршна фаза (односно таа е веќе изработена), а по нејзино предавање на стручните служби во општината, како и презентирањето во Советот на Општината Карпош, истата ќе се објави на официјалната web страница на Општина Карпош.

Реализирани средства: 300.000,00 денари
(исплата по предавањевање на студијата)

5. ***Учество во проектот „SUNRISE – Prosumer Solar Energy од програмата Europaische Klimainitiative (EUKI) на Европската Унија, спроведен од Хабитат Македонија***

Проектот „Sunrise - Потрошувачи-производители на соларна енергија“ е финансиран од програмата ЕУКИ, а има за цел зголемување на употребата на обновливите извори на енергија во станбениот фонд од страна на индивидуалните сопственици/станари, следејќи го концептот на просументи/ потрошувачи-производители (произведувачи и корисници на енергија во исто време).

Во текот на 2024 година предствници од Секторот за екологија и енергетска ефикасност учествуваа на повеќе работилници организирани во рамки на проектот каде се дискутираа можностите за поставување на фотоволтаични панели во станбени згради, но и бенефитите и можностите за формирање на енергетски задруги. Покрај тоа, беа поставени и мрежно поврзани фотонапонски панели на станбена зграда кои ќе придонесат кон намалување на потрошувачката на електрична енергија во заедничките простории на зградата (ходникот).

Повеќе информации за проектот се достапни на следниот линк: https://www.euki.de/en/euki-projects/sunrise-prosumer-solar-energy/

https://www.facebook.com/OpstinaKarpos/posts/pfbid02R8iEhQ6SjCpoRp7j2tKT9Qmd4wUBC4DuKQUWWWRnSsPzCmFZ8i5i5G81gDgbadqPl

6. ***Учество во проектот „ТРАНСИТ - Одржливост и образовни аспекти на технологиите на обновливи извори на енергија и горива од обновливи извори на енергија“ (Transition to sustainable future through training and education)***

Проектот ТРАНСИТ (TRANSITion to sustainable future through training and education – TRANSIT) има за цел да обезбеди одржливи програми за обука и доусовршување за сегашните и идните генерации преку мултидисциплинарен пристап во обновлива енергија и енергетска ефикасност. Проектот е финансиран од Европската Комисија во рамки на програмата за истражување и иновации ХОРИЗОН 2020. Се спроведува во 8 Европски земји, и тоа: Англија,

Шпанија, Малта, Кипар, Хрватска, Црна Гора, Србија и Северна Македонија, преку претставници од универзитетите, индустријата, училиштата и локалните заедници. Во нашата земја проектот се спроведува од Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје. Општина Карпош даде поддршка и активно учество во имплементација на проектните активности како дел од Меѓународното Советодавно Тело на проектот.

Во текот на 2024 година претставници од Секторот за екологија и енергетска ефикасност учествуваа на неколку работилници како дел од Меѓународното Советодавно Тело на проектот ТРАНСИТ кои се одржаа во Скопје, а беше направено и интервју за можностите и начините за примена на мерки за енергетска ефикасност во Општина Карпош, како и информираноста за примена на овие мерки од страна на граѓаните кои живеат во општината.

Истата година се спроведе и анкета за информираноста на населението, комуникацијата и примената на мерки за енергетска ефикасност, како и вклученоста на мажите и жените, младите и постарите лица во активности поврзани со енергија и енергетска ефикасност. Линк: https://karpos.gov.mk/%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%B0%D1%80%D0%BF%D0%BE%D1%88-%D0%B4%D0%B5%D0%BB-%D0%BE%D0%B4-%D0%BC%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%82%D0%BE-%D1%81/

7. ***Изработка на Техничка документација / Проект за замена на внатрешното осветлување во основните училишта и детски градинки во Општина Карпош со ново ЛЕД осветлување***

Оваа активност е предвидена согласно Програмата за енергетска ефикасност на Општина Карпош, Мерка 4 која се однесува на замена на светилки (флуо цевките) во работните простории (училници, канцеларии и простории за престој на деца од најмала возраст). Замената на стари неефикасни светилки (флуо цевки) во градинките и училиштата во надлежност на Општина Карпош е во согласност со Регулативата на Комисијата (ЕК) бр.244/2009, која ја спроведува Директивата 2005/32/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот на ЕУ, според која старите и неефикасни светилки (флуо цевки) се исфрлаат од употреба поради стробоскопскиот ефект кои го предизвикуваат и е особено штетен за најмладата популација која престојува во градинките и училиштата. Со замена на светилките во објектите во надлежност на општината ќе се придонесе за подобрување на комодитетот на осветлувањето и подобрување на условите на корисниците на просторот.

Општина Карпош преку Секторот за екологија и енергетска ефикасност аплицираше на проект финансиран од Блек енд Вич Корпорација за специјални проекти (во понатамошниот текст

„БВ“), корпорација од Мисури, САД, главен изведувач на проектот за Инвестиции во развој на енергетски објекти („ИДЕА“) на Агенцијата за меѓународен развој на САД („УСАИД“), за изработка на техничка документација за енергетска ефикасност на општинските основни училишта. Во текот на 2024 година се потпиша Меморандум за соработка со донаторот. Проектот ќе поддржи целосна енергетска контрола на 4 општински училишта, проектна документација и технички спецификации, како и поддршка за трансакции за подобрувања на енергетската ефикасност на јавните згради, вклучувајќи замена на системот за греење на фосилно гориво во ООУ Аврам Писевски со систем на греење на термални пумпи и негово поврзување со објектот на градинката, како и промена на внатрешно неефикасно осветлување на објектите со енергетски ефикасни ЛЕД светла соодветни за објекти во кои престојуваат и работат деца вклучително и сензори во простории каде тоа е возможно и сензори и светло со тајмер пред објектите, техничка документација за реконструкција/замена на изолација/прозори/врати/изолација на кров во објектите каде има потреба, техничка документација за фотоволтаични централи на кровни конструкции на училиштата каде има потреба, во сите избрани основни училишта, односно ООУ Владо Тасевски, ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Димо Хаџи Димов и ООУ Аврам Писевски.

8. *„Ресурсен – инфо центар“ за граѓаните на Општина Карпош во просториите на Општината во зградата на ЗЕЛС*

Ресурсниот центар за енергетска ефикасност продолжува да работи во рамки на Одделението за енергетска ефикасност во Општина Карпош, а со локација во просториите во зградата на ЗЕЛС. Нашата намера е целосно во просторот да направиме ретроспектива на сите печатени материјали (проекти, постери, брошури, денови за ЕЕ и сл.) како информативен простор за се што Општината Карпош сработила во полето на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија. Во текот на 2024 година се одржа состанок со претставници од општинската администрација и здружението Хабитат Македонија со цел дефинирање на можни активности на Ресурсниот центар и дефинирање на неговата одржливост и по завршување на проектот. Останува да се направи целосно адаптирање на една просторија за непречено функционирање на ресурсниот центар.

Линк: https://youtu.be/vrDRjm9f9co?si=hGerDrdlWQJfGsOU

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот од изработка на зелен катастар во Општина Карпош**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот од изработка на зелен катастар во Општина Карпош, донесен на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/16
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), Советот на Општина Карпош на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот од изработка на зелен катастар во Општина Карпош**

1. Се усвојува Извештајот од изработка на зелен катастар во Општина Карпош.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за екологија и енергетска ефикасност.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-312/19**
**Датум 23.01.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ

Договор № 03-7833/3
од 21.11.2024 г.

**„Изработка на зелен катастар во Општина Карпош“**
Декември 2024 година




**„Изработка на зелен катастар во Општина Карпош“**
**Попис на 1 820 дрвја и грмушки**


Изготвувачи: вонр. проф. д-р Бојан Симовски
ас. м-р Владимир Стојановски, докторанд
вонр. проф. д-р Иван Минчев
проф. д-р Македонка Стојановска

Здружение на граѓани за поддршка на шумарството и животната средина „Трифор“, Скопје

СОДРЖИНА:

УРБАНАТА ДЕНДРОФЛОРА: ЗНАЧЕЊЕ И УЛОГА ........ 2

ЗЕЛЕН КАТАСТАР: УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ........ 4

ВРСКА ПОМЕЃУ УРБАНАТА ДЕНДРОФЛОРА И ЗЕЛЕНИОТ КАТАСТАР........ 7

ЛОКАЦИИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИОТ КАТАСТАР ........ 9

МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОПИШУВАЊЕ........ 11

АНАЛИЗА НА ПОПИШАНАТА ДЕНДРОФЛОРА ........ 23

ПРЕДЛОЗИ И НАСОКИ ЗА СЛЕДНИ ЧЕКОРИ ........ 25

АНЕКС I: АТРИБУТНА БАЗА НА СИТЕ ПОПИШАНИ ДРВЈА ........ 29

АНЕКС II: АТРИБУТНА БАЗА НА СИТЕ ПОПИШАНИ ГРМУШКИ ........ 65

# УРБАНАТА ДЕНДРОФЛОРА: ЗНАЧЕЊЕ И УЛОГА

Сведоци сме дека денес сè повеќе луѓе живеат во градовите отколку во руралните средини. Урбанизацијата и понатаму продолжува да се случува дури и во многу урбанизираната Европа. Со фактот што сè повеќе граѓани избираат да живееат во градовите, така урбаната животна средина сè повеќе станува значајна. Зелените површини се виталниот дел на секој урбан конгломерат, обезбедувајќи широк спектар на еколошки, социјални, културни и економски придобивки.

Урбаната дендрофлора ги опфаќа сите дрвја, грмушки и ползавци кои се наоѓаат во градските подрачја, вклучувајќи ги и јавните и приватни простори, парковите, градините и булеварите. Тие играат клучна улога во градските екосистеми и имаат значително влијание врз квалитетот на животот на урбаното население. Екосистемските услуги што ги обезбедуваат дрвјата во градските средини се од исклучително значење од еколошки, социјален, естетски и економски аспект.

Од еколошка гледна точка, дрвјата претставуваат природни климатски регулатори. Преку создавање на сенка и процесот на транспирација, тие помагаат во намалувањето на температурата во градовите, особено во летните месеци. Ова е клучно за справување со ефектот на урбаните топлински острови, кој се јавува поради прекумерната употреба на асфалт, бетон, материјали кои апсорбираат и зрачат топлина. Според студиите на Nowak et al. (2014), урбаните дрвја можат да ја намалат температурата за до 2 °C, што значително придонесува за намалување на потребата за климатизација и ја зголемува енергетската ефикасност во зградите.

Освен тоа, урбаната дендрофлора игра важна улога во подобрување на квалитетот на воздухот. Преку процесите на фотосинтеза, дрвјата апсорбираат јаглерод диоксид ($CO_2$) и го намалуваат количеството на штетни гасови, како што се азотните оксиди и сулфур диоксидот, кои се вообичаени загадувачи во градовите. Овие процеси не само што го намалуваат глобалното затоплување, туку и го подобруваат локалниот квалитет на воздухот. Според истражувањата на Escobedo *et al.* (2011), урбаните дрвја можат да апсорбираат значителни количини на загадувачи и да ја намалат концентрацијта на прашина и суспендираните честички во воздухот, што е од голема важност за здравјето на урбаното население.

Урбаната дендрофлора има и директен придонес за зачувување на биодиверзитетот во градските средини. Дрвјата обезбедуваат дом и храна за различни видови птици, инсекти и мали цицачи, со што се одржува балансот на локалниот екосистем. Според Gill *et al.* (2007), урбаните зелени површини можат да бидат важни биотопи за одредени видови особено во области каде што природните екосистеми се деградирани или ограничени.

Социјалната и естетската вредност на урбаната дендрофлора е, исто така, од големо значење. Присуството на дрвја и зелени површини има позитивен ефект врз менталното и физичкото здравје на луѓето. Според студијата на Ulrich *et al.* (1991), гледањето зелени површини може да го намали стресот и анксиозноста, како и да поттикне позитивни емоции. Луѓето кои живеат во области со поголем број на дрвја и паркови имаат поголема веројатност да се вклучат во физичките активности, што е важно за здравјето. Дрвјата не само што ги прават урбаните пејзажи поубави, туку создаваат и поудобни и пријатни средини за живеење и работа.

Естетската вредност на зеленилото е неизмерна. Градовите со многу зелени површини и дрвја имаат поголема атрактивност и привлекуваат повеќе жители и посетители. Зелените простори го намалуваат чувството на густина и го зголемуваат чувството на простор и отвореност, што е важно за квалитетот на животот во густо населни урбани простори. Дрвјата често се користат како дел од урбаното дизајнирање за да се создадат пријатни простори за одмор, социјализација и рекреација.

На економски план, урбаната дендрофлора придонесува за намалување на трошоците за енергија. Преку сенка и регулирање на температурите, дрвјата ја намалуваат потребата за употреба на климатизациски уреди во топли месеци, што директно влијае на намалување на сметките за електрична енергија. Според истражувањата на Donovan and Butry (2009), дрвјата во урбаните средини можат да ги намалат трошоците за енергија до 30 % во одредени случаи, што е значајно од аспект на енергетска ефикасност.

Покрај тоа, присуството на зелени површини и дрвја може да ја зголеми вредноста на недвижностите. Истражувањата покажуваат дека куќите и становите кои се наоѓаат во близина на паркови и дрвореди имаат поголема пазарна вредност. Ова е особено изразено во урбани средини каде зеленилото е ограничено. Според студијата

на Sander *et al.* (2010), недвижностите во близина на зелени површини може да имаат 5 – 15 % повисока цена од слични недвижности без зеленило во непосредна близина.

Затоа урбаната дендрофлора има голема улога и преставува клучен ресурс за урбаните средини, обезбедувајќи не само еколошки, туку и значителни социјални, естетски и економски придобивки. Преку подобро планирање и управување со зелените површини, градовите можат да создадат поодржливи и попријатни средини за живот и работа, со што се подобрува општата благосостојба на граѓаните.

## ЗЕЛЕН КАТАСТАР: УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ

Зелениот катастар претставува современ систем за регистрирање, управување и мониторирање на зелените површини и урбаната дендрофлора во градовите. Овој систем обезбедува сеопфатна база на податоци која ги вклучува видовите, состојбата, возраста и местоположбата на сите зелени површини вклучувајќи ги дрвјата, парковите, булеварите и другите јавни зелени простори. Многумина зелениот катастар го сметаат за клучна алатка во одржливото урбано планирање и ефикасно управување со природните ресурси во градовите.

Зелениот катастар има витално значење за урбаните средини, особено во контекст на зголемена урбанизација и климатски промени. Тој овозможува локалните власти да имаат преглед на постојните зелени површини и да ја проценат нивната состојба, со што се овозможува поефикасно управување и одржување на урбаното зеленило. Според студијата на Dobbs *et al.* (2014), урбаните катастри на зелените површини играат критична улога во оптимизирањето на урбаните екосистемски услуги, вклучувајќи ги подобрувањето на квалитетот на воздухот, задржувањето на водата и обезбедувањето на биодиверзитетот во густо населени подрачја.

Една од главнитге улоги на зелениот катастар е овозможување на мониторирање и управување со зелените површини. Ова значи дека градските власти можат поефективно да го планираат одржувањето, сечењето или заменувањето на дрвјата, како и да преземат превентивни мерки за заштита од заболувања и штетници. Преку редовно ажурирање на податоците во катастарот, може да се следи состојбата на дрвјата, што е важно за спречување на нивната деградација или непотребна сеча.

Според Watson *et al.* (2018), регистарот на зелени површини овозможува поефикасно планирање на нивното одржување, што резултира со долговечност на зелените ресурси и заштеда на финансиски средства.

Зелениот катастар, исто така, овозможува детална анализа на потребите за нови зелени површини. Преку анализа на податоците, градските планери можат да идентификуваат кои делови на градот имаат недостаток од зеленило и каде е потребно да се планираат нови паркови, градини или дрвореди. Ова е особено важно во градовите кои се соочуваат со брз раст на населението и урбаната експанзија, каде потребата за дополнителни зелени површини станува сè поочигледна. Според Gonzalez-Garcia *et al.* (2021), планирањето на нови зелени површини базирано на податоци од катастарот може да доведе до порамномерна распоределба на зеленилото и до подобрување на пристапот до зелени површини за сите жители на градот.

Дополнително, катастарот игра важна улога во заштита на значајните дрвја. Преку идентификација на старите, ретки или еколошки вредни дрвја, кои се од културно или историско значење, може да се обезбеди нивната заштита и да се преземат мерки за нивно одржување. Во многу градови, овие дрвја претставуваат природни споменици, а нивното зачувување е од важност за локалното културно наследство. Истражувањата покажуваат дека заштитата на старите дрвја преку зелениот катастар може да има и позитивни еколошки и едукативни придобивки за заедницата (Lafortezza *et al.*, 2013).

Од еколошка гледна точка, зелениот катастар е клучен за подобрување на урбаниот екосистем. Преку подобро управување со дрвјата и зеленилото, катастарот овозможува зачувување на природната рамнотежа во градовите. Присуството на зелени површини придонесува за намалување на урбаните топлински острови, за задржување на водата и подобрување на квалитетот на воздухот. Според студиајта на Rahmna *et al.* (2020), правилно планирање на зелените површини со помош на катастарски систем може да доведе до значително намалување на загадувањето на воздухот и да помогне во борбата со климатските промени на локално ниво.

Покрај тоа, зелениот катастар придонесува за подобрување на квалитетот на животната средина. Со помош на податоците што ги нуди, можат да се планираат и

имплементираат мерки за зголемување на површините под зеленило, што диркетно влијае на подобрување на квалитетот на воздухот, водата и почвата во градовите. Ова исто така придонесува за намалување на стресот кај луѓето, зголемување на можностите за рекреација и подобрување на физичкото и менталното здравје на жителите. Според работата на Van den Bosch and Sang (2017), зелените површини, мапирани и управувани преку катастарски системи, можат да обебзедат повеќекратни здравствени и еколошки придобивки за населението.

Затоа зелениот катастар преставува неопходен инструмент за одржливо урбано планирање и управување со природните ресурси во градовите. Со него се овозможува ефективно управување со зелените површини, заштита на значајните дрвја и планирање на нови зелени простори, со што се подобруваат и еколошките услови и квалитетот на животот на жителите. Преку правилна имплементација и редовно ажурирање на податоците, зелениот катастар може да биде клучен за создавање на одржливи и зелени урбани средини.

Одредени урбани инфраструктури во општина Карпош претставуваат култни места не само за жителите на Општината, туку и за сите граѓани на околните општини. Забележано е и дека има недостиг на истражувања на оваа проблематика која се однесува за општина Карпош. Праксата и постојните истражувања на рамниште на државата (Стојановска, 2011, Стојанова, 2012, Стојановски 2017) покажале дека најпосетените и најискористените урбани зелени инфраструктури кај нас честопати ги занемаруваат потребите на корисниците на овој простор.

**Зелениот катастар опфаќа една од најзначајните информации за урбаната средина, а тоа е создавање т.н. лична карта на секое дрвенесто растение.** Во зависност од методологијата која се применува при спроведување на зелениот катастар, најчесто се утврдуваат дрвенестиот вид, неговата височина, дебелина и широчина на крошна, се земаат податоци (доколку постојат) за година на садење на садницата, тип на почва, додека поновите методологии предвидуваат фотографирање на единката со месторастежните услови. Сите овие податоци се внесуваат во однапред подготвени пописни формулари.

Зелениот катастар е неопходен за анализи и идни стратегии и проекти. Резултатите и мапите добиени од него ќе им овозможат на надлежните институции задолжени за урбаното зеленило да донесуваат исправни одлуки, легитимност во финансирањето, да изработат стратегија, програма за развој на урбаното зеленило и промоција на зеленилото. Зелениот катастар, понатаму, ќе поттикне дополнителни истражувања, како на пример: колкава количина на кислород произведува урбаното зеленило, колкава количина на штетни гасови се апсорбирани од урбаното зеленило, влијание врз микроклиматските фактори, опасност од инвазивни и алергени видови итн.

## ВРСКА ПОМЕЃУ УРБАНАТА ДЕНДРОФЛОРА И ЗЕЛЕНИОТ КАТАСТАР

Зелениот катастар не е само база на податоци, туку преставува алатака за стратешко управување со урбаната дендрофлора, која е важен дел од урабниот екосистем. Урбаната дендрофлора, која ги опфаќа сите дрвја и други дрвенести растенија во урабните средини, обезбедува значајни екосистемски услуги кои имаат директно влијание врз квалитетот на животот на жителите и одржливоста на градовите. Катастарот овозможува не само регистрација на дрвјата, туку и анализа на нивната функционална вредност, што вклучува придонес кон подорбување на животната средина, заштита од климатски промени и зголемување на урбаниот биодиверзитет.

Преку зелениот катастар, локалните власти можат да следат различни параметри на урбаната дендрофлора, како што се видот, висината, дебелината на единката, неговата покривност, здравјето на дрвјата, искосеноста, локацијата па се до нивната возраст но и да се анализираат екосистемските услуги што ги обезбедуваат. Една од клучните услуги што ги обезбедува урбаната дендрофлора е намалувањето на емисиите на $CO_2$ преку апсорпција на јаглерод диоксид, што е клучно во борбата против климатските промени. Истражувањата покажуваат дека урбаните дрвја имаат значителна улога во намалување на загадувањето на воздухот, што е потврдено во бројни студии за урбани екосистеми (Nowak *et al.*, 2006). Дополнителни, тие помагаат во регулирање на температурите, намалувајќи го ефектот на урабните топлински острови преку обезбедување сенка и испраување на вода преку лисјата (Rahman *et al.*, 2020).

Зелениот катастар овозможува прецизно следење на состојбата на овие ресурси и нивните придобивки, овозможувајќи подобра организација на урабното зеленило. Со оваа алатка може да се идентификуваат критичните делови на градот каде што е потребно засилување на зеленилото како и да се следат промените во состојбата на постојните дрвја. На пример, со помош на податоците од зелениот катастар, може да се превземата мерки за замена на исушените, целосно оштетните или заболени дрвја, што ќе овозможи континуирано одржување на урбаниот екосистем. Ова е особено важно во градовите кои се соочуваат со зголемени ризици од климатски промени, како што се покачени температури и екстремни временски услови (Gill *et al.*, 2007).

Преку системско управување со урбаната дендрофлора, зелениот катастар овозможува и зачувување на биодиверзитетот, Урбаните дрвја не само што обезбедуваат живеалишта за голем број животински видови туку истотака помогаат во одржувањето на еколошката рамнотежа во градските средини. Присуството на разновидни дрвја и растенија придонесува за привлекување на инсекти, птици и други видови, што го зголемува биодиверзитетот и го прави градот поодржлив и поприроден за живот (Alvey, 2006). Зелениот катастар овозможува мониторирање на оваа динамика и создавање на услови за одржување на разновидноста на видовите во урбаните подрачја.

Дополнително, управувањето со урбаната дендрофлора преку зелениот катастар е клучно за долгорочната одржливост на градовите. Преку рационално управување со зеленилото, катастарот помага во заштита од природните непогоди како поплави, бидејќи дрвјата и зелените површини имаат важна улога во задржувањето на водата и намалувањето на ризикот од ерозија на почвата (Stagge *et al.*, 2013). Со овозможувањето на целосен увид во состојбата на урбаното зеленило, градовите можат поефикасно да го планираат своето развојно планирање и да обезбедат подобри услови за живот на своите жители.

Урбаната дендрофлора и зелениот катастар заедно создаваат интегрирана платформа за долгорочно и одржливо управување со зелените ресурси во градовите. Тие овозможуваат ефикасно планирање на нови и зелени површини, мониторирање на состојбата на постојните дрвја и подобрување на квалитетот на животната средина. Во ерата на зголемени климатски предизвици, нивната улога е од клучно значење за намалување на ефектите на урбаните топлински острови, апсорпција на загадувачите и

заштита на биодиверзитетот. Преку имплементација на зелениот катастар, градовите можат да создадат поодржливи и зелени урбани средини кои ќе ги подобрат условите за живот на сегашните и идните генерации.

## ЛОКАЦИИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИОТ КАТАСТАР

Општината Карпош е стара скопска општина која што е формирана на 3 ноември 1976 година со Законот за формирање на општини на Град Скопје и за утврдување на нивните подрачја („Службен весник на СРМ“ бр. 8/76).

Како што се забележува, најголем дел од подрачјето на Општината го носи името Карпош (1, 2, 3 и 4), а кое е заедничко име или прекар на две значајни историски личности. Првиот е Карпош – војвода, кој во 1689 година бил водач на селското востание од Кривопаланечкиот и Кумановскиот крај и се борел против турските феудалци – паши (Карпошево востание). Вториот е народен херој на Македонија од Народноослободителната борба и партизански командант во североисточна Македонија, Христијан Тодоровски, кој со цел да не се заборави името на Карпош, го додал на своето име.

Општина Карпош се простира во централно-западниот дел на градот Скопје. Граничи со општините Бутел, Чаир, Центар, Кисела Вода, Сарај и Ѓорче Петров. Јужно се простираат северните падини на Водно, каде минува граничната линија со Општина Сопиште, која, пак, заедно со уште една гранична општина, Чучер-Сандево, не е дел од Градот Скопје.

Општина Карпош зафаќа површина од 35 квадратни километри. Општинската граница започнува од ул. „Рузвелтова“ и по должина се протега до крај на бул. „Партизански одреди“, т. е. до Порта Влае (најизразен правец на протегање).

Општината е административно поделена на 15 месни заедници, од кои 13 се урбани: Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае 1, Влае 2, Тафталице 1, Тафталице 2, Владо Тасевски, Кузман Јосифовски-Питу, Пецо Божиновски-Кочо, Нерези и Злокуќани, а две се рурални – Горно Нерези и Бардовци.

Според последниот Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија од 2021 година (Државен завод за статистика, 2022), во Општина Карпош живеат 63 760 жители. Во неа живее 12,11 % од вкупното население во Скопје, а 3,47 % од вкупното население во државата. Со просечен број од 2,59 члена

по домаќинство, во Општината живеат 14,36 % од вкупниот број домаќинства во Скопје.

Согласно со Договорот бр. 03-7833/3 склучен на 21.11.2024 година помеѓу Општина Карпош и Здружението на граѓани за поддршка на шумарството и животната средина „Трифор“ од Скопје (ТРИФОР) и техничката спецификација од јавната набавка, беа идентификувани, т. е. одредени приоритетни локации за попис на дрвјата и грмушките во Зелениот катастар на Општина Карпош. На 22.11.2024 година од страна на Секторот за екологија и енергетска ефикасност беше добиен и налог за работа. По добиениот налог, експертскиот тим на ТРИФОР започна со теренски активности за пописот на 1 820 дрвја и грмушки согласно со Договорот за изработка на Зелен катастар во Општина Карпош.

Во изборот на локациите на Секторот за екологија и енергетска ефикасност, како главен предуслов е посочен централното општинско подрачје, кое што не било опфатено со Изработката на зелениот катастар на Град Скопје, за да се добие една целосна т.н. заокружена површина од попишано зеленило. Поконкретно, беше договорено да се изврши детално снимање и попишување на површината, во која ќе бидат опфатени дрвенестите таксони на територијата на Општина Карпош за потегот помеѓу улиците „Московска“, „Будимпештанска“, „Томе Серафимовски“ и во замислена права линија на „Стокхолмска“ кон „Московска“ (вклучувајќи го ООУ „Братство“ до „QSI International School of Skopje“). Следствено на тоа, следеше попис на 1 820 дрвја и грмушки кои се наоѓаат на наведените локации.

Иако согласно со Договорот беа предвидени 1 820 дрвја и грмушки, на претставниците од Секторот за екологија и енергетска ефикасност од страна на ТРИФОР им беше посочено дека е возможен попис на поголем број точки поради затворање на цели површини. Така, на крајот беа попишани 1 877 дрвја и грмушки.



Сл. 1. Опфат за попишување на дрвјата и грмушките во рамки на изработката на Зелениот катастар во Општината Карпош

Вреди да се нагласи дека ТРИФОР во изминативе години шест години (2018, 2019, 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024) во неколку наврати спроведе вакви активности во Скопје, Охрид и Битола, при што три активности беа направени во соработка со скопската Општина Гази Баба и Општина Битола, потоа две активности беа направени со канцеларијата на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во Скопје, две активности беа направени со скопската општина Општина Кисела Вода и една активност беше направена со Општина Охрид. Преку овие активности, ТРИФОР учествуваше во попис на повеќе од 100 000 дрвја и грмушки во нашата држава.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОПИШУВАЊЕ

Согласно со барањата на Договорот, беше планирано да се попишат **1 820 дрвја и грмушки**. Активноста беше планирана да се спроведе во периодот ноември 2024 година. Бидејќи извршувањето на предвидените задачи е зависно од временските услови, а земајќи предвид дека некои видови од ист род имаат мали разлики во морфологијата и анатомијата на растителните органи, за тимот попишувачи претставуваше дополнителен предизвик. Теба да се нагласи дека теренските активности се одвиваа во неповолни временски услови, односно на врнежливо време, што секако имаше одредено влијание во оддолжување на одредени активности при

спроведувањето на зелениот катастар. Секако, предизвикот беше прифатен и беа сите активности беа спроведени согласно со предвидените рокови.

Со цел да се заврши проектот на време, беа ангажирани 2 (два) тима со по 2 (два) попишувачи кои интензивно работеа на терен во текот пописот (сл. 2).



Сл. 2. Теренски активности

Иако беше предвидено да се попишат 1 820 дрвја и грмушки, на тимовите им беше посочено дека може да се надмине предвидената бројка доколку се јави потреба да се „затвори“ одредена површина како целина (улица, блок или дворно место на станбена целина, парк, дел од парк и сл.). **Затоа, вкупниот број** попишани дрвја и грмушки е поголем од предвидениот и изнесува **1 877 попишани единки**, од кои **<u>727 се дрвја</u>**, а **<u>1 150 се грмушки</u>**.

Процесот на пописот се изврши во четири фази:

1) Подготовка на карта на површината (опфатот),
2) Попис на урбаната дендрофлора,
3) Внес на попишаните дрвја и грмушки во базата на Зелениот катастар на град Скопје и
4) Синхронизација и операбилност на попишаните дрвја и грмушки на територијата на Општина Карпош и можностите на базата на Зелениот катастар на град Скопје.

**1) Подготовка на карта на површината (опфатот).** Како почетна база за креирање на теренските карти беа земени сателитски снимки кои беа искористени за да се направи подготвителна карта и подготвителна подлога за изработка на картата. Земајќи предвид дека кај сателитските снимки постои можност за одредени

отстапувања, дополнително се пристапи кон снимање со беспилотно летало (дрон) на зададената површина.

Целата подлога беше изработена во ГИС софтвер. За снимање на деталните точки на теренот е употребен *GPS* уред, а додека за снимање и правење на нова ортофото снимка е употребено модерно софистицирано беспилотно летало дрон *DJI Mavic Pro* (сл. 4). За компјутерска обработка на податоците и снимките земени од терен е користен *QGIS* (*Quantum Geographic Information System*) како главен софтвер, а користени се и други помошни програми за изведување на работите кои се наведени. Прво се изврши собирање на податоци од терен со помош на *GPS* уред, а потоа собирање атрибути (вид, дијаметар, височина, крошна, оштетувања, налегнување) на деталните точки (дрвјата и грмушките – види точка 2). Собраните податоци потоа се преработени во соодветни табели во Мајкрософт ексел и како такви се внесени во ГИС-софтверот. Откако тоа е завршено, направено е снимање на целокупниот простор кој го зафаќа опсегот на изработка во претходно направен полигон со помош на апликацијата *Dronedeploy*. Со помош на дронот направени се две- и тридимензионални снимки како и ДЕМ (дигитален елевациски модел ) и покриеност на површини со дрвја и грмушки. Изработени се посебни слоеви (леери) прикажани во *GIS* формат (сл. 3). Тоа претставува компјутерска база на податоци, кои меѓу себе се поврзани. Всушност, тука се интегрираат вредностите зададени од тотална станица, сателит, *GPS*-уредот и атрибутите кои ќе се назначат. Потоа, тие врзани податоци можат многу лесно да се користат, обработуваат, издвојуваат и да се извршуваат најразлични истражувања.

Главните карактеристики кои ги поседува *GIS*-технологијата се:

а) визуализација на податоците;

б) поврзување на географските просторни обележја со атрибути;

в) можност за интердисциплинарно одлучување.



Слика 3. Преклопување на различни слоеви (*layers*)

*GIS*-технологијата овозможува и најразличен пристап кон презентацијата на добиените резултати со графикони, табели, пресеци и други визуелни презентации. Предноста на *GIS*-технологијата доаѓа од добрата визуелна страна на апликацијата. Податоците се прикажуваат во слоеви (*layer*). Секој засебен слој претставува тематска карта (сл. 3).

Користеното беспилотно летало тип *DJI Mavic Pro* (сл. 4 и 5, таб. 1) е произведен од кинеска компанија со седиште во Шенжен, Гуангдонг со производствени капацитети низ целиот свет. Познат е како производител на беспилотни летала, за фотоснимки и видеографии во воздухот. *DJI*, исто така, дизајнира и произведува камери, платформи за лет, погонски системи, стабилизатори на камера и системи за контрола на летање.




Слика 4. Беспилотно летало тип *DJI Mavic Pro*

Табела 1. Технички спецификации за беспилотното летало тип *DJI Mavic Pro*

| | |
|---|---|
| **Максимална брзина (П режим)** | **35 km/h**<br>**15.6 m/s** |
| **Максимална брзина (само Wi-Fi режим)** | 14 km/h<br>3.9 m/s |
| **Празна тежина (g)** | 734 (*without gimbal cover*)<br>743 (*with gimbal cover*) |
| **Време на летање** | ~27 min |
| **Реално време на летање** | 21 min |
| **Температура на управување** | 0 – 40 °C |
| **Опсег (со контролор )** | 7 km (*2.2 miles with CE controller*) |




Слика 5. Димензии на составните делови на дронот (во mm) DJI Mavic Pro

**2) Попис на урбаната дендрофлора.** Пописот се изврши со помош на мобилна апликација, која беше инсталирана на мобилни (паметни) телефони и таблети. Секој тим имаше по двајца попишувачи на располагање кои имаа сопствено корисничко име „USER NAME“ и лозинка, со забелешка дека за користење на апликацијата е потребна и интернет-врска.

Во продолжение, сликите бр. 6, 7, 8 и 9 накусо ги објаснуваат чекорите како се вршеше внесот на податоците регистрирани на терен.




Слика 6. Внес на идентификациски број („ID“), научен назив и широчина на дебло

На слика 6 се прикажани три чекори и тоа: на првата сликичка (горе) се одредува дали е дрвје или грмушка, зависно од видовата форма и, се кликнува на таа икона (во случајов е дрвје, заокружено црвено).

На втората сликичка на местото „ID на дрво“ се внесува бројот на дрвјето кое се детерминира и во делот „Назив“ се става научниот назив на дрвниот вид (во случајов е *Tilia platyphyllos*).

На третата сликичка кај делот „Стебло“ во десниот агол има паѓачко мени каде се одредува дебелината (пречникот) на деблото во cm, што во дадениот случај е избрана категоријата 6 – 10 cm.







Слика 7. Внес на широчина на крошна и височина на дрвјето

На слика 7 се објаснети чекорите за внес на широчина на крошна и височина на дрвјето. Постапката е идентична со онаа за внес на пречник на дебло. Во десниот агол има идентично паѓачко мени, со разлика што податоците за широчината на крошната и височината на дрвјето се дадени во метри. Во наведениот случај, широчината на крошната е 0 – 5 m, а височината на стеблото е 11 – 15 m.

На слика 8 се наведени последните чекори кои се однесуваат за општиот надворешен изглед на дрвјето (хабитус), т.е. дали дрвјето има оштетувања и дали е навалено (искривено, закосено). Како што може да се види на првата сликичка, за оштетување на дрвјето постојат четири опции („Нема оштетувања“, „Оштетено стебло“, „Оштетена крошна“ и „Целосно оштетено“).

Во конкретниот пример, стеблото немаше никакви оштетувања. За наваленоста на дрвјето постои опција „Има“ и „Нема“, што во конкретниот случај е дека нема наваленост.




Слика 8. Внес на потенцијални оштетувања и наваленост на дрвјата

По ова, за завршување на процедурата за внес се пристапува кон опцијата „КАМЕРА“ – може да се види на слика 9 и сликичка 1: во долниот десен агол се нуди опција на мобилниот уред да се слика дрвјето, односно кое дрвје се попишува, а по сликањето се пристапува кон опцијата „МЕМОРИРАЈ“ (сликичка 2), со што предметниот примерок (дрвјето) е зачувано во базата на Зелениот катастар на град Скопје.




Слика 9. Фотографирање на дрвјата и меморирање во апликацијата

### 3) Внес на попишаните дрвја и грмушки во базата на Зелениот катастар на град Скопје

Паралелно со пописот на привично изготвената карта преку програмата (онлајн-платформата) *QGIS*, секое дрвје или грмушка е претставено како посебна геореференцирана точка со утврдени ГПС-координати (сл. 11, 12 и 13). Сите точки беа зачувани во два посебни документа (.shp files) во кои се содржеа координатите на секоја точка. File-овите беа поделени во две групи: еден за дрвја и друг за грмушки и како посебни се зачувани за евенутални потреби за ИТ-секторот на Град Скопје и Секторот за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош. Поради комплексноста на попишаната површина и вклопувањето во една целина и операбилност на зелениот катастар, за користење беа земени броевите заокружени на цела следна десетка од последанта бројка за дрвја и грмушки од минатата година. Па така, броевите претставуваат лични карти на дрвјата и грмушките на попишаното подрачје на територијата на Општина Карпош, а согласно со дата-базата на Зелениот катастар на град Скопје.

По потпишувањето на Договорот со Општина Карпош, експертскиот тим на ТРИФОР го контактираше ИТ секторот на Град Скопје одговорен за датабазата на Зелениот катастар, за информирање и барање на почетни бројки за дрвјата и грмушките кои требаа да се попишат согласно со Договорот. Како почетен број за дрвја е доделен 109 820, а за грмушки 73 585. Според тоа, тие се почетните бројки во овој попис на 1 877 дрвја и грмушки во Општина Карпош, подоцна интегрирани во базата на Зелениот катастар на град Скопје.



Слика 10. Внес на податоците во атрибутната база на Зелениот катастар



Слика 11. Приказ на површината опфатена со Зелениот катастар во Општина Карпош



Слика 12. Приказ на површината опфатена со Зелениот катастар во Општина Карпош во која се претставени попишаните дрвја и грмушки (изработено во ГИС)



Слика 13. Извадок од опфатот со дел од попишаните и геореференцирани дрвја и грмушки во Општина Карпош

**4) Синхронизација и операбилност на попишаните дрвја и грмушки на територијата на Општина Карпош и можностите кои ги нуди базата на Зелениот катастар на град Скопје**

Како што претходно наведовме, секоја единка (дрвје или грмушка), има свој технички број кој во себе содржи податоци за неа, но и интернет-врска до фотографијата од неа. Фотографиите се оптимизирани на одредена големина заради заштеда на простор. Исто така, за секоја единка е генерирана мала фотографија т.н. Thumbnail, која е прикажана на панелот за „Инфо“. Доколку корисникот ја притисне, таа се отвора во нов прозорец со голема фотографија. Секоја фотографија е автоматски именувана со техничкиот број на единката од Зелениот катастар на град Скопје. Системот на технички броеви е универзален систем на обележување на ваков вид елементи на терен.

Фајловите за дрвја и грмушки се во македонскиот државен координатен систем со можност да се преклопат со кој и да е ГИС слој што го поседува Општината (пр. Детални урбанистички планови и др.), регионот (Планска документација и др.) или државата (регистри, катастри и др.). Надополнување и манипулација на податоците е отворено за секого и во секое време. Податоците можат да се чуваат како фајлови или да се вметнат во просторна база на податоци по желба на Општината.




Слика 14. Приказ на функционалност на Зелениот катастар во Општина Карпош

## АНАЛИЗА НА ПОПИШАНАТА ДЕНДРОФЛОРА

Како што беше наведено претходно, со пописот беше предвидено да се попишат 1 820 единки (индивидуи), меѓутоа беа опфатени **1 877 точки**, од кои утврдени се **727 дрвја** и **1 150 грмушки**.

Во рамките на овој Извештај, накусо е разгледана и атрибутната база на попишаните дрвенести растенија (Анекс 1 и Анекс 2). Со првична анализа на атрибутната база може да се забележи дека со оваа активност беа опфатени, попишани односно утврдени 80 таксони од кои 53 таксони кај дрвјата и 27 таксони кај грмушките.

Како најзастапен род од грмушките на територијата на попишаните површини е *Ligustrum*. Имено, прасиката најчесто се среќава како дел од блоковското зеленило и тоа употребена за живи огради или бордури. Како род е одомаќинет кај нас и покрај автохтоната *L. vulgare* (прасика, калина), и останатите видови имаат голема традиција во неговата употреба. Честопати народот го поистоветува со жива ограда. 42 % од вкупниот број попишани точки во рамки на грмушките на опфатената територија припаѓаат на овој род. Со 16,8 % или 194 единки како втор најзатапен вид се среќаваат цветнодекоративните трендафили (*Rosa* spp.), а потоа со 5,2 % или 60 единки застапеност е курикатa (*Euonymus* sp.). Три вида со 4,5 % и 52 единки застапени во попишаните грмушки се *Pyracantha coccinea, Lavandula angustifolia* и *Rosmarinus officinalis*. Интересно, последните два вида припаѓаат во групата на ароматични дрвенести растенија. При анализата на атрибутната база и за време на теренските активности, кај грмушестите растенија не беа забележани оштетувања.

Од дрвјата, најзастапен е дрвниот вид *Fraxinus angustifolia* (полски јасен) со 81 единки или 11 %. Веројатно застапеноста на полскиот јасен се должи на неговата голема примена како дрво соодветно за станбено и за улично зеленило. Како втор најзастапен вид е *Robinia pseudoacacia* (багрем) со 10 % застапеност или 73 единки, потоа со 6,6 % или 48 единки е *Gleditsia triacanthos* (гледич), следени од *Tilia tomentosa* (сребренолисна липа) со 42 единки и 5,7 % застапеност и *Acer platanoides* (млеч) со 5 % или 37 единки. За време на теренските активности, на утврдениот опфат беа идентификувани 8 дрвја со оштетувања. Од нив, кај 5 дрвја станува збор за оштетена крошна, а додека три дрвја се целосно оштетени.




График 1: Застапеност по вид (грмушки)

Кај 10 дрвја има искосеност, т. е. наваленост. Кај еден примерок е утврдено целосна исушеност (сериозно оштетување на дрвјето со ID број 110 461 и со координати X-7532622,54130837, Y-4650891,33940967, од видот *Cupressus sempervirens* (чемпрес), со следните морфолошки карактеристики: дебелина на стебло 21 – 30 cm, височина на дрвјето 6 – 10 m, со широчина на крошна до 5 m). Освен тоа, може да се заклучи дека здравствената состојба на попишаните дрвја и грмушки е солидна.




График 2: Застапеност по вид (дрвја)

## ПРЕДЛОЗИ И НАСОКИ ЗА СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

Дрвјата и урбаните шуми се најистакнатите елементи на урбаната природа, кон тоа и поради сезонските промени и нивната големина, форма и боја. Придобивките од нив и нивната употреба може да бидат од нематеријален аспект – од психолошки и естетски, па до подобрување на урбаната клима и ублажување на загадувањето на воздухот. Историски гледано, главните придобивки од урбаните дрвја и парк-шумите се однесуваат на здравствените, естетските и рекреативните параметри во индустријализираните градови. Покрај тоа, зелените површини им помагаат на луѓето во обезбедувањето храна, сточна храна, дрво како енергенс и дрво за градба.

Денес, урбаните зелени површини и градските дрвја се важни за луѓето и преку симболизирање на лични, локални, општински и културни значења. Тие обезбедуваат естетско уживање и создаваат пријатна средина за различни активности на отворено. Урбаните шуми може да обезбедат природно искуство во средината на урбаниот живот. Исто така, постои важна едукативна вредност на урбаните шуми. Контактот со дрвјата, особено за децата, може да им помогне да научат за природата и природните процеси во антропогена средина. Урбаните дрвја и шумите, исто така, придонесуваат за атрактивен зелен градски пејзаж и на тој начин го претставуваат имицот на градот како позитивен, природно ориентиран. Индиректно, урбаните дрвја и шуми можат да го промовираат туризмот и да го зајакнат економскиот развој. На локално ниво, дрвјата придонесуваат во подобрување на квалитетот на станбените и работните средини и нивните придобивки се одразуваат врз вредностите на имотот. Урбаните шумски површини и дрвја може да дадат повеќе придобивки кои меѓусебно се засилуваат. Рекреативните шуми, на пример, ја регулираат брзината на ветерот и го подобруваат пејзажот во близина на станбена област.

Иако овие придобивки од урбаните шуми и индивидуалните дрвја не се нови, тие сè уште не се доволно препознаени во урбаните процеси на планирање и развој. Потребно е да се обезбедат повеќе знаења за улогата на урбаните шуми и дрвјата во подобрувањето на животната средина и да се поврзат со нивните општествени функции како што се поттикнување на психичкото и физичкото здравје. Затоа, во праксата управувањето со урбаните зелени површини (паркови, парк-шуми, блоковско

зеленило, дрвореди и сл.) е предизвикувачка задача не само поради помалку поволните услови за растење, туку и поради различни, често спротивставени, барања и цели.

Поради тоа, во многу европски градови, зелениот катастар се зема како суштинска основа за правилно управување со зелените површини, преку кој ќе бидат разгледани географските и социо-културните разлики во придобивките и потребите на граѓаните во еден град.

Врз основа на сето досега изложено, можеме да заклучиме дека базата на дрвјата и грмушките (урбаната дендрофлора), т. е. Зелениот катастар има огромен број можности кои можат да се искористат. Во иднина спроведувањето на зелениот катастар треба да биде синхронизирано со одредување на идните цели и стратегии на урбаното зеленило на територијата на Општина Карпош односно која (сакаме) да биде примарната улога на урбаното зеленило.

Од она што го воочивме на терен е дека на опишаните локации кои беа предмет на попишување беше забележано неодамнешно дополнување со единки, т. е. на одредени локации имаше свежо садени нови единки на дрвја и грмушки. Па, така, согласно со Законот за урбано зеленило („Службен весник на РМ“ бр. 11/18) и од Законот за изменување и дополнување на Законот за урбано зеленило („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20), член 12 став 2 точка 7 се вели дека општината „воспоставува и ажурира Зелен катастар, достапен за јавноста“) се потенцира потребата од **ажурирање на овие активности**. За таа цел, пожелно е и се препорачува во идните планирања на следни фази на хортикултурни активности (садење), **тие видови (дрвја и грмушки) да бидат земени предвид, т. е. да бидат ажурирани и интегрирани** во базата на Зелениот катастар на град Скопје. Со ова се покажува дека **Општина Карпош е активно вклучена во ажурирањето на зеленилото**, а од друга страна директно се грижи и влијае на **одржливоста** на Зелениот катастар на град Скопје.

Исто така, нашата анализа покажа и потреба од дополнителни истражувања за одредување на соодветни видови дрвја и грмушки за урбано озеленување по локации. За попрецизен пристап предлагаме дополнителни анализи за (микро)локација и намена на видовите во соработка со академските кругови. Влијанијата од воздушни струеења, снег, мраз кај видови кои се високи повеќе од 15 m со оние кои се високи 5 m се различни, како и оние кои растат во погуст склоп и оние кои се поединечни, оние кои

се на рабови и оние кои се во средина на парковите. Нормално, негативните влијанија на ветрот, со кршење, оштетување и навалување на дрвјата е поголемо кај повисоките дрвја, најмладите и постарите дрвја, индивидуални и оние кои се почетна гранична линија и служат како заштита од силни воздушни струења за други дрвја, објекти итн.

Најважни фактори на влијание се, секако, **дендроеколошките карактеристики на видовите** во однос на абиотските и биотските влијанија. Дел од видовите се подложни на кршливост од атмосферски влијанија, а тоа може да претставува опасност за движењето на граѓаните и учесниците во сообраќајот доколку не се засадени на соодветна локација или несоодветно се одгледуваат. Други, пак, не трпат засена, а трети не поднесуваат сушни и непроветрени простори. Понатаму, некои видови дрвја се соодветни за дрвореди, авении, а некои, пак, за средишно булеварско зеленило, додека, пак, некои се одлични како дел од блоковско зеленило. Некои се декоративни во група, а некои поединечно и како солитери во паркови. И **не сите од нив подеднакво го „прочистуваат“ воздухот**, односно подеднакво го врзуваат $CO_2$ од атмосферата и другите полутанти, а за возврат да испуштаат кислород преку физиолошките процеси и транспортот на вода низ растителните органи.

Во процесот на попишување на дрвја и грмушки на територија на Општина Карпош предвидени со опфатот, беа идентификувани 53 таксони во категоријата дрвја (Анекс 1) и 27 таксони во категоријата грмушки (Анекс 2). Поверојатно е дека пониските таксони (вариетети, форми и култивари) уште повеќе ќе го зголемат ова урбано растително богатство. Но, помеѓу нив може да има **видови со инвазивни карактеристики** кои се наоѓаат на релевантните европски и светски листи и може да претставуваат закана за околната автохтона растителност. Впрочем, Општина Карпош, поради своите географско-климатски карактеристики, нуди одлична можност за избор на алохтони (странски), но и еколошки прилагодени **автохтони украсни дрвенести растенија**. Со употребата на вакви видови со сигурност ќе се намалат трошоците за нивно одржување и нега. Исто така, една од поплаките на граѓаните се и **алергените видови** дрвенести растенија кои предизвикуваат проблеми на одреден процент граѓани врз нивната здравствена состојба (алергии на полен, плод итн.). Тие видови треба да се идентификуваат и да се направи една сериозна анализа, за да се утврдат насоките за понатамошно дејствување за заштита на здравјето на граѓаните.

Конечно, како на секоја урбана средина, така и на Општина Карпош ѝ е потребен правилен избор на **видови соодветни на локацијата и намената**, заснован врз нивните **дендроеколошки и декоративни морфолошки карактеристики**, за што се потребни подробни истражувања и анализи, а вклучувањето во ажурирањето на базата на Зелениот катастар на град Скопје е одлична појдовна точка за реализација на зачувување и унапредување на градското зеленило на локално ниво.

# Анекс I: Атрибутна база на сите попишани дрвја

| Податоци за попишани дрвја на територија на општина Карпош внесени во базата на Зелениот катастар на Градот Скопје (2024 година) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ID број | Координати | | Латински назив на дрвјето | Дијаметар на пречник | Висина на дрвјето | Ширина на крошна | Оштетување | Искосеност | Забелешка |
| | X | Y | | | | | | | |
| 109820 | 7532142,83222749 | 4650919,93190462 | Prunus persica | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | Оштетена крошна | | |
| 109821 | 7532143,12411937 | 4650924,99322502 | Fraxinus ornus | 31-40 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109822 | 7532143,03135404 | 4650928,15532005 | Malus sylvestris | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109823 | 7532141,76623977 | 4650929,73091944 | Fraxinus ornus | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | Има | |
| 109824 | 7532141,61768054 | 4650934,26310384 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109825 | 7532141,29226716 | 4650935,6314894 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109826 | 7532142,25243351 | 4650935,1220915 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109827 | 7532142,10175448 | 4650940,25831878 | Robinia pseudoacacia | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109828 | 7532141,96829782 | 4650941,5419474 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109829 | 7532141,63714401 | 4650944,19453252 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109830 | 7532137,4079798 | 4650947,42899897 | Platanus orientalis | 41-50 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109830 | 7532146,77304873 | 4650976,95875701 | Platanus orientalis | 41-50 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109831 | 7532152,47471212 | 4650974,88276372 | Tilia tomentosa | 41-50 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109832 | 7532148,21941454 | 4650985,59238428 | Tilia tomentosa | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109833 | 7532155,79969519 | 4650987,72776931 | Tilia tomentosa | 41-50 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109834 | 7532153,35002563 | 4650982,07597836 | Tilia tomentosa | 41-50 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 109836 | 7532155,58372968 | 4650964,05503746 | Prunus armeniaca | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109837 | 7532152,89458465 | 4650952,16479718 | Aesculus hippocastanum | 51-60 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109838 | 7532156,92485737 | 4650947,18642935 | Aesculus hippocastanum | 41-50 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109839 | 7532163,413617 | 4650942,7846902 | Celtis australis | 51-60 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109840 | 7532158,59353151 | 4650935,6927646 | Celtis australis | 71-80 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109841 | 7532164,16610269 | 4650931,75828609 | Celtis australis | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109842 | 7532148,5928303 | 4650939,23036078 | Robinia pseudoacacia | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109843 | 7532148,53642511 | 4650936,11914782 | Robinia pseudoacacia | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109844 | 7532148,68851054 | 4650917,83114965 | Prunus armeniaca | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109845 | 7532153,10106252 | 4650921,71601341 | Juglans regia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109846 | 7532162,82727817 | 4650916,66885098 | Robinia pseudoacacia | 21-30 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | Има | |
| 109847 | 7532165,78345464 | 4650916,02217437 | Robinia pseudoacacia | 21-30 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109848 | 7532168,24953629 | 4650914,90194862 | Robinia pseudoacacia | 31-40 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109849 | 7532170,64825636 | 4650913,12152156 | Robinia pseudoacacia | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109850 | 7532170,6423513 | 4650914,44129667 | Cydonia oblonga | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109851 | 7532171,6183237 | 4650916,33109428 | Cydonia oblonga | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109852 | 7532169,57792713 | 4650916,60477958 | Cydonia oblonga | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109853 | 7532172,72269256 | 4650920,95534119 | Juglans regia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109854 | 7532170,37952683 | 4650926,03552 | Tilia tomentosa | 41-50 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109855 | 7532173,37142503 | 4650933,11927272 | Tilia tomentosa | 41-50 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109856 | 7532171,65308029 | 4650939,99340638 | Tilia tomentosa | 31-40 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 109857 | 7532177,9452559 | 4650932,38556838 | Tilia tomentosa | 31-40 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109858 | 7532177,89308236 | 4650928,33165861 | Prunus cerasifera var. atropupurea | 6- 10 cm | 0 - 5 m | 6 - 10 m | | | |
| 109860 | 7532178,19487278 | 4650939,45705117 | Prunus cerasifera var. atropupurea | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109861 | 7532178,67062118 | 4650943,13577052 | Prunus cerasifera var. atropupurea | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109862 | 7532176,35023922 | 4650943,12538612 | Picea abies | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | Целосно оштетено | | |
| 109859 | 7532177,85469061 | 4650936,91019711 | Prunus cerasifera var. atropupurea | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109863 | 7532165,97666511 | 4650962,59136158 | Tilia tomentosa | 51-60 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109864 | 7532167,98326975 | 4650965,50429078 | Juglans regia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109865 | 7532169,19317699 | 4650961,20271138 | Juglans regia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109866 | 7532166,82854762 | 4650954,24738295 | Mespilus germanica | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109867 | 7532170,8871277 | 4650958,86643772 | Fraxinus angustifolia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109868 | 7532171,74245451 | 4650955,83193707 | Fraxinus angustifolia | 21-30 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109869 | 7532174,58349842 | 4650953,64470689 | Acer monspessulanum | 6- 10 cm | до 5 m | до 5 m | | | |
| 109870 | 7532175,15857546 | 4650952,93167518 | Acer monspessulanum | 6- 10 cm | до 5 m | 6 - 10 m | | | |
| 109871 | 7532175,79983818 | 4650954,46798445 | Acer monspessulanum | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109872 | 7532174,73142378 | 4650954,66766191 | Acer monspessulanum | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109873 | 7532173,70067697 | 4650954,96973739 | Acer monspessulanum | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109874 | 7532174,7645167 | 4650955,79233237 | Acer monspessulanum | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 109875 | 7532175,68935175 | 4650953,59854091 | Acer monspessulanum | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109876 | 7532178,83618552 | 4650954,14596722 | Acer monspessulanum | 21-30 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109877 | 7532173,94309719 | 4650965,22737121 | Tilia tomentosa | 61-70 cm | 11 - 15 m | 6 - 10 m | | | |
| 109878 | 7532183,52659505 | 4650962,84490459 | Tilia tomentosa | 61-70 cm | 11 - 15 m | 6 - 10 m | | | |
| 109879 | 7532190,41559512 | 4650956,20601098 | Thuja orientalis | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109880 | 7532189,68129705 | 4650951,8572912 | Thuja orientalis | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109881 | 7532186,05966488 | 4650952,64953049 | Thuja orientalis | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109882 | 7532187,73601655 | 4650948,61477237 | Thuja orientalis | 11-20 cm | до 5 m | до 5 m | | | |
| 109883 | 7532194,59381222 | 4650948,94864598 | Celtis australis | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109884 | 7532194,75225525 | 4650947,23139386 | Celtis australis | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109885 | 7532199,91242138 | 4650956,34959247 | Chamaecyparis lawsoniana | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109886 | 7532203,07772833 | 4650956,46482549 | Chamaecyparis lawsoniana | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109887 | 7532203,98539945 | 4650955,76149496 | Chamaecyparis lawsoniana | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109888 | 7532203,17754481 | 4650951,00821798 | Celtis australis | 61-70 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109889 | 7532201,89842796 | 4650950,4972062 | Celtis australis | 41-50 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109890 | 7532207,00719888 | 4650954,25918188 | Picea abies | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109891 | 7532209,13898282 | 4650949,51907283 | Juglans regia | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109892 | 7532199,35171224 | 4650946,3071554 | Fraxinus angustifolia | 41-50 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109893 | 7532196,85671323 | 4650940,93898929 | Juglans regia | 41-50 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | Има | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 109894 | 7532195,92763045 | 4650937,85637644 | Koelreuteria paniculata | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109895 | 7532201,59055889 | 4650937,50372871 | Prunus cerasifera | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109896 | 7532202,74257021 | 4650937,28843274 | Tilia tomentosa | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109897 | 7532204,22377475 | 4650937,00112623 | Koelreuteria paniculata | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109898 | 7532206,14346477 | 4650936,71578415 | Koelreuteria paniculata | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109899 | 7532205,03704783 | 4650938,98886902 | Acer platanoides | 6- 10 cm | 0 - 5 m | 6 - 10 m | | | |
| 109900 | 7532207,18552585 | 4650936,57348157 | Koelreuteria paniculata | 31-40 cm | 0 - 5 m | 6 - 10 m | | | |
| 109901 | 7532209,77932703 | 4650936,27475299 | Acer platanoides | 21-30 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109902 | 7532215,58884534 | 4650935,15632861 | Acer platanoides | 31-40 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109903 | 7532219,36322723 | 4650938,12572597 | Catalpa bignonioides | 21-30 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109904 | 7532222,61785351 | 4650949,59043831 | Catalpa bignonioides | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109905 | 7532216,50630304 | 4650945,50010274 | Acer platanoides | 61-70 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109906 | 7532215,01982376 | 4650954,45039645 | Tilia tomentosa | 51-60 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109907 | 7532213,12239051 | 4650947,51641505 | Pinus nigra | 21-30 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109908 | 7532211,38731083 | 4650950,463513 | Tilia tomentosa | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109909 | 7532216,62584547 | 4650949,56358666 | Cydonia oblonga | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109910 | 7532216,19353124 | 4650948,58944228 | Koelreuteria paniculata | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109911 | 7532190,58635166 | 4650981,97370558 | Koelreuteria paniculata | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109912 | 7532188,76854952 | 4650981,96556716 | Koelreuteria paniculata | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109913 | 7532186,55615297 | 4650983,08720144 | Morus alba | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109914 | 7532184,9315571 | 4650983,42809468 | Morus alba | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 109915 | 7532166,47233483 | 4650986,1768046 | Prunus armeniaca | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109916 | 7532160,33122812 | 4650987,24197436 | Koelreuteria paniculata | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109917 | 7532161,19679807 | 4650986,94597942 | Ficus carica | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109918 | 7532171,92429663 | 4650993,84034533 | Robinia pseudoacacia | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109919 | 7532171,50309787 | 4650992,97333673 | Robinia pseudoacacia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109920 | 7532171,29094202 | 4650994,67268589 | Robinia pseudoacacia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109921 | 7532173,07869292 | 4650997,42310228 | Robinia pseudoacacia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109922 | 7532173,89712998 | 4650997,37191629 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109923 | 7532173,40057011 | 4650998,63120604 | Robinia pseudoacacia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109924 | 7532172,29772955 | 4650998,24233278 | Robinia pseudoacacia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109925 | 7532174,67146676 | 4650998,03356144 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109926 | 7532172,30337425 | 4650996,98084626 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109927 | 7532173,08311062 | 4650996,43585197 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109928 | 7532178,51672161 | 4650998,10561823 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109929 | 7532178,2220444 | 4650996,64974403 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109930 | 7532178,60702625 | 4650996,53019043 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109931 | 7532178,20987843 | 4650994,31511511 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109932 | 7532178,2587702 | 4650993,49671691 | Robinia pseudoacacia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109933 | 7532176,65934384 | 4650988,41907723 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109934 | 7532175,54950786 | 4650990,17563774 | Robinia pseudoacacia | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109935 | 7532174,31786383 | 4650990,73836072 | Robinia pseudoacacia | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 109936 | 7532180,42776437 | 4650998,72098892 | Robinia pseudoacacia | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109937 | 7532183,86203905 | 4650998,45224353 | Robinia pseudoacacia | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109938 | 7532183,87577405 | 4650995,38383819 | Robinia pseudoacacia | 31-40 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109939 | 7532181,07138987 | 4650996,96234243 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109940 | 7532181,28966196 | 4650995,54273291 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109941 | 7532180,36563367 | 4650993,66342295 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109942 | 7532179,64207456 | 4650994,34206602 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109943 | 7532179,7334524 | 4650992,86506506 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109944 | 7532180,62603418 | 4650992,30082543 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109945 | 7532179,09415021 | 4650993,6577322 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109946 | 7532186,49512787 | 4650988,25729577 | Robinia pseudoacacia | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109947 | 7532189,11773234 | 4650987,75670939 | Robinia pseudoacacia | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109948 | 7532188,78069133 | 4650989,87769923 | Robinia pseudoacacia | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109949 | 7532189,11345575 | 4650989,26526615 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109950 | 7532188,46614197 | 4650989,19290551 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109951 | 7532188,48062144 | 4650995,13912406 | Robinia pseudoacacia | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109952 | 7532190,26813006 | 4650994,59867195 | Juglans regia | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | Има | |
| 109953 | 7532192,35774344 | 4651001,33906491 | Fraxinus angustifolia | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109954 | 7532198,2447035 | 4650997,83829924 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109955 | 7532197,71024253 | 4650994,60910694 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109956 | 7532198,43362685 | 4650993,36691532 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 109957 | 7532200,16810462 | 4650992,63874649 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109958 | 7532202,27930227 | 4650992,64820194 | Robinia pseudoacacia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109959 | 7532203,41250303 | 4650994,18176114 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109960 | 7532202,60619133 | 4650995,0839178 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109961 | 7532203,74573056 | 4650995,20224279 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109962 | 7532202,39988902 | 4650994,00739417 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109963 | 7532204,1707591 | 4650994,58143097 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109964 | 7532200,44491101 | 4650996,82916365 | Prunus cerasifera | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109965 | 7532201,66915138 | 4650996,89125715 | Prunus cerasifera | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109967 | 7532199,05405658 | 4650996,25682963 | Prunus cerasifera | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109968 | 7532200,02824933 | 4650995,58186646 | Prunus cerasifera | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109969 | 7532201,2969957 | 4650995,13466466 | Prunus cerasifera | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109970 | 7532201,88382061 | 4650996,09967152 | Prunus cerasifera | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109971 | 7532200,78042063 | 4650997,34016083 | Prunus cerasifera | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109972 | 7532203,11184962 | 4650996,85329874 | Robinia pseudoacacia | 11-20 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109973 | 7532203,38787693 | 4650996,40239902 | Robinia pseudoacacia | 11-20 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109974 | 7532205,28608132 | 4650996,12831634 | Morus alba | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109975 | 7532204,9883439 | 4650996,72041126 | Morus alba | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109976 | 7532212,17003763 | 4650986,9344076 | Robinia pseudoacacia | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109977 | 7532213,71089711 | 4650987,26780925 | Robinia pseudoacacia | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109978 | 7532212,64928527 | 4650988,6778777 | Robinia pseudoacacia | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | Има | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 109979 | 7532212,79846982 | 4650991,61702857 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109980 | 7532211,39485067 | 4650996,88912523 | Robinia pseudoacacia | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | Има | |
| 109981 | 7532211,23640177 | 4650996,01775387 | Robinia pseudoacacia | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109982 | 7532210,42441044 | 4650996,06853244 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109983 | 7532210,21199978 | 4650994,10860781 | Robinia pseudoacacia | до 5 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109984 | 7532207,66788034 | 4650995,88233242 | Robinia pseudoacacia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109986 | 7532215,34044371 | 4650925,71551677 | Koelreuteria paniculata | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109987 | 7532204,5001224 | 4650922,6511853 | Celtis australis | 61-70 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 109988 | 7532203,74478394 | 4650925,67472299 | Acer platanoides | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109989 | 7532197,68567516 | 4650927,01642835 | Acer platanoides | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109990 | 7532202,59657246 | 4650926,93953664 | Koelreuteria paniculata | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109991 | 7532200,65500316 | 4650925,97427355 | Koelreuteria paniculata | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109992 | 7532201,49212785 | 4650926,62884852 | Ficus carica | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109993 | 7532204,168473 | 4650927,0713007 | Celtis australis | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109994 | 7532193,36555235 | 4650927,82667744 | Juglans regia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109995 | 7532193,04094705 | 4650925,81244945 | Ficus carica | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109996 | 7532189,09481052 | 4650925,42204584 | Acer platanoides | 31-40 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | | | |
| 109997 | 7532184,47743461 | 4650925,92320623 | Acer platanoides | 21-30 cm | 6 - 10 m | 6 - 10 m | Целосно оштетено | | |
| 109998 | 7532189,45345818 | 4650919,83261107 | Juglans regia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 109999 | 7532179,70714477 | 4650914,97493765 | Juglans regia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 110000 | 7532187,78080058 | 4650914,01736736 | Juglans regia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 110001 | 7532184,46615735 | 4650915,18366061 | Acer platanoides | 11-20 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 110002 | 7532190,80449452 | 4650910,26359027 | Fraxinus angustifolia | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 110003 | 7532193,90775899 | 4650911,81121171 | Fraxinus angustifolia | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 110004 | 7532197,8844239 | 4650910,88417551 | Juglans regia | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 110005 | 7532201,7150835 | 4650909,96241372 | Fraxinus ornus | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 110006 | 7532205,36169943 | 4650909,6348785 | Fraxinus ornus | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 110007 | 7532208,62132762 | 4650909,45189168 | Fraxinus ornus | 6- 10 cm | 0 - 5 m | до 5 m | | | |
| 110008 | 7532237,70368643 | 4650902,43894945 | Fraxinus angustifolia | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 110009 | 7532245,94311161 | 4650901,36904917 | Fraxinus angustifolia | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 110010 | 7532258,65353879 | 4650897,9492034 | Fraxinus angustifolia | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 110011 | 7532239,43516267 | 4650911,49170404 | Picea abies | 21-30 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 110012 | 7532243,56036806 | 4650913,85117171 | Platanus orientalis | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 110013 | 7532249,30417959 | 4650921,05499248 | Cupressus arizonica | 41-50 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
| 110014 | 7532246,53022797 | 4650922,8654143 | Cupressus arizonica | 31-40 cm | 6 - 10 m | до 5 m | | | |
Вториот дел од училишната кошаркарската лига се одржа во периодот од февруари до април. Пријавени училишни екипи беа: ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Димо Хаџи Димов, ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Лазо Трповски, ООУ Владо Тасевски, ООУ Војдан Чернодрински и ООУ Вера Циривири Трена. Натпреварите се играа во ООУ Војдан Чернодрински. Се одиграа 7 кола, секое коло имаше по 3 натпревари или вкупно 21 натпревари. По одигрувањето на седумте кола од училишната кошаркарската лига за ученици од основните училишта од подрачјето на Општина Карпош и добивањето на конечниот пласман на табелата, се пристапи кон организирање на завршен турнир или плеј оф во СЦ Борис Трајковски. Плеј оф се играше помеѓу четрите првопласирани училишни екипи по следниот распоред: прво пласираниот со четврто пласираниот и второ пласираниот со трето пласираниот. Победниците од овие два дуели играа во финалето за прво и второ место, додека поразените играа во малото финале за трето и четврто место. Во завршницата учествуваа четрите најдобри училишни екипи од регуларниот дел во кошаркарската лига: ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Војдан Чернодрински, ООУ Владо Тасевски и ООУ Петар Поп Арсов. По дводневните борби помеѓу четрите најдобри екипи беа прогласени трите најдобри кошаркарски училишни екипи, кои добија пехар, медали и дипломи.

Пласман на кошаркарските училишни екипи:
Прво место ООУ Владо Тасевски,
Второ место ООУ Јан Амос Коменски,
Трето место ООУ Петар Поп Арсов и
Четврто место ООУ Војдан Чернодрински.

Најдобро прогласени поединци во кошаркарската лига на Општина Карпош беа:

Павел Ѓиновски - Најдобар стрелец (ООУ Јан Амос Коменски)
Иван Крстев - Најдобар играч (ООУ Владо Тасевски)
Иван Костов - Најталентиран играч (ООУ Јан Амос Коменски)

ОДБОЈКА

Во одбојкарската лига за девојчиња учествуваа девет основни училишта: ООУ Вера Циривири Трена, ООУ Лазо Трповски, ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Владо Тасевски, ООУ Аврам Писевски, ООУ Димо Хаџи Димов, ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Војдан Чернодрински и ООУ Христијан Тодоровски Карпош. Пролетниот дел се реализира во период март - мај. Натпреварите се играа во: ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Владо Тасевски и ООУ Христијан Тодоровски Карпош.

По завршување на Лигата се одиграа и полуфиналните натпревари или попознато како плеј оф натпревари, помеѓу екипите на ООУ„Владо Тасевски” и ООУ„Војдан Чернодрински” и другата полуфинална двојка ООУ„Петар Поп Арсов” и ООУ „Јан Амос Коменски”, а во борбата за прво место се сретнаа екипите на ООУ„Јан Амос Коменски” и ООУ„Владо Тасевски”, каде што поуспешен тим и шампион стана училишната одбојкарска екипа на ООУ„Владо Тасевски”.

Пласман на одбојкарските училишни екипи:

Прво место ООУ Владо Тасевски,
Второ место ООУ Јан Амос Коменски,

Трето место ООУ Војдан Чернодрински и
Четврто место ООУ Петар Поп Арсов.

Награди за најдобро прогласените поединци спортисти:

Јана Илиевска - Најдобар играч (ООУ Владо Тасевски),
Моника Велков - Најталентиран играч (ООУ Војдан Чернодрински)
Матеа Василевска - Најкорисен играч (ООУ Јан Амос Коменски).

ФУДБАЛ

Училишната фудбалска лига се одигра на тревнатиот терен за мал фудбал на спортските терени во населбата Влае. За разлика од кошарката и одбојката, фудбалот се одигра во класичен лига систем. Пријавени училишни екипи беа: ООУ Јан Амос Коменски, ООУ Димо Хаџи Димов, ООУ Христијан Тодоровски Карпош, ООУ Петар Поп Арсов, ООУ Братство, ООУ Лазо Трповски, ООУ Аврам Писевски, ООУ Владо Тасевски, ООУ Војдан Чернодрински и ООУ Вера Циривири Трена. Вкупно се одиграа 9 кола по пет натпревари во секое коло, после кои се прогласија трите најдобри училишни фудбалски екипи на кои им беа доделени пехари, медали и дипломи:

Прво место ООУ Петар Поп Арсов,
Второ место ООУ Братство и
Трето место ООУ Христијан Тодоровски Карпош.

Најдобро прогласени поедници:

Јусуф Љазими - Најдобар стрелец (ООУ Братство),
Дарио Карамачоски - Најдобар голман (ООУ Лазо Трповски),
Давид Георгиевски - Најдобар играч (ООУ Петар Поп Арсов)
Ренато Амет - Најталентиран играч (ООУ Братство).

| ДОГОВОРИ ЗА НАСТАВНИЦИ ЗА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ КАРПОШ 2024 (јануари - јуни) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и Презиме** | **Бр. на договор** | **Износ** | **Договор за** | **Дата на исплата** |
| Марјан Угриновски | 03-3716/16 10.05.2024 | 8.500,00 | Кошарка 6натпревари х 500д= 3.000д<br>Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Плеј оф кошарка 2натпревари х 500д= 1000д | Исплатено |
| Александра Андонова | 03-3716/9 10.05.2024 | 5.000,00 | Одбојка 8натпревари х 500д = 4.000д | Исплатено |
| Душко Деспотовски | 03-3716/14 10.05.2024 | 4.000,00 | Одбојка 8натпревари х 500д = 4.000д | Исплатено |
| Борче Божиновски | 03-3739/11 10.05.2024 | 11.500,00 | Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Одбојка 8натпревари х 500д = 4.000д<br>Одбојка<br>Кошарка 6натпревари х 500д= 3.000д | Исплатено |
| Благоја Ставревски | 03-3716/10 10.05.2024 | 11.500,00 | Кошарка 6натпревари х 500д= 3.000д<br>Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Одбојка 8натпревари х 500д = 4.000д | Исплатено |
| Зоран Петровски | 03-3716/15 10.05.2024 | 12.500,00 | Кошарка 6натпревари х 500д= 3.000д<br>Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Одбојка 8натпревари х 500д = 4.000д<br>Одбојка<br>Плеј оф 2натпревари х 500д = 1000д | Исплатено |
| Татијана Трпезановска | 03-3716/21 10.05.2024 | 4.500,00 | Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д | Исплатено |
| Миодраг Славковиќ | 03-3716/17 10.05.2024 | 5.000,00 | Одбојка 8натпревари х 500д = 4.000д<br>Одбојка Плеј оф 2натпревари х 500д = 1000д | Исплатено |
| Оливера Даневска | 03-3716/18 10.05.2024 | 11.500,00 | Кошарка 6натпревари х 500д= 3.000д<br>Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д<br>Одбојка 8натпревари х 500д = 4.000д | Исплатено |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Давор Божиновски | 03-3716/13 10.05.2024 | 4.500,00 | Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д | Исплатено |
| Гоце Дуковски | 03-3716/12 10.05.2024 | 7.500,00 | Кошарка 6натпревари х 500д= 3.000д Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д | Исплатено |
| Александар Аргировски | 03-3739/8 08.05.2023 | 5.000,00 | Одбојка 8натпревари х 500д = 4.000д Одбојка Плеј оф 2натпревари х 500д = 1000д | Исплатено |
| Петар Лунга Филиповски | 03-3716/19 10.05.2024 | 4.000,00 | Кошарка 6натпревари х 500д= 3.000д Плеј оф кошарка 2натпревари х 500д= 1000д | Исплатено |
| Славка Колевска | 03-3716/20 10.05.2024 | 12.500,00 | Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д Одбојка 8натпревари х 500д = 4.000д Одбојка Плеј оф 2натпревари х 500д = 1000д Кошарка 6натпревари х 500д= 3.000д | Исплатено |
| Христијан Ќосевски | 03-3716/22 10.05.2024 | 4.500,00 | Фудбал 9натпревари х 500д= 4.500д | Исплатено |

| ДОГОВОРИ ЗА СУДИИ ЗА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ КАРПОШ 2024 (јануари - јуни) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и Презиме** | **Бр. на решение** | **Износ** | **Договор за** | **Дата на исплата** |
| Дејан Мишковски | 03-3716/1 10.05.2024 | 22.500,00 | Лига Фудбал 9х5=45х500д= 22.500д | Исплатено |
| Зоран Лазовски | 03-3716/2 10.05.2024 | 22.500,00 | Лига Фудбал 9х5=45х500д= 22.500д | Исплатено |
| Зоран Бочваровски | 03-3716/6 10.05.2024 | 20.000,00 | Лига Одбојка 9х4=36х500д= 18.000д Плеј оф 2х2=4х500д= 2.000д | Исплатено |
| Филип Кнапиќ | 03-3716/7 10.05.2024 | 20.000,00 | Лига Одбојка 9х4=36х500д= 18.000д Плеј оф 2х2=4х500д= 2.000д | Исплатено |
| Владо Владичевски | 03-3716/3 10.05.2024 | 12.500,00 | Лига Кошарка 7х3=21х500д= 10.500д Плеј оф 2х2=4х500д= 2.000д | Исплатено |
| Иван Ников | 03-3716/4 10.05.2024 | 11.000,00 | Лига Кошарка 7х3=21х500д= 10.500д Плеј оф Кошарка 1 натпревар 500д | Исплатено |
| Христијан Упевчев | 03-3716/5 10.05.2024 | 11.000,00 | Лига Кошарка 7х3=21х500д= 10.500д Плеј оф Кошарка 1 натпревар 500д | Исплатено |

| Наградување на професори – тренери во училишните спортски игри Карпош 2024 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и презиме** | **Број на решение** | **Износ** | **Награда за** | **Дата на исплата** |
| Миодраг Славковиќ | 55 – 4981/7 05.07.2024 | 8.000,00 | освоено прво место во училишната одбојкарска лига | Исплатено |
| Александра Андонова | 55 – 4981/8 05.07.2024 | 6.000,00 | освоено второ место во училишната одбојкарска лига | Исплатено |
| Зоран Петровски | 55 – 4981/9 05.07.2024 | 5.000,00 | освоено трето место во училишната одбојкарска лига | Исплатено |
| Петар Лунга Филиуповски | 55 – 4981/3 05.07.2024 | 8.000,00 | освоено прво место во училишната кошаркарска лига | Исплатено |
| Марјан Угриновски | 55 – 4981/2 05.07.2024 | 6.000,00 | освоено второ место во училишната кошаркарска лига | Исплатено |
| Гоце Дуковски | 55 – 4981/1 05.07.2024 | 5.000,00 | освоено трето место во училишната кошаркарска лига | Исплатено |
| Гоце Дуковски | 55-4981/13 05.07.2024 | 8.000,00 | освоено прво место во училишната фудбалска лига | Исплатено |
| Тања Трпезановска | 55-4981/14 05.07.2024 | 6.000,00 | освоено второ место во училишната фудбалска лига | Исплатено |
| Славка Колевска | 55-4981/15 05.07.2024 | 5.000,00 | освоено трето место во училишната фудбалска лига | Исплатено |

| Идивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри на Општина Карпош за 2023/2024 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и презиме** | **Број на решение** | **Износ** | **Награда за** | **Дата на исплата** |
| Иван Крстев | 55 – 4981/6 05.07.2024 | 6.000,00 | најдобар играч во училишната кошаркарска лига | Исплатено |
| Павел Ѓиновски | 55 – 4981/4 05.07.2024 | 6.000,00 | најдобар стрелец во училишната кошаркарска лига | Исплатено |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Никола Костов | 55 – 4981/5 05.07.2024 | 6.000,00 | најталентиран играч во училишната кошаркарска лига | Исплатено |
| Јана Илиевска | 55 – 4981/10 05.07.2024 | 6.000,00 | најдобар играч во училишната одбојкарска лига | Исплатено |
| Матеа Василевска | 55 – 4981/11 05.07.2024 | 6.000,00 | најкорисен играч во училишната одбојкарска лига | Исплатено |
| Моника Велков | 55 –4981 /12 05.07.2024 | 6.000,00 | најталентиран играч во училишната одбојкарска лига | Исплатено |
| Дарио Карамачоски | 55 – 4981/17 05.07.2024 | 6.000,00 | најдобар голман во училишната фудбалска лига | Исплатено |
| Јусуф Љазими | 55 –4981 /18 05.07.2024 | 6.000,00 | најдобар стрелец во училишната фудбалска лига | Исплатено |
| Давид Георгиевски | 55 – 4981/16 05.07.2024 | 6.000,00 | најдобар играч во училишната фудбалска лига | Исплатено |
| Ренато Амет | 55 – 4981/19 05.07.2024 | 6.000,00 | најталентиран играч во училишната фудбалска лига | Исплатено |

ОТВАРАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ИГРИ (период септември - декември)
23.09.2024

Во вистинска навивачка атмосфера и веќе подготвени за нови спортски предизвици и резултати, на 23.09. во дворот на ООУ Петар Поп Арсов, каде што воедно беше и промовирано новото спортско игралиште за фудбал и официјално беа отворени спортските училишни игри во Општина Карпош за учебната 2024/2025 година. Учениците - спортисти ќе си ги одмерат силите во одбојка (девојчиња), фудбал и кошарка.

- ФУДБАЛА

Фудбалската лига започна на 23.09. и во нејзе земаа учество сите десет општински основни училишта од подрачјето на општина Карпош (ООУ Д.Х.Димов, ООУ Ј.А.Коменски, ООУ В.Тасевски, ООУ В.Чернодрински, ООУ В.Ц.Трена, ООУ Х.Т.Карпош, ООУ Л.Трповски, ООУ А.Писевски, ООУ П.П.Арсов и ООУ Братство). Традиционално се игра во лига систем секој со секого во девет кола, во коло по пет натпревари. Натпреварите се одигрувaа на спортските терени во населба Влае. По првиот дел најмногу покажа и со право се закити со титулата есенски шампион екипата на ООУ Петар Поп Арсов.

- КОШАРКА

Кошаркарската лига помеѓу основни училишта на општина Карпош во есенскиот дел започна да се игра на 07.10. Во кошаркарската лига учествуваа 8 училишта (ООУ Ј.А.Коменски, ООУ В.Тасевски, ООУ В.Чернодрински, ООУ Л.Трповски, ООУ П.П.Арсов, ООУ Х.Т.Карпош, ООУ Д.Х.Димов и приватното училиште ИПС) и секое училиште одигра по 6 натпревари. Натпреварите се играа во училишната сала на ООУ ”Војдан Чернодрински”. Во есенскиот дел имаше доста интересни натпревари, а кошаркарската екипа на ООУ “Владо Тасевски” се најдоа на врвот на табелата и се здобија со титула есенски шампион помеѓу основни училишта на територијата на општина Карпош.

- ОДБОЈКА

Женската одбојкарска лига ја сочинуваа десет основни училишта (ООУ Д.Х.Димов, ООУ Ј.А.Коменски, ООУ В.Тасевски, ООУ В.Чернодрински, ООУ В.Ц.Трена, ООУ Х.Т.Карпош, ООУ Л.Трповски, ООУ А.Писевски, ООУ П.П.Арсов и ООУ Братство) и започна на 03.10. Во женската одбојкарска лига се одигруваше по едно коло во неделата или четри натпревари по коло. Натпреварите од лигата се одигруваат во спортската сала на основното училиште Христијан Тодоровски Карпош и Владо Тасевски. Одбојкарската лига како и другите лиги се игра во два дела есенски дел и пролетен дел по девет кола во секој дел. Сите одиграни натпревари од првиот есенски дел поминаа во коректна и спортска атмосфера од страна на сите учесници во лигата, а шампионот во есенскиот дел од лигата е основното училиште на ООУ Владо Тасевски.

| ДОГОВОРИ ЗА НАСТАВНИЦИ ЗА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ КАРПОШ 2024 (септември - декември) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и Презиме** | **Бр. на договор** | **Износ** | **Договор за** | **Дата на исплата** |
| Марјан Угриновски | 03-7800/16 05.11.2024 | 10.000,00д | Кошарка 7 натпревари х 500д= 3.500д , Куп кошарка 3 натпревари х 500= 1.500д Фудбал 9 натпревари х 500д= 4.500д, куп фудбал 1 натпревар х 500д = 500д | Исплатено |
| Александра Николовска | 03-7800/9 05.11.2024 | 6.000,00д | Одбојка 9 натпревари х 500д = 4.500д, и Куп одбојка 3 натпреварх 500=1.500д | Исплатено |
| Миодраг Славковиќ | 03-7800/17 05.11.2024 | 6.000,00д | Одбојка 9 натпревари х 500д = 4.500д, Куп одбојка 3 натпревари х 500= 1.500д | Исплатено |
| Борче Божиновски | 03-7800/11 05.11.2024 | 14.000,00д | Фудбал 9 натпревари х 500д= 4.500д, фудбал куп 1 натпрева х 500= 500д, Одбојка 9 натпревари х 500д = 4.500д, Куп одбојка 1 натпревар х 500д= 500д, Кошарка 7 натпревари х 500д= 3.500д , Куп кошарка 1 натпревари х 500= 500д | Исплатено |
| Благоја Ставревски | 03-7800/10 05.11.2024 | 15.000,00д | Кошарка 7 натпревари х 500д= 3.500д, куп кошарка 2 натпревар х 500д= 1.000д, Фудбал 9 натпревари х 500д= 4.500д, куп фудбал 2 натпревар х 500д= 1.000д Одбојка 9 натпревари х 500д = 4.500д, куп одбојка 1 натпревар х 500д= 500д | Исплатено |
| Никола Панчевски | 03-7800/15 05.11.2024 | 15.500,00д | Кошарка 7 натпревари х 500д= 3.500д, куп кошарка 2 натпревар х 500д = 1.000д Фудбал 9 натпревари х 500д= 4.500д, куп фудбал 1 натпревари х 500д = 500д, Одбојка 8 натпревари х 500д = 4.000д, одбојка куп 3 натпревари х 500д = 1.500д, | Исплатено |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Татијана Трпезановска | 03-7800/21 05.11.2024 | 6.000,00д | Фудбал 9 натпревари х 500д= 4.500д, куп фудбал 1 натпревар х 500д = 500д Одбојка 9 натпревари х 500д = 4.500д, куп одбојка 1 натпревар х 500д= 500д | Исплатено |
| Петар Лунга Филиповски | 03-7800/19 05.11.2024 | 4.500,00д | Кошарка 7 натпревари х 500д= 3.500д, кошарка куп 1 натпревари х 500д = 500 | Исплатено |
| Славка Колевска | 03-7800/20 05.11.2024 | 14.500,00д | Фудбал 9 натпревари х 500д= 4.500д куп фудбал 2 натпревари х 500д = 1.000д Кошарка 7 натпревари х 500д= 3.500д, куп кошарка 1 натпревар х 500д = 500д Одбојка 9 натпревари х 500д = 4.500д, одбојка куп 1 натпревари х 500д = 500д, | Исплатено |
| Оливера Даневска | 03-7800/18 05.11.2024 | 9.500,00д | Фудбал 9 натпревари х 500д= 4.500д, фудбал куп 2 натпревар х 500д = 1.000д, Одбојка 9 натпревари х 500д = 4.500д, одбојка куп 1 натпревари х 500д = 500д | Исплатено |
| Давор Божиновски | 03-7800/13 05.11 .2024 | 5.000,00д | Фудбал 9 натпревари х 500д= 4.500д, фудбал куп 1 натпревари х 500д = 500д, | Исплатено |
| Гоце Дуковски | 03-7800/12 05.11.2024 | 9.500,00д | Кошарка 7 натпревари х 500д= 3.500д, кошарка куп 1 натпревар х 500д = 500д, Фудбал 9 натпревари х 500д= 4.500д, фудбал куп 2 натпревари х 500д = 1.000д, | Исплатено |
| Александар Аргировски | 03-7800/8 05.11.2024 | 5.000,00д | Одбојка 9 натпревари х 500д = 4.500д, одбојка куп 1 натпревари х 500д = 500д, | Исплатено |
| Душко Деспотовски | 03-7800/14 05.11.2024 | 5.500,00д | Одбојка 9 натпревари х 500д = 4.500д, одбојка куп 2 натпревар х 500д = 1.000д | Исплатено |
| Христијан Ќосевски | 03-7800/22 05.11.2024 | 5.500,00д | Фудбал 9 натпревари х 500д= 4.500д, фудбал куп 2 натпревари х 500д = 1.000д, | Исплатено |

| ДОГОВОРИ ЗА СУДИИ ЗА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ КАРПОШ 2024 (септември -декември) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и Презиме** | **Бр. на решение** | **Износ** | **Договор за** | **Дата на исплата** |
| Дејан Мишковски | 03-7800/1 05.11.2024 | 27.000,00 | Лига Фудбал 9 кола x 5 натпревари = 45 натпревари x 500д = 22.500д, Куп денови на општина 9 натпревари x 500=4.500д | Исплатено |
| Зоран Лазовски | 03 -7800/2 05.11.2024 | 27.000,00 | Лига Фудбал 9 кола x 5 натпревари = 45 натпревари x 500д = 22.500д Куп денови на општина 9 натпревари x 500=4.500д | Исплатено |
| Зоран Бочваровски | 03-7800/6 05.11.2024 | 27.000,00 | Лига Одбојка 9 кола  x 5 натпревари = 45 натпревар x 500д= 22.500д Куп  денови на општина 9 натпревари x 500д =4.500д | Исплатено |
| Филип Кнапиќ | 03-7800/7 05.11.2024 | 27.000,00 | Лига Одбојка 9 кола  x 5 натпревари = 45 натпревар x 500д= 22.500д Куп  денови на општина 8 натпревари x 500д =4.000д | Исплатено |
| Влатко Владичевски | 03-7800/3 05.11.2024 | 17.500,00 | Лига Кошарка 7 кола x 4 натпревари =28 натпревари x 500д = 14.000д, Куп денови на општина 7 натпрвари x 500 = 3.500д | Исплатено |
| Александар Гавриловски | 03-7800/5 05.11.2024 | 17.500,00 | Лига Кошарка 7 кола x 4 натпревари =28 натпревари x 500д = 14.000д, Куп денови на општина 7 натпрвари x 500 = 3.500д | Исплатено |
| Горазд Зафировски | 03-7800/4 05.11.2024 | 17.500,00 | Лига Кошарка 7 кола x 4 натпревари =28 натпревари x 500д = 14.000д, Куп денови на општина 7 натпрвари x 500 = 3.500д | Исплатено |

Предвидени средства: 2.100,000,00 денари
Набавка на пехари и медали: 77.410,00 денари
Договор професори, судии, награди професори и ученици спортисти плус 11.111% персонален данок= 624.438,00 денари

Наградно спортска екскурзија: 790.119,00 денари
Разглас: 13.120,00 денари
Спортска опрема: 244.670,00 денари

2. ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

Овој оглас ѓи опфати сите активни спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, кој се натпреваруваат во системот на националните спортски федерации и кој со својот квалитет допринесуваат за промоција на Општината и државата како на домашен, така и на меѓународен план. Во зависност од постигнатите спортски резултати на клубот, беа одредени и висината на финансиските средства.

| Реден бр. | Подносител | Сума |
|---|---|---|
| 1 | Шаховски клуб Гамбит АССЕКО | 105.000,00 |
| 2 | Боксерски клуб УНИВЕРЗАЛЦИ | 100.000,00 |
| 3 | Џудо клуб Ипон | 75.000,00 |
| 4 | Вардар ЕМ-ОДБОЈКАРСКИ КЛУБ | 75.000,00 |
| 5 | Фит Фан Волеј | 75.000,00 |
| 6 | Карате Клуб Скопје | 60.000,00 |
| 7 | Биатлон Мунте | 60.000,00 |
| 8 | Карате Професионал | 60.000,00 |
| 9 | ФК Лепенец | 40.000,00 |
| 10 | Одбојкарски клуб Вардар јуниор | 40.000,00 |
| 11 | ТФТ | 40.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Кошаркарски клуб ИБА | 30.000,00 |
| 13 | Бадминтон Клуб Карпош | 30.000,00 |
| 18 | ФК Карев | Одобрено од Совет 150.000,00 |
| 19 | Мото клуб Вардар | 30.000,00 |
| 20 | Мото клуб САКАМОТО | 30.000,00 |

Предвидени средства: 1.000.000,00 денари

3. СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА КАРПОШ КОИ УЧАТ ВО VIII И IX ОДДЕЛЕНИЕ

Огласот беше објавен на 27ми август и траеше заклучно до 6ти септември. Исто така огласот беше постиран и на социјалните мрежи на општината. Вкупно беа поднесени 38 апликации, од кои 29 беа одобрени во висина од 3.500,00 денари и 6 стипендии по 3.000,00 денари, додека 6 подносители не ги исполнија критериумите од огласот.

| ЕН . | ИМЕ ПРЕЗИМЕ И СПОРТ | ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | ОДД. | БОДОВИ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ведра Гирова (Бадминтон) | ООУ Братство | VIII | 3.5 | Прва категорија |
| | Лазар Саздов (Бадминтон) | ООУ Братство | IX | 3.5 | Прва категорија |
| | Лиа Кајев | ООУ Братство | IX | 6 | Прва категорија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | (Коњички спортови) | | | | |
| | Тамара Трифуноска (Пливање) | ООУ В. Тасевски | IX | 18 | Прва категорија |
| | Анѕела Стоилковска (Кик бокс) | ООУ В. Тасевски | VIII | 3 | Прва категорија |
| | Јована Божиновска (Бадминтон) | ООУ В. Тасевски | IX | 3.5 | Прва категорија |
| | Ања Боев (Спортски танци) | ООУ В.Тасевски | IX | 12 | Прва категорија |
| | Теа Трајковска (Кошарка) | ООУ В.Тасевски | IX | 3 | Прва категорија |
| | Мила Николова (Карате) | ООУ В.Тасевски | VIII | 6 | Прва категорија |
| | ВарвараАтанасовска (Атлетика) | ООУ В.Тасевски | IX | 3,5 | Прва категорија |
| | Виктор Поленак (Бадминтон) | ООУ В.Чернодрински | IX | 3 | Прва категорија |
| | Ивана Божиновска (Тенис) | ООУ В.Чернодрински | VIII | 1,5 | Втора категорија |
| | Бистра Груевска (Триатлон) | ООУ В.Чернодрински | VIII | 12 | Прва категорија |
| | Симон Танчевски (Спортско качување) | ООУ В.Чернодрински | VIII | 3 | Прва категорија |
| | Матеја Смолиќ (Пинг понг) | ООУ Ј.А.Коменски | IX | 3 | Прва категорија |
| | Дарија Панева (Пливање) | ООУ Ј.А.Коменски | VIII | 1 | Втора категорија |
| | Дарјан Пановски (Тенис) | ООУ Ј.А.Коменски | VIII | 0,5 | Втора категорија |
| | Анабела Гиновска (Кошарка) | ООУ Ј.А.Коменски | IX | 3 | Прва категорија |
| | Миа Авиа (Кошарка) | ООУ Лазо Трповски | IX | 3 | Прва категорија |
| | Леон Тасевски (Бадминтон) | ООУ Петар Поп Арсов | VIII | 6 | Прва категорија |
| | Анисиа Георгиевска (Атлетика) | ООУ Петар Поп Арсов | VIII | 4 | Прва категорија |
| | Стефани Мицкоска (Џудо) | ООУ Петар Поп Арсов | IX | 6 | Прва категорија |
| | Војдан Андоновски | ООУ Петар Поп | IX | 3,5 | Прва категорија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | (Пливање) | Арсов | | | |
| | Никола Блажевски (Кошарка) | ООУ Петар Поп Арсов | IX | 3 | Прва категорија |
| | Теодор Спировски (Спортска гимнастика) | ООУ Х.Т.Карпош | IX | 0,5 | Втора категорија |
| | Филип Андоноски (Фудбал) | ООУ Х.Т.Карпош | IX | 3 | Прва категорија |
| | Мартин Ничевски (Пливање) | ООУ ДимоХ.Димов | VIII | 1 | Втора категорија |
| | Павел Николовски (Спортско качување) | ООУ Димо Х.Димов | IX | 3 | Прва категорија |
| | Даниел Милошевски (Пливање) | ООУ Димо Х.Димов | IX | 21 | Прва категорија |
| | Лео Гацов (Карате) | НОВА | IX | 3 | Прва категорија |
| | Тео Гацов (Карате) | НОВА | IX | 3 | Прва категорија |
| | Леа Ѓорѓевска (Џиу џица) | ИПС | IX | 3 | Прва категорија |
| | Даријан Калеников (Триатлон) | ИПС | VIII | 0,5 | Втора категорија |
| | Лина Ѓорѓевска (Џиу џица) | ИПС | IX | 3 | Прва категорија |
| | Андреј Цубалевски (Бадминтон) | ООУ Војдан Чернодрински | IX | 3 | Прва категорија |

## 4. ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Оваа финансиска поддршка се доделува на спортисти, рекреативци и сите оние кои се занимават со спортско рекреативна активност. Финансиската подршка беше наменета за припреми, учество на домашни и меѓународни натпревари, спортски кампови, организирање на разни спортски активности, турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортски програми кои не се опфатени со оваа програма и за постигнат спортски успех во висина до 30.000,00 денари.

ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОДРШКА ЗА 2024

| ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| Име и Презиме | Спорт | Еднократна подршка | исплата |
| Димитар Бошнаков | Пливање | 30.000,00 | Исплатено |
| Никита Лековски | Карате | 14.400,00 | Исплатено |
| Леон Тасевски | Бадминтон | 28.800,00 | Исплатено |
| Даријан Калеников | Триатлон | 30.000,00 | Исплатено |
| Јана Ѓеорѓиевска | Триатлон | 12.800,00 | Исплатено |
| Мила Николова | Карате | 14.400,00 | Исплатено |
| Стефан Тодоров | Пливање | 30.000,00 | Исплатено |
| Кирил Николовски | Шах | 30.000,00 | Исплатено |
| Деана Прилепчанска | Уметничко лизгање | 12.800,00 | Исплатено |
| Катја Танаскоска | Пливање | 30.000,00 | Исплатено |
| Калин Ѓурчиновски | Пливање | 14.400,00 | Исплатено |
| Тамара Трифуновска | Пливања | 14.400,00 | Исплатено |
| Павел Трпковски | Мечување | 30.000,00 | Исплатено |
| Бистра Груевска | Триатлон | 14.400,00 | Исплатено |
| Наумче Костевски | Фудбал | 30.000,00 | Исплатено |
| Здружение Гал Ицко | ГалИцко фестивал | 30.000,00 | Исплатено |
| ББ Херкулес | Фитнес вежби | 30.000,00 | Исплатено |
| 3x3 Баскетбол | Баскет турнир | 30.000,00 | Исплатено |

Предвидени средства: 900.000,00 денари
Вкупно исплатени средства со персонален данок : 522.217,00денари

5. СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТУРНИРИ ПО ПОВОД ДЕНОВИ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Фудбалски куп**

Во рамките на програмата за одбележувањето на денови на Општина Карпош 03 ноември, се одигра фудбалски куп, а учествуваа 10 основни училишта од подрчјето на

Општина Карпош. Се одиграа вкупно 9 натпревари на терените на спортскиот центар Влае по систем елиминации. Во големото финале се сретнаа екипите на ООУ„Владо Тасевски” и ООУ„Христијан Тодоровски Карпош”. Победник на фудбалскиот куп беше училишната екипата на ООУ„Христијан Тодоровски Карпош”. На учесниците во финалниот натпревар им беа доделени дипломи за учество и пехар за освоениот куп.

Кошаркарски куп

Исто така по повод денови на Општина Карпош се организираше и кошаркарски куп помеѓу основните училишта од Општина Карпош. Натпреварите се играа во ООУ “Којдан Чернодрински. Учествуваа 8 училишта кои се во Општинската лига и се играше систем на елиминации. Победник на купот по повод денови на Општина Карпош беше ООУ”Јан Амос Коменски”, кој беше поуспешен во финалето од кошаркарската екипа на приватното училиште “ИПС”.

Одбојкарски куп

За одбојкарскиот куп беа пријавени 10 екипи од основните училишта на теритоија на Општина Карпош. Турнирот помина во фер и спортска атмосфера, а победник на одбојкарскиот куп беше екипата на ООУ„Јан Амос Коменски” кој ја совлада екипата на ООУ„Војдан Чернодрински”. На учесниците во финалниот натпревар им беа доделни дипломи, а за победникот на купот му беше доделен пехар.

ПЕНЗИОНЕРСКИ ИГРИ

По тринаесети пат се одржаа традицоналните Пензионерски спортски игри на кои земаа учество околу 60 рекреативци. Исто така како и секоја година активните учесници во натпреварувањето беа бодрени од околу 250 свои членови.

Граѓаните на Карпош од така нареченото третото доба, од пензионерските друштва, Тафталице и Карпош, си ги одмерија силите во пет дисциплини и тоа: пикадо (мажи и жени), скок во далечина (мажи), фрлање ѓуле (мажи и жени), трчање 60 метри (жени) и трчање 80 метри (мажи), шут на гол како и влечење јаже (мажи).

На годинешните Пензионерски спортски игри беа постигнати следните реаултати:

**Скок од место (мажи)**

1. Вранешевиќ Томислав - Тафталиџе
2. Кралевски Иван - Тафталиџе
3. Велковски Љубе - Тафталиџе

**Пикадо (мажи)**

1. Крстев Стојан - Тафталиџе
2. Груевски Стевче - Карпош
3. Димитровски Ристо - Карпош

**Пикадо (жени)**

1. Младеновска Деска
2. Станковска Роза
3. Крстева Славица

**Ѓуле (мажи)**

1. Кралевски Иван - Тафталиџе
2. Андоновски Благоја - Тафталиџе
3. Божиновски Живко - Тафталиџе

**Ѓуле (жени)**

1. Трајановска Росина - Карпош
2. Куцуловска Љубица - Тафталиџе
3. Јаневска Илинка - Карпош

**Трчање на 80 метри (мажи)**

1. Петровски Тодор - Тафталиџе

2. Милановски Славе - Тафталиџе
3. Станковски Ѓорги - Тафталиџе

**Трчање на 60 метри (жени)**

1. Муратовска Снежана - Карпош
2. Бошевска Јадранка - Карпош
3. Аврамовска Биљана - Тафталиџе

**Шут на гол (жени)**

1. Куцуловска Љубица - Тафталиџе
2. Бабакова Маја - Карпош
3. Петковска Светлана - Тафталиџе

**Шут на гол (мажи)**

1. Вучидолов Спасе - Тафталиџе
2. Стефановски Љубомир - Карпош
3. Дамовски Илија - Тафталиџе

Во последната дисциплина влечење на јаже во женска и во машка конкуренција, победници се членовите на Тафталиџе

Најдобрите тројца пласирани спортисти добија пехари и дипломи, а по доделувањето на пехарите беше организиран и ручек за сите присутни пензионери.

Предвидени средства 120.000,00 денари

Свечен ручек 56.000,00 денари, Разглас 8.732,00 денари

УЧИМЕ ДА ПЛИВАМЕ ВО КАРПОШ

Проектот е реализиран во базенот на СЦ Борис Трајковски. Според програмата на клубот и зацртаните активности и цели, беше активирање на млади пливачи од најрана возраст (предучилишна и одделенска), каде беше ставен акцент на обука, зголемување, подобрување и совладување на пливачката техника до преднатпреварувачка фаза. Се вложи голем труд да се анимираат деца и родители за приклучување во овој проект. Со професионалниот пристап што го имаа ангажираните лица за реализирање на проектот и сите оние кои земаа активно учество во истиот, убрзано напредуваа и ја подобрија својата пливачка моторна способност и активност.

Во проектот беше вклучен компетентен кадар од струката односно од пливањето, кој со својот пристап и високи критериуми кон почетниците во пливањето створија една достојна база за идни пливачи кои доколку амбициозно продолжат активно да се занимават со овој спорт можат да се изградат во идни квалитетни македонски пливачи.

Ова е само еден мал скромен допринос и бенифит што клубот го подари на нашите најмлади, со голема подршка од советот и општината.

Одобрените финансиски средства се искористија за:

- Користење на пливачки стази во СЦ Борис Трајковски 131.700,00 денари;
- Ангажирање на два тренера (еден за работа со почетници), 8.000,00 денари месечно или вкупно 192.000,00 денари;
- И други разни трошоци за кои се доставени фискални сметки

Иако, се потроши повеќе од предвидените средства доделени од страна на општината, ние како клуб изразуваме голема благодарност и почит кон сите советници во советот на Општина Карпош и Градоначалникот за укажаната доверба и подршка што ни ја дадоа во реализација на еден ваков проект

Предвидени средства: 300.000,00 денари

МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ОЛИВЕР СОКОЛОВ СОКОЛ

По дваесети пат оваа година се одржа традиционалниот меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов Сокол. Истиот започна на 1-ви Септември и траеше до 28-ми Септември, на кој беа пријавени вкупно 40 тимови, од повеќе градови од Македонија.

Оваа година се доделија следните награди:

- Прво место 500.000,00 денари,
- Второ место 250.000,00 денари,
- Трето место 120.000,00 денари,
- Четврто место 60.000,00 денари,
- Најдобар играч 20.000,00 денари,
- Најдобар голман 20.000,00 денари и
- Најдобар млад играч 20000,00 денари.

Предвидени средства: 300.000,00 денари

УЧЕСТВО НА СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА ПРИ ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КАРПОШ НА СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (СИС-УПОЗ)

Во период од 06 – 09.06.2024 година во Охрид, хотел Белви, се одржаа 29-те спортски игри и средби. На овие игри се организираа спортски натпревари во: кошарка, фудбал, пинг понг, пикадо, пливање и шах. На овие синдикални игри организирани од УПОЗ, Општина Карпош, беше севкупен победник во машка конкуренција.

Постигнати резултати: Кошарка (м) прво место, Одбојка прво место (мешано), Фудбал (м) трето место, Баскет (ж) трето место, Влечење јаже (м) трето место.

Хотелско сместување: 185.565,00 денари, спортска опрема 217.270,00 денари, свечен ручек 22.770,00 денари и останатите 74.395,00 денари се искористија за патни и попатни трошоци.

Предвидени средства: 500.000,00 денари

ШАХОВСКИ БОЖИЌЕН ТУРНИР

Турнирот се одржа на 24.03.2024 година во хотелот Александар Палас. Учествуваа 168 шахисти од 5 држави од Македонија, Бугарија, Србија и Косово. Учествуваа три велемајстори, пет интермајстори и девет мајстори и многу млади играчи од Македонија.

Првото место го освои Мајстор од Бугарија Љубомир Данов.

Наградниот фонд изнесуваше 94.000,00 денари: 1место 20.000д, 2 место 15.000д, 3 место 10.000, 4 место 7.000д, 5 место 6.000д, 6 место5.000д, 7 место 4.000д., 8 место 3.000д., 9 место 3.000д, 10 место 3.000д..

Останатите финансиски средства се искористија за: судии 10.000д, пријавување во ФИДЕ 9.500д., хотел Александар Палас 45.000д., организациони трошоци 12.000д. и персонален данок 9.500д..

Предвидени средства: 150.000,00 денари

ПВК ЛОКОМОТИВА

Од 15-17.11.2024 година во базенот на СЦ Борис Трајковски, успешно се организираше меѓународен ватерполо турнир на возраст до 14 години. На овој турнир учество земаа тимови од: Локомотива (Македонија), Вардар 8 (Македонија), Медвешчак (Хрватска), Наис (Србија), Расина (Србија).

Освојувач на турнирот беше Медвешчак (Хрватска), второ место Наис (Србија), трето место Локомотива (Македонија), Расина (Србија) го освои четвртото место и петто пласиран тим беше тимот на Вардар 8 (Македонија).

Користење на базен - 120.000,00, денари

Озвучување - 5.000,00 денари

Сместување и храна за учесниците - 150.000,00 денари

Пехари и награди - 12.000,00 денари

Предвидени средства 100.000,00 денари

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/22
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9; член 36, став 1, точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Македонија“ 202/2024), Советот на Општина Карпош на 60 . седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детска заштита, социјална заштита и здравствената заштита за 2024 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделение за детската, социјалната и здравствената заштита.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-312/25**
**Датум 23.01.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА

# 2024 ГОДИНА

Согласно со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година, Одделението за детска, социјална и здравствена заштита ги реализираше предвидените активности,

***1.Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „ Пролет “***

Оваа програмска активност не е реализирана од причина што од Министерството за труд и социјална политика се пролонгираше потпишувањето на Договорот за соработка

***2.Обновување и унапредување на дидактички материјали во Јавните установи општински детски градинки***

Целта на оваа програмска активност е обновување на еколошките и дидактичките материјали во предучилишните установи и повлекување од употреба на старите и нефункционални играчки , изработени од помалку квалитетни материјали , со цел обезбедување на поквалитетна воспитно-образовна работа, подобрување на развојот на децата, поголема социјализација и стекнување на нови навики и вештини

.

- ✓ Предвидени финансиски средства:

  300 000, оо ден.

- ✓ Реализирани финансиски средства:

  300. 000, оо ден.

Реализатор: Општина Карпош

*3.Членство на Општина Карпош во Европската агенција за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG) – Франкфурт, Германија.*

Општина Карпош е прва институционална членка во Светот во оваа престижна организација веќе 13 години. Бенефитите од ова членство општината ги чувствува во соработката преку претставниците на оваа организации во делот од организирање работилници, семинари, конгреси преку здобивање на знаења и следење на Европската законска регулатива. Објавувањето на трудови од областа на безбедност на храна и развој на предучилишните и училишните установи придонесува афирмирање на општината во светски рамки.

- ✓ Предвидени финансиски средства:

  30 500, оо ден.

- ✓ Реализирани финансиски средства:

  30 500, оо ден.

Реализатор : Европско тело за хигиенски инжинеринг и дизајн EHEDG

4.*Парична помош за лица/семејства во социјален ризик, за лекување, поплава -пожар во домот*

Еднократна парична помош се доделува еднаш во годината на лица/ семејства во состојба на социјален ризик, лекување и елементарна непогода.
За остварување на право за ваков надоместок потребно е да се достави соодветна документација. Комисија за доделување на еднократна парична помош, формирана од Градоначалникот составена од советници и вработени од општинска администрација ги разгледува барањата комплетирани со потребните документи ( вработените од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита прават увид во домот на барателот) и одлучуваат за висината на паричната помош.
Покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа: психо-социјална помош, упатување во соодветна институција и решавање на нивните проблеми кои што се во ингеренции на општината.

- ✓ Предвидени финансиски средства:

  6.000.000, оо ден.

- ✓ Реализирани финансиски средства:

  6.000.000, оо ден

Реализатор : Општина Карпош

*5. Парична помош за секое новородено - посвоено дете на територијата на Општина Карпош*

Еднократна парична помош во висина од 8.000.оо денари се доделува на секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми по програмата ( родителите да се жители на Општина Карпош – што се утврдува со документ за лична идентификација, на денот на поднесување на барањето новороденчето да не е постаро од 90 дена , вкупните приходи на родителите да не се повисоки од 60.000,оо денари) од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита. Во тековната 2024 година парична помош била одобрена за 67 новородени/посвоени деца.

- ✓ Предвидени финансиски средства:

  600. 000, оо ден.

- ✓ Реализирани финансиски средства:

  595.496,оо ден.

Реализатор : Општина Карпош

*6. Хуманитарна акција – „Да бидеме хумани за нашите соседи“*

Хуманитарната акција под мотото „ Да бидеме хумани за нашите соседи “ во 20234година беше организирана еднаш и тоа по повод роденденот на Општина Карпош – 3 ноември

Во акцијата беа вклучени општинските детски градинки, училиштата од Општина Карпош и вработените во општинската администрација

Во двете хуманитарни акции беа доделени вкупно 140 пакети на две локации и тоа: во УЗ „ Карпош 2 “, во УЗ „ Влае 1 “
Пакетите содржеа трајни прехрамбени производи и хигиенски средства, а беа доделени на лица/семејства кои се наоѓаат во тешка материјална состојба.

На старите и изнемоштени граѓани , пакетите им беа доставени до нивните домови, од страна на претставници на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита.

- ✓ Предвидени финансиски средства:

  30 000, оо ден.

- ✓ Реализирани финансиски средства:

  11.800,оо ден.

Реализатор: Општина Карпош

*7. Одбележување на 3-ти Декември – Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти, сподели среќа“*

По повод 3 – ти Декември – Денот на лицата со попреченост, Општина Карпош секоја година го организира одбележувањето на овој светски ден под мотото „Сите сме исти, сподели среќа“.
На 203 лице е доделена еднократна парична помош во висина од 5.000,оо денари ,средства планирани во буџетот на општината.

- ✓ Предвидени финансиски средства :

  1.300 000, оо денари

- ✓ Реализирани финансиски средства:

  1.127 000, оо денари

Реализатор: Општина Карпош

*8.Посета на Геронтолошки завод 13-ти Ноември, Оддел „ Мајка Тереза “ - Злокуќани*

По повод одбележувањето на неделата на грижа за стари лица и одбележување на 48 годишнината од формирањето на Општина Карпош Градоначалникот и претставници од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита ги посетија штитениците кои се сместени во домот за стари лица „ Мајка Тереза “- Геронтолошки завод 13 Ноември.

Во оваа пригода општината обезбеди пакети за лична употреба, наменети за 62 штитеници од домот.

На средбата се разговараше за унапредување и подобрување на условите за престој на старите лица за тоа дека локалната самоуправа во континуитет се грижи за старите лица.

Предвидени финансиски средства :
30 000,оо денари

- ✓ Реализирани финансиски средства:

30 000,оо денари.
Реализатор : Општина Карпош

*9. Финансиска поддршка за проекти од областа на детската,социјалната и здравствената заштита*

Поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита ( унапредување на предучилишниот воспитно- згрижувачки процес, поддршка за стари лица и маргинализираните групи на граѓани од Општина Карпош).

Постапката се одвива преку објавување на оглас ,кој е отворен во текот на целата година или до исцрпување на предвидените финансиски средства. Поднесените проекти ги разгледува и одлучува комисија од петмина советници од Советот и двајца вработени во администрацијата.
Во 2024 година преку архивата на Општина Карпош до Одделението за детска, социјална и здравствена заштита беа поднесени вкупно 7 предлог-проекти од физички или правни лица.
По разгледување на поднесениата документација од Комисија за доделување на финансиска поддршка за проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита, одобрени и реализирани беа вкупно 2 проекти.
Едниот од нив со име „ Во занималната има место за секој “- циклус работилници за јакнење на компетенциите на воспитувачи и негователи за поддршка/ работа со деца со попреченост од

предучилишните установи на подрачјето на Општина Карпош беше реализиран од Македонското Монтесори Здружение .

Вториот проект кој беше одобрен и реализиран е од Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци „ Љубезност “ – Скопје е „ Интегрирана психосоцијална и правна поддршка, здравствена заштита и вдомување на бездомниците и социјално загрозените на територија на Општина Карпош.

На двете здруженија беше одобрена подеднаква сума од по 100.000,оо денари за реализација на наведените проекти.

**Предвидени финансиски средства :**
**200 000,оо денари**

**Реализирани финансиски средства:**

**200 000,оо денари.**

***10. Месечен паричен надомест за осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест за лица вклучени во програмата за општинско корисна работа- ангажирање на воспитувачи и негователи со лиценца во предучилишните установи на територијата на Општина Карпош***

Во рамки на програмата Општинско- корисна работа за 2023/2024 година, а во соработка со УНДП и АВРСМ , Општина Карпош преку Проектот „ Ангажман на лица ( воспитувачи и негователи со лиценца ) во предучилишните установи на територијата на Општина Карпош ангажираше, воспитувачи и негователи со лиценца.

Вклучени беа четирите градинки во кои беа ангажирани вкупно 8 лица ( воспитувачи и негователи со лиценца ), за 4 часа дневно во период од 3 месеци.

**Предвидени финансиски средства :**
**54.336,оо ден**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

- ✓ 54.336,оо ден

*11. Посебен превоз за стари лица и лица со попречености со посебно опремени наменски возила.*

Со оваа услуга се обезбедува бесплатен превоз за стари лица и лица со пореченост со посебно опремени наменски возила. Овие возила се користат за превоз на корисници кои не се во можност самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална или друга услуга заради старост, болест, неможност  или потешкотии при самостојно движење или пак имаат потреба од придружник .

Во тек на 2024 година успешно беа реализирани вкупно 118 превози , и постојано се зголемува потребата и интресот на граѓаните со што бројот на превози се зголемува за 25 до 30 % на месечно ниво.

**Предвидени финансиски средства :**
**655.000,оо денари**

**Реализирани финансиски средства:**

**334.600.000,оо денари**

*12. Обновување и унапредување на дидактичките материјали во Јавната установа општинска детска градинка „ Пролет “*

Бидејќи не беше реализирана активноста предвидена во точка 1„,Инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ „Пролет“ ,финансиските средства беа пренаменети за обновување на еколошки дидактички материјали во истата градинка

**Предвидени финансиски средства :**
**200.000,оо денари**

**Реализирани финансиски средства:**

**200.000,оо денари**

*13. Одобрување финансиски средства за потребите на ЗП Карпош Скопје*

Финансиска поддршка за Здружение на пензионери Карпош како дополнување до полната цена за купување на деловен простор со цел обезбедување на подобри услови за функционирање,работа, дружење и реализирање на различни активности на пензионерите од Општина Карпош.

**Предвидени финансиски средства :**
**620.000,оо денари**

**Реализирани финансиски средства:**

**620.000,оо денари**

**14.Развивање на социјалните услуги на локално ниво**

Ова се вонпрограмски активности кои се реализираат во партнерска соработка со Македонското Монтесори Здржение и Црвениот Крст на град Скопје .

Првата услуга е центар за дневен престој - „Центар за стручна помош и поддршка на деца со попреченост и нивните семејства – МоПи“. Даватeл на услугата е Македонското Монтесори Здружение, кое е лиценциран давател на услугата, Услугата се испорачува преку индивидуални третмани и психо-социјална поддршка од страна на стручни лица (специјални едукатори и рехабилитатори и психолози) и е наменета за деца со попреченост и развојни потешкотии на возраст од 2-10 години, со приоритет на деца од Општина Карпош. Со оваа услуга годинава се опфатени 26 деца ( 16 на училишна и 10 на предучилишна возраст ).

Втората услуга „ Помош и нега во домот “ се реализира во партнерство со Црвениот Крст на град Скопје. Со оваа услуга се обезбедува помош во вршење на основни инструментални активности од секојдневниот живот на стари лица со намален функционален капацитет , од страна на професионални и сертифицирани негуватели за стари лица.

Со оваа услуга се опфатени се вкупно 80 корисници од кои 19 мажи и 61 жена од територијата на Општина Карпош.

**Вкупно предвидена финансиска рамка во Програмата: 10.019.836,оо денари**

**Реализирани финансиски средства: 9.503.732оо денари**
**Останати финансиски средства: 516.104,оо денари**

ЗАКЛУЧОК:

Одделението за детска, социјална и здравствена заштита прави максимални заложби за реализација на сите програмски активности, а особено на оние кои се насочени кон подобрување на квалитетот на живот на маргинализираните групи на граѓани, а особено граѓаните во социјален ризик во период кога е зголемена економската и енергетската криза.
Одделението ќе продолжи и во иднина да ги планира и унапредува програмските и вонпрограмските активности кои се насочени кон ранливите групи на граѓани во нашата општина (најмладите, социјално-загрозените, болни лица, лица со попреченост, пензионери).

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година

1. Се објавува ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/23** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум:24.01.2025 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8; член 36, став 1, точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), Советот на Општина Карпош на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделение за образование.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 09-312/26
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов

ИЗВЕШТАЈ

за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош

од областа на образование за 2024 година

Општина Карпош во дејноста Образование, својата годишна Програма ја реализираше како организатор на повеќе активности и манифестации кои се од јавен интерес за учениците, младите и за граѓаните на Општината.

Покрај предвидените активности од Програмата, во текот на јануари-декември 2024 година беа остварени и низа други активности кои сами по себе произлегоа како потреба за да се оствари воспитно-образовниот процес кај учениците во основните училишта на територија на Општина Карпош.

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ

НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ЗА 2024 ГОДИНА

Општина Карпош и во текот на 2024 година продолжи со обезбедување на ужинки за учениците од прво до деветто одделение од општинските основни училишта на територија на

Општина Карпош, поради подобрување на квалитетот на живеење на жителите на Општината и поддршка на учениците и нивните родители.

Општината субвенционира ужинки за ученици од 1 до 9 одделение во висина од 50% од месечниот надомест.

Ужинките ги опфаќа учениците:

- јануари-јуни 2024 година, за учебната 2023/2024 година
- септември-декември 2024 година, за учебната 2024/2025 година

Општина Карпош обезбедува приближно околу 1.275 ужинки месечно во сите општински основни училишта.

Добавувач на ужинките во сите основни општински училишта на територија на Општина Карпош е компанијата Ванила Фуд ДОО.

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | **6.000.000,00** |
| **Потрошени финансиски средства** | **4.456.920,00** |

Во Програмата за Образование за 2024 година, предвидената активност-организирање на еднодневни излет во околината на Скопје за учениците од 1-9 одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош во 2024 година, изготвени согласно Правилникот за

начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците. Превозот на учениците за еднодневен излет на релација општинско основно училиште-Сарај-општинско основно училиште, беше реализиран од страна на Ганиќ Екслкузив ДОО Општина Карпош обезбеди превоз за 6303 ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош.

Еднодневните екскурзии беа организирани во период од 30.05.2024-14.06.2024 годинаод страна на сите десет училишта.

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | **2.500.000,00** |
| **Потрошени финансиски средства** | **2.225.012,00** |

Согласно член 73 став (1) од Законот за основно образование Општина Карпош обезбеди бесплатен и безбеден секојдневен превоз до општинските основни училишта за 2024 година за ученици кои користат превоз.

Со оваа активност беа опфатени вкупно 160 ученици.

1. Од с.Злокуќани до ООУ„Аврам Писевски“ (70 ученици)
2. Од Кривидол до ООУ„Вера Циривири Трена“ (14 ученици)
3. Од Средно и Горно Нерези до ООУ „Братство“ (76 ученици)

| |
|---|
| 500.000,00 |
| 288.300,00 |

По реализираните постапки со цел доделување на Стипендии за талентирани ученици од 8 (осмо) и 9 (деветто) одделение од општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош за 2024 година,

- Во период февруари-јуни 2024 година, за учебната 2023/2024 година се доделени 32 (триесет и две) стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на Општина Карпош и тоа:

**прва категорија** во износ од 3.000,00 денари - 23 ученици

**втора категорија** во износ од 2.500,00 денари - 9 ученици

- Во период октомври-декември 2024 година, за учебната 2024/2025 година се доделени 51 (педесет и една) стипендија за талентирани ученици од општинските основни училишта на Општина Карпош и тоа:

**прва категорија** во износ од 3.500,00 денари - 22 ученици

**втора категорија** во износ од 3.000,00 денари - 29 ученици

Сите ученици добитници на стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на Општина Карпош се исплатени за сите предвидени месеци во 2024 година.

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | 2.500.000,00 |
| **Потрошени финансиски средства** | 1.055.000,00 |

Општина Карпош континуирано ги следи најдобрите ученици, ги мотивира и наградува. На крајот на учебната година најдобрите 10 (десет) ученици, првенци на генерација од основните училишта од општина Карпош се наградуваат со парична награда од 10.000 денари и наградно патување.

Првенец на генерација избира секое училиште со формирање на комисија, која што го прави изборот на најдобриот ученик- првенец на генерација, според пропишани критериуми (успех, поведение, освоени награди, дипломи и сл.)

А) <u>Најдобри полуматуранти</u> – првенци на генерација за учебната 2023/2024 година:

| | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | УЧИЛИШТЕ |
|---|---|---|
| 1 | Бисера Гирова | ООУ„Братство’ |
| 2 | Јована Петрушевска | ООУ„Аврам Писевски“ |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Ана Петрова | ООУ„Војдан Чернодрински“ |
| 4 | Ева Дренковска | ООУ „Јан Амос Коменски“ |
| 5 | Максим Кацкаровски | ООУ„Петар Поп Арсов“ |
| 6 | Огнен Цацаноски | ООУ „Димо Хаџи Димов“ |
| 7 | Катерина Моцан | ООУ „Лазо Трповски“ |
| 8 | Ема Маневска | ООУ „Вера Циривири-Трена’ |
| 9 | Илина Трајчулески | ООУ „Владо Тасевски“ |
| 10 | Михаела Карадимче | ООУ„Христија Тодоровски Карпош |

Б) Наградно патување за полуматуранти за учебната 2023/2024 година и наградно патување за полуматуранти за учебната 2022/2023 година.

За учениците првенци на генерација, најдобри спортисти и спортски екипи од Програмата за образование се издвојуваат пари за автобуски превоз.

Првенци на генерација за учебните 2022/2023 година и првенци на генерација 2023/2024 година кои беа во кампот Каливас - Грција од 21.06. до 27.06.2024 година:

| | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | УЧИЛИШТЕ |
|---|---|---|
| 1 | Бистра Бојаџиевска | ООУ „Лазо Трповски“ |
| 2 | Катерина Моцан | ООУ „Лазо Трповски“ |
| 3 | Софија Јаревска | ООУ „Братство“ |
| 4 | Ведран Алексовски | ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ |
| 5 | Михаела Карадимче | ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ |
| 6 | Ања Јаковска | ООУ „Владо Тасевски“ |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Теодора Георгиевска | ООУ „Јан Амос Коменски“ |
| 8 | Ева Дренковска | ООУ „Јан Амос Коменски“ |
| 9 | Сара Јоргаќиевска | ООУ „Петар Поп Арсов“ |
| 10 | Максим Кацкаровски | ООУ „Петар Поп Арсов“ |
| 11 | Ана Петрова | ООУ„Којдан Чернодрински“ |
| 12 | Јована Петрушевска | ООУ„Аврам Писевски“ |

| | |
|---|---|
| Најдобри полуматуранти | 120.000,00 денари |
| Наградно патување | 560.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | 680.000,00 |
| **Потрошени финансиски средства** | 680.000,00 |

Доделување еднократна финансиска поддршка на лица кои се занимават со активности од областа образованието. Средствата беа наменети за поддршка за ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари, учество како предавачи на стручни симпозиуми и конференции од областа на образованието и друг вид барања од областа на образованието. За таа цел Градоначалникот на Општина Карпош формираше комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата која ги разгледуваше апликациите. Право на аплицирање имаа физички лица, жители на Општина Карпош и правни

лица,
регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области. Огласот траеше цела година, до исцрпување на финансиските средства, со напомена проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2024 година.

Во Комисијата за образованието како претставници од Советот на Општина Карпош беа советниците: Добрила Андоновска, Невена Георгиевска, Ивана Петковска и Емилија Арсовска Гордана Јовановска вработени во Општина Карпош.

Комисијата за образование одлучи финансиска помош да се додели на следниве баратели:

ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

| | Име и презиме | Одобрени финансии | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| 1 | Надица Митевска | 24.500.00 | Оделенски наставник од Војдан Чернодрински „Емоционална писменост и интелигенција“-проект |
| 2 | Елизабета Томевска-Илиевска | 30.000,00 | За печатење на универзитетски учебник „Развој на говор и јазично описменување“ |
| 3 | Миро Јанковски | 13.500,00 | Ученик во СМУГЦ„Панче Караѓозов“ за учество во зимска училишна школа во истражувачка станица Петница во Ваљево. |
| 4 | Љупка М.Живковиќ | 18.000,00 | Предметен наставник во ООУ„Војдан Чернодрински“ за учество на регионална наставничка конференција во Велика Горица-Р.Хрватска |
| 5 | Татијана Јанкуловска | 18.000,00 | Директор во ООУ„Јан Амос Коменски“ за учество на регионална наставничка конференција во Велика |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Горица-Р.Хрватска |
| 6 | Христина Антоска Борисова | 18.000,00 | Директор во ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ за учество на регионална наставничка конференција во Велика Горица-Р.Хрватска |
| 7 | Дивна Карапанчева | 18.000,00 | Предметен наставник во ООУ„вера Циривири Трена“ за учество на регионална наставничка конференција во Велика Горица-Р.Хрватска |
| 8 | Петар Николовски | 100.000,00 | Објавување и печатење на книга „Хронологија на развојот на стандардизација на регулативата за енергетска ефикасност, на едукација и на медиумска популаризација“ |
| 9 | Орце Петковски | 15.000,00 | Објавување и печатење на детска поетска едукативна боенка„Светот на Калин“ |
| 10 | Олгица Бајалџиева | 15.000,00 | Наставник по биологија во ООУ „П. П.Арсов<br><br>Учество на шестата ANN_EX_YU регионална конференција за воспитувачи, учители, наставници и стручни соработници – „Светот на образованието ги брише границите“-Бања Лука |
| 11 | Александра Митровска | 15.000,00 | Наставник по англиски јазик во ООУ „П. П.Арсов<br><br>Учество на шестата ANN_EX_YU регионална конференција за воспитувачи, учители, наставници и стручни соработници – „Светот на образованието ги брише границите“-Бања Лука |
| 12 | Дарјан Мирчевски | 180.000,00 | Ученик од основното училиште „Јахја Кемал“<br><br>Учество на Меѓународен натпревар по математика на Колумбија универзитет |
| 13 | Марјан Угриновски | 7.500,00 | Ментор ООУ„Ј.А.Коменски“-прво место државен-кошарка |
| 14 | Бојана Божиновска- | 7.500,00 | Ментор од ООУ„В.Тасевски“-прво место државен- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Манасијева | | германски јазик |
| 15 | Даниел Николовски | 7.500,00 | Ментор ООУ„Х.Т.Карпош“-прво место државен-хемија |
| 16 | Катерина Милевска | 7.500,00 | Ментор ООУ„П.П.Арсов“-прво место државен-математика јазик |
| 17 | Слаѓана Чекичевска | 7.500,00 | Ментор ООУ„В.Ц.Трена“-прво место државен-вокална интерпретација |
| 18 | Соња Деловска | 7.500,00 | Ментор ООУ„В.Тасевски“-прво место државен-македонски јазик |
| 19 | Даниела Радевска | 7.500,00 | Ментор ООУ„Л.Трповски“-прво место државен-природни науки |
| 20 | Марија Златановска | 7.500,00 | Ментор ООУ„Ј.А.Коменски“-прво место државен-хор |
| 21 | Мирјана Патаркоска | 7.500,00 | Ментор ООУ„П.П.Арсов“-прво место државен-природни науки |
| 22 | Ники Радосављевиќ | 7.500,00 | Ментор ООУ„П.П.Арсов“-прво место државен-англиски јазик |
| 23 | Теодора Смилановска | 7.500,00 | Ученик ООУ„П.П.Арсов““-прво место државен-природни науки |
| 24 | Андреа Јовановска | 7.500,00 | Ученик ООУ„ П.П.Арсов“-прво место државен-англиски јазик |
| 25 | Максим Станоев | 7.500,00 | Ученик ООУ„Л.Трповски“-прво место државен-природни науки |
| 26 | Нела Манчевска | 7.500,00 | Ученик ООУ„ В.Ц.Трена““-прво место државен-музичко |
| 27 | Марко Коцески | 7.500,00 | Ученик ООУ„П.П.Арсов“-прво место државен-природни науки |
| 28 | Тамара Несторoска | 7.500,00 | Ученик ООУ„В.Ц.Трена““-прво место државен-математика |
| 29 | Михаела Карадимче | 7.500,00 | Ученик во ООУ„ Х.Т.Карпош“-прво место државен- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | хемија |
| 30 | Ана Марија Томов | 7.500,00 | Ученик ООУ„В.Тасевски“прво место државен-германски јазик |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | 600.000,00 |
| **Потрошени финансиски средства** | 600.000,00 |

За проекти од областа на образованието општината распиша Јавен оглас, За таа цел Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата која ги разгледуваше апликациите. Право на аплицирање имаа физички лица, жители на Општина Карпош и правни лица, регистрирани за дејноста образование во сите области. Огласот траеше цела година, до исцрпување на финансиските средства, со напомена проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2024 година.

Во Комисијата за финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на образованието како претставници од Советот на Општина Карпош се советниците: Добрила Андоновска, Невена Георгиевска, Ивана Петковска и Емилија Арсовска Гордана Јовановска вработени во Општина Карпош.

Комисијата за проекти од образование одлучи да се додели финансиска поддршка на следниве проекти:

| ПРОЕКТИ | | | |
|---|---|---|---|
| | **Име на проектот** | **Одобрени финансии** | **ЗАБЕЛЕШКА** |
| 1 | Сензибилизација на стручните тимови и наставниците за работа со деца во училиштата за надминување на последиците од разводот на родителите и живеење во еднородителско семејство | 60.000.00 | Драгана Батиќ-Проф.на Факултет за безбедност |
| 2 | Меѓународна ликовна колонија за млади „Свети Пантелејмон“ | 130.000.00 | Детски културен центар |
| 3 | „Разбуди го родителот во себе“ | 60.000.00 | Соња Китановска Кимовска Проф.на Филозофски факултет |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | 300.000,00 |
| **Потрошени финансиски средства** | 250.000,00 |

Со цел подигање на свеста кај учениците, родителите и наставниците за важноста на животната средина и рециклирањето, како модел за заштита на животната средина, училиштата се натпреваруваа за најдобро уреден еко-училишен двор (катче или дел од дворот) . Оценувањето го изврши Комисијата формирана од Градоначалникот, составена од 3 (три) членови од Советот на Општина Карпош, Татјана Стојановска. Добрила Андоновска и Виолета Куновска и 2 (два) члена од општинската администрација, Марина Филиповска и Мирјана Велниќ.

Се изврши евалуација на пристигнатите апликаци во кој беа доставени фотографии од 9 (девет) основни училишта, по Јавен повик за доделување на награди за најдобро уреден ЕКО-училишен двор.

На состанокот на Комисијата беше констатирано дека до Одделението за образование, се пристигнати 9 (девет) апликаци од основните училишта, во затворен плик, во кој беа доставени и фотографии во боја. По разгледувањето на апликациите, Комисијата ги посети училишните дворови и изврши бодување во согласност со Јавниот повик и го констатираше следново:

| | Општинско основно училиште | Освоени бодови |
|---|---|---|
| 1 | „Јан Амос Коменски„ | 396 |
| 2 | „Петар Поп Арсов„ | 387 |
| 3 | „Аврам Писевски“ | 353 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | „Лазо Трповски“ | 206 |
| 5 | „Димо Хаџи Димов“ | 446 |
| 6 | „Војдан Чернодрински“ | 405 |
| 7 | „Христијан Тодоровски Карпош“ | 315 |
| 8 | „Вера Циривири Трена“ | 403 |
| 9 | „Братство“ | 302 |

Во категоријата Награда за најдобро уреден Еко-училишен двор/катче се наградија следниве училишта:

| | | |
|---|---|---|
| 1 Место | ООУ„ Димо Хаџи Димов“ | 70.000 денари |
| 2 Место | ООУ„Војдан Чернодрински“ | 50.000 денари |
| 3 Место | ООУ„Вера Циривири-Трена“ | 30.000 денари |

| | |
|---|---|
| Награди | 150.000 денари |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | 155.000,00 |
| **Потрошени финансиски средства** | 150.000,00 |

На 1 Септември 2024 Денот на првачињата, Градоначалникот, советниците и вработените од одделението за образование ги посетија првачињата во ООУ „Јан Амос Коменски“ и им посакаа успешен почеток на учебната 2024/2025 година.

На првиот училишен ден секое општинско основно училиште организира соодветна пригодна програма по повод приемот на првачињата на првиот училишен ден.

По тој повод општината исплати финансиски средства во висина од 20.000,00 денари на сите 10 (десет) општински основни училишта на територија на Општина Карпош. Целта е финансиска поддршка на училиштата за организација на активности и пригодни подароци за секое прваче по повод првиот училишен ден.

| | |
|---|---|
| Предвидени финансиски средства | 200.000,00 |
| Потрошени финансиски средства | 200.000,00 |

По повод денот на општината, учество земаа учениците од 10 (десетте) основни училишта и деца од градинките на територија на Општина Карпош, кои дефилираа од своите училишта и градинки до местото на одржување на настанот, со цветни додатоци и транспаренти.

Настанот се одржа на игралиштето на ООУ „Лазо Трповски“ во училишниот двор, каде што беше поставена бина, украсена со балони и цвеќе. Се одржаа музички и кореографски настапи на талентираните ученици и деца од градинките. На настанот присуствуваше Градоначалникот на Општина Карпош со гости од збратимените градови. Ова

воедно беше дружење кај учениците, забава меѓу најмладите, промоција на младите таленти и развивање на другарството помеѓу децата.

| | |
|---|---|
| Изнајмување бина и озвучување | 51.290,00 денари |
| Украсување | 22.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | 200.000,00 |
| **Потрошени финансиски средства** | 73.290,00 |

Општина Карпош ја поддржува меѓуетничката интеграција со финансиска помош на општинските основни училишта на територија на општината, преку разновидни обуки, организирање на спортски игри, квизови на знаење, поттикнување на соработката и дружењето помеѓу учениците со збратимените училишта од другите општини. Наставата се одвива на македонски, и на јазици кои се говорат во училиштата. За оваа цел на сите 10 (десет) основни општински училишта им беа исплатени по 10.000,00 денари.

| | **Општинско основно училиште** | **Збратимено училиште** |
|---|---|---|
| 1 | ООУ „Лазо Трповски“ | ООУ„Лирија“ од Општина Чаир |
| 2 | ООУ“Јан Амос Коменски“ | ООУ„Сабедин Бајрами“од с. Камењане, Општина Боговиње |
| 3 | ООУ “Димо Хаџи Димов“ | ООУ„ Луиѓ Гуракуќи“ –Тетово и од 2020 год. со ПОУ„Кирил |

| | | |
|---|---|---|
| | | и Методиј“-с.Страчинци, општина Гази Баба |
| 4 | ООУ „Војдан Чернодрински“ | ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ с.Долно Количане Општина Студеничани |
| 5 | ООУ„Петар Поп Арсов“ | ООУ „Ибе Паликуќа“ с. Бојане |
| 6 | ООУ„Аврам Писевски“ | ООУ „Пашко Васа“ од с.Групчин Тетово и е партнер со ООУ„Лиман Каба “ с.Љуботен. |
| 7 | ООУ„Владо Тасевски“ | ООУ„Хасан Приштина“ |
| 8 | ООУ„Вера Циривири-Трена“ | ООУ „Братство“- Општина Карпош. |
| 9 | ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ | ООУ „Јосип Броз Тито“ од с. Жировница. |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | 100.000,00 |
| **Потрошени финансиски средства** | 100.000,00 |

Хорски натпревар меѓу училиштата, како круна на годишната работа на хоровите се одржа на ден 31.05.2024 година, со почеток од 12:30 часот, во Кинотека на Македонија, по петти пат, каде што учество земаа девет основни училишта.

За првите две места одлучуваше жири- комисијата составена од 5 (пет) члена и тоа: Добрила Андоновска – член на Советот на Општина Карпош, Невена Георгиевска - член на Советот на Општина Карпош, Јасмина Беличанска – професор по музичка уметност во СУГС „Никола Карев“,

Јулија Карамитрова Огненоска – професор по музичка уметност во СГГУГС „Здравко Цветковски“, Данило Станковиќ – професор по музичка уметност во СУГС „Георги Димитров“.

Училиштата настапија со следниве точки:

| | Општинско основно училиште | Настап |
|---|---|---|
| 1 | ООУ „Братство“ | „Canon des Scats“, под менторство на Александар Панајотов |
| 2 | ООУ“Јан Амос Коменски“ | „Давај ме, мила мамо, давај ме“, под менторство на Марија Златановска |
| 3 | ООУ “Димо Хаџи Димов“ | „Canon des Scats“, под менторство на Невена Маркоска |
| 4 | ООУ „Војдан Чернодрински“ | „Што ми е мило“, под менторство на Марио Лазаров |
| 5 | ООУ„Петар Поп Арсов“ | *„Canon des Scats“* под менторство на Лидија Водјаник |
| 6 | ООУ„Аврам Писевски“ | „Заветна“, под менторство на Слаѓана Чекичевска |
| 7 | ООУ„Владо Тасевски“ | „Рум Дум Дум“ од Драган Шуплевски, под менторство на Елизабета Сакоман Становска |
| 8 | ООУ„Вера Циривири-Трена“ | „Canon des Scats“, под менторство на Александар Панајотов |
| 9 | ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ | „Avec le garde montante“ (од опереата Кармен), под менторство на Сара Јанева |

Одлуката на жири комисијата беше следнава:

| | | |
|---|---|---|
| 1 Место | ООУ „Димо Хаџи Димов“ | 40.000,00 денари |
| 2 Место | ООУ „Јан Амос Коменски“ | 20.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| Награди | 60.000 денари |
| Жири комисија 3x3000 денари | 9.000 денари |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | **100.000,00** |
| **Потрошени финансиски средства** | **69.000,00** |

Во одбележувањето на денот на општината, се одржа манифестацијата „Карпош има талент“, каде што земаат учество сите училишта, со што се претставуваат со по еден настап (пеење, танцување, глума, рецитал, свирење на инструмент и др.)

Оваа манифестација се одржа на ден 28.10.2024 година, со почеток од 18:00 часот, во Драмски Театар по десетти пат каде учество земаа десетте основни училишта на Општина Карпош.

Настапите ги следеше жири комисијата во состав:Гордана Ивановски Велковска – член на Советот на Општина Карпош, Невена Георгиевска – член на Советот на Општина Карпош, Марина Иванова – професор по македонски јазик и литература во СУГС „Георги Димитров“, Александра Никифоровски – балетски педагог и кореограф од балетско студио Булфрогс, Андреј Ѓорѓиески – музичар, член на групата ДНК. Настанот го водеше Марија Јанчевска.

| | Општинско основно училиште | Настап |
|---|---|---|
| 1 | ООУ „Братство“ | музички сценски перформанс – „Пријател и брат“ |
| 2 | ООУ“Јан Амос Коменски“ | танц „Макаронси“ |
| 3 | ООУ “Димо Хаџи Димов“ | драмски перформанс – „Сеќавања“ од Петре М. Андреевски и Хор – „Љубена“ од Тоше Проески |
| 4 | ООУ „Којдан Чернодрински“ | модерен танц |
| 5 | ООУ„Петар Поп Арсов“ | пеење и танц – сплет од хитови на ДНК |
| 6 | ООУ„Аврам Писевски“ | ромски танц – чочек на „Чаје Шукарије“ |
| 7 | ООУ„Владо Тасевски“ | скеч „Туристи во Струмица“ |
| 8 | ООУ„Вера Циривири-Трена“ | монолог „Среќни краеви“ |
| 9 | ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ | изведба на песната „Цреша“ од Тоше Проески |
| 10 | ООУ„Лазо Трповски“ | танц на песната „Африка“ од Суперхикс |

| | | |
|---|---|---|
| 1 Место | ООУ „Аврам Писевски“ | 15 000,00 денари |
| 2 Место | ООУ „Димо Хаџи Димов“<br>ООУ „Петар Поп Арсов“ | 10 000,00 денари |
| 3 Место | ООУ „Владо Тасевски“<br>ООУ „Братство“ | 7 000,00 денари |

| | |
|---|---|
| Награди | 32.000 денари |
| Водител | 3.000 денари |

| | |
|---|---|
| Членови на жири 3x3000 | 9.000 денари |
| Продукција, постпродукција | 50.000 денари |
| Сценарио и режија | 30.000 денари |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | 200.000,00 |
| **Потрошени финансиски средства** | 124.000,00 |

По повод одбележувањето на годишнината од формирање на Општина Карпош, се организираше избор на најдобра литературна творба на тема „ПРИКАЗНА ЗА МОЈАТА ОПШТИНА“,

На огласот пристигнаа апликации од сите 10 (десет) основни училишта кои доставија по 1 (една) литературна творба (поезија или проза), од ученици од прво до петто и по 1 (една) од шесто до деветто одделение, во затворен плик. Комисијата за избор на литературни творби ја сочинуваа Наум Попески-писател за деца, Ксенија Маказлиева Трајчева, писател за деца и Силвана Димитриевска, книжевник, писател за деца.

По разгледувањето на апликациите во пликот, Комисијата го изврши бодувањето во согласност со Јавниот оглас и го констатираше следново:

| | Име и Презиме | Училиште | Награда |
|---|---|---|---|

| Одделенска настава | | | |
|---|---|---|---|
| 1 место | ИЛИНА РАПОВСКА | ООУ„ Владо Тасевски“ 3 одделение | 10.000 денари |
| 2 место | КАЛИНА ЧАНКУЛОВСКА | ООУ„Братство“ 4 одделение | 6.000 денари |
| 3 место | БОРИС КРСТЕВСКИ | ООУ„Којдан Чернодрински“ 5 одделение | 4.000 денари |
| Предметна настава | | | |
| 1 место | ВИКТОРИЈА ТАЛЕСКА | ООУ„Лазо Трповски“ 6 одделение | 10.000 денари |
| 2 место | КАЈА РИСТЕСКА | ООУ„Владо Тасевски“ 6 одделение | 6.000 денари |
| 3 место | СРНА ЈАНЕВСКА | ООУ„Димо Хаџи Димов“ 8 одделение | 4.000 денари |

| | |
|---|---|
| Награди | 40.000 денари |
| Членови на жири 3x3.000 денари | 9.000 денари |
| | 120.000,00 |
| Потрошени финансиски средства | 49.000,00 |

Креативниот Центар Карпош е формиран за да биде место каде што учениците со нивната посветеност и креативност ќе дојдат до полн израз. Во овој проект се вклучени над 300 ученици во реализација на работилниците во центрите за производство и контрола на храна; дизајн и роботика; климатски промени и енерегетска ефикасност; аудио-визуелни уметности; заштита на животна средина; раковотворби, културно наследство, зоологија, астрономија, ботаника и микологија. Исто така во проектот се вклучени 20-тина наставници во реализација на работилниците, каде што учениците ги изведуваат своите експеримети.

Во секоја од единиците на КЦК во училиштата се одржани следниве работилници:

| | |
|---|---|
| 1. Произведуваме храна | 6. Дружење со звездите |
| 2. Што јадеме , што пиеме ? | 7. Магична хемија |
| 3. Приказни за ДНК и гените | 8. Ние сме пиротехничари |
| 4. Тајните на дизајнот | 9. Кралството на габите во Карпош |

| | |
|---|---|
| 5. Светот на дроновите и роботите | 10. Млади карпошеви копаничари |
| 6. Различни извори на енергија | 11. Културно наследство на Карпош |
| 7. Создаваме музика | 12. Животинскиот свет на Вардар и Водно |
| 8. Растенијата-фабрика за кислород | |

Техничките можности и стручната поддршка што ја става на располагање КЦК овозможува помош во осовременување на наставата, унапредување на практичната работа и успешна реализација на вон-наставните активности. КЦК служи како место во кое повремено се излегува од секојдневната наставна рутина и потемелно се работи со учениците кои за одредени области пројавуваат интерес и љубопитност.

| | НАМЕНА | ПРЕДВИДЕН ИЗНОС | ПОТРОШЕН ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| 1 | Работилници | 90.000 | 87.538 |
| 2 | Сетови за експериментирање | 50.000 | 102.457 |
| 3 | Обуки | 30.000 | 10.531 |
| 4 | Истражувачки караван | 35.000 | 16.110 |
| 5 | Набавка на опрема | 110.000 | 116.775 |
| 6 | Пропаганден материјал | 30.000 | 36.300 |
| 7 | Оперативни трошоци | 15.000 | 14.780 |
| 8 | Потрошен материјал | 40.000 | 16.030 |
| | ВКУПНО | 400.000 | 400.521 |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства** | **400.000,00** |
| **Потрошени финансиски средства** | **400.000,00** |

Советот на Општина Карпош донесе Одлука со бр.09-8890/16 од 07.12.2022 година, за ослободување од плаќање месечен надомест за топол оброк (појадок и ручек) за ученици -деца на бранители во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош, како и ослободување од плаќање месечен надомест за ужинки во

општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош. Во Општина Карпош 26 ученици користат топол оброк, ужинка или топол оброк и ужинка.

| | Училиште | топол оброк | ужинка | топол оброк и ужинка | вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Димо Хаџи Димов | | 3 | 2 | 5 |
| 2 | Братство | | 1 | 1 | 2 |
| 3 | Владо Тасевски | 1 | 2 | 2 | 5 |
| 4 | Јан Амос Коменски | | 3 | | 3 |
| 5 | Којдан Чернодрински | | | 2 | 2 |
| 6 | Христијан Т Карпош | | 3 | 3 | 6 |
| 7 | Вера Циривири Трена | | 2 | | 2 |
| 8 | Лазо Трповски | | | | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Петар Поп Арсов | | | 1 | 1 |
| 10 | Аврам Писевски | | | | / |
| | Вкупно | 1 | 14 | 10 | 26 |

Оваа финансиска помош е наменета за семејствата на учениците – децата на бранителите, како поддршка за нивната заслуга во одбраната на татковината.

| | |
|---|---|
| Предвидени финансиски средства | 200.000,00 |
| Потрошени финансиски средства | 200.000,00 |

Набавка на нагледни средства и дидактички материјали за осовременување на наставата во општинските основни училишта. Општина Карпош обезбеди нагледни средства за поквалитетен и олеснет воспитно-образовен процес за стекнување на трајни знаења на учениците. Во осовременувањето беа опфатени сите десет основни училишта.

| | Нагледни средства | количина |
|---|---|---|
| 1 | Смарт табла-интерактивна табла 86+проектор+држач+кабел | 17 |
| 2 | Лап топ 15.3“-17.3“ | 6 |
| 3 | Л цд проектор | 5 |
| 4 | Ласерски печатач во боја | 1 |
| 5 | Платно за проекција ѕидно со монтажа | 1 |
| 6 | Ламинатор А3/А4 формат | 2 |
| 7 | Надворешен уред за складирање | 4 |
| 8 | А3 портабл 3Д скенер | 2 |
| 9 | Сет тастатура со глушец | 10 |
| 10 | Интерактивен панел 75S-E3 | 50 |

| | Општинско основно училиште | Нагледни средства | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Лазо Трповски | Смарт табла +проектор<br>А3портабл3Д скенер<br>Интерактивен панел 75S-E3 | 2<br>1<br>7 |
| 2 | Аврам Писевски | Смарт табла +проектор | 3 |
| 3 | Владо Тасевски | ЛЦД проектор<br>Интерактивен панел 75S-E3 | 4<br>13 |
| 4 | Братство | Смарт табла +проектор | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | А3портабл3Д скенер<br><br>Интерактивен панел 75S-E3 | 1<br><br>5 |
| 5 | Војдан Чернодрински | Смарт табла +проектор | 2 |
| 6 | Петар Поп Арсов | Смарт табла +проектор | 2 |
| 7 | Вера Циривири Трена | Смарт табла +проектор<br><br>Лап-топ | 2<br><br>1 |
| 8 | Христијан Тодоровски Карпош | Смарт табла +проектор<br><br>Лап-топ<br><br>Интерактивен панел 75S-E3 | 2<br><br>1<br><br>6 |
| 9 | Јан Амос Коменски | Лап-топ<br><br>Ласерски печатач во боја<br><br>Ламинатор А4/А3 формат<br><br>ЛЦД проектор<br><br>Платно за проекција ѕидно 200x151<br><br>Надворешен ХДД-1ТВ External<br><br>Интерактивен панел 75S-E3 | 2<br><br>1<br><br>2<br><br>1<br><br>1<br><br>4<br><br>8 |
| 10 | Димо Хаџи Димов | Смарт табла +проектор<br><br>Лап-топ<br><br>Сет тастатура со глушец<br><br>Интерактивен панел 75S-E3 | 1<br><br>2<br><br>10<br><br>11 |

.500.000,00

.500.000,00

| | Активност | Предвидени | Потрошени |
|---|---|---|---|
| 1 | Ужинки за ученици од општинските основни училишта | 6.000.000,00 | 4.456.920,00 |
| 2 | Превоз на учениците од општинските основни училишта за реализирање на еднодневни излети | 2.500.000,00 | 2.225.012,00 |
| 3 | Секојдневен превоз (ЈСП) на учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош | 1.500.000,00 | 1.288.300,00 |
| 4 | Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта | 2.500.000,00 | 1.055.016,00 |
| 5 | Награди за полуматуранти-првенци на генерација од општинските основни училишта | 680.000,00 | 680.000,00 |
| 6 | Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието | 600.000,00 | 600.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Финансиска поддршка и парична помош на проекти од областа на образованието | 300.000,00 | 250.000,00 |
| 8 | Награди за најдобро уреден еко-училишен двор | 155.000,00 | 150.000,00 |
| 9 | Одбележување на 1-Септември-Денот на првачињата од општинските основни училишта во Општина Карпош | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 10 | Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош „Цветно дефиле“ | 200.000,00 | 78.290,00 |
| 11 | Меѓуетничка интеграција на младите во образованието | 100.000,00 | 100.000,00 |
| 12 | Хорски натпревар меѓу училиштата | 100.000,00 | 69.000,00 |
| 13 | Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош„Карпош има талент“ | 200.000,00 | 124.000,00 |
| 14 | Избор на најдобра литературна творба | 120.000,00 | 49.000,00 |
| 15 | Креативен центар Карпош | 400.000,00 | 400.000,00 |
| 16 | Ослободување од плаќање месечен надомест за ужинка/топол оброк на ученици – деца на бранители во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 17 | Осовременување на наставата во општинските основни училишта со нагледни средства, лектирни изданија и дидактички материјали | 6.500.000,00 | 6.500.000,00 |
| | ВКУПНО | 22.255.000 | 18.455.538 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за**

**објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2024 година**

1. Се објавува ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2024 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/24** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум:24.01.2025 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), Советот на Општина Карпош на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2024 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2024 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделението за информатичко комуникациска инфраструктура.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 09-312/27
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов

ИЗВЕШТАЈ

**За реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2023 година**

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



## Вовед

Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за геоинформациски систем (ГИС) кои се во рамките на Секторот за поддршка на Градоначалникот, со своите активности има за цел преку инсталација на одредени софтверски модули да придонесе доближување поблиску до граѓаните, како и да ја овозможи и олесни автоматската обработка на податоци на вработените во општината.
Информатичкиот свет е во постојан подем и претставува сервис на општеството без кој едноставно не можеме да функционираме.
Општина Карпош е во тек со развојот на информатичката технологија и од година во година се развива сѐ повеќе користејќи ги алатките на информатичката технологија. Општина Карпош е на самиот врв на ИТ-технологијата во локалната самоуправа, следејќи ги најновите трендови во ИТ-технологијата.

## Реализирани активности

Во согласност со донесената Програма за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2024 година; Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за геоинформациски систем (ГИС) ги реализираше следните проектни активности:

1. **Одржување и надградба на ИТ-системи** .
   - За непречено и современо функционирање на системите потребно е тековно одржување, како и надградба доколку е неопходна. Системи кои се имплементирани во општината и за кои е потребно тековно одржување и надградба се следните:
     Електронско архивско и деловодно работење
     ГИС (геоинформациски систем)
   - За реализација одржување и надградба на ИТ-системи според програмата беа предвидени 1.500.000,00 денари, од кои за електронско архивско и деловодно работење потрошени се 221.521,00 денари, додека за геоинформацискиот систем (ГИС) потрошени се 1.200.000,00 денари.
2. **Набавка на лиценци за сервери, оперативни ситеми, антивирусни дефиниции.**
   - За реализација на набавка на лиценци за сервери, оперативни системи, според програмата беа предвидени 500.000,00 денари, од кои потрошени се 461.800,00 денари.

3. **Одржување на хардверските компоненти во ИТ-системот (сервисирање и одржување на принтери и плотери, резервни делови за хардвер).**

   Важноста на техничкото одржување на компјутерската опрема лежи во одржувањето на оперативноста на компјутерот како целина и одделно на неговите компоненти. Поради континуирано извршување на секојдневните работни задачи на вработените во општинската администрација, потребно е да се направи редовно одржување и сервисирање на следните компоненти:

   3.1 Одржување на принтери, плотери, скенери и мултифункциски уреди

   - За реализација одржување на принтери, плотери, скенери и мултифункциски уреди според програмата предвидени се 300.000,00 денари а потрошени се 157.407,00 денари.

   3.2 Набавка и одржување на сервери

   За одржување на сервери предвидени се 700.000,00 денари, а потрошени се 629.398,00 денари.

4. **Набавка на хардвер и хардверски компоненти во ИТ-системот.**

   Набавка на хардвер и хардверски компоненти за потребите на вработените во Општина Карпош, поради обновување и замена на старите и нефункционални хардвери со нови за извршување на секојдневните работни задачи на вработените во општинската администрација.

   4.1.Набавка на хардвер (компјутери, лаптопи).

   - За реализација на набавка на хардвер (компјутери, лаптопи) според програмата беа предвидени 600.000 денари и истите беа целосно потрошени.

   4.2. Набавка на хардверски компоненти (печатачи, скенери, плотери, мултифункциски уреди)

   - За реализација на набавка на хардверски компоненти (печатачи, скенери, плотери, мултифункциски уреди) според програмата беа предвидени 400.000,00 денари, од кои беа искористени 349.851,00 денари.

   4.3. Резервни делови за хардвер

   - За резервни делови за хардвер каде според програмата беа предвидени 400.000,00 денари, потрошени се 336.590,00 денари.

5. **Изнајмување на мултифункциски уреди.**

Изнајмување на мултифункциски уреди поради потреба од фотокопирање/скенирање на документи за извршување на работните задачи на вработените во општината.
За реализација на изнајмување на мултифункциски уреди според програмата предвидени се 300.000,00 денари, од кои потрошени се 192.474,00 денари.

6. **Одржување на систем за евиденција на работно време и видеонадзор**
Одржување на систем за евиденција на работно време и видеонадзор поради законска обврска за постоење на електронски систем за евиденција на работно време во институции со над 20 вработени. За реализација на одржување на систем за евиденција на работно време и видеонадзор според програмата предвидени се 400.000,00 денари, од кои потрошени се 345.385,00.
7. **Интерактивни екрани на допир (touch display) – инфо екрани – 1.000.000,00 денари.**
Не се реализирани, бидејќи средствата се наменети за опремување на новата општинска зграда која е се уште во изградба.
8. **Набавка на проектори -300.000,00 денари.**
Не се реализирани, бидејќи средствата се наменети за опремување на новата општинска зграда која е се уште во изградба.
9. **ИТ едукација**
Посета на курсеви и обуки. За реализација предвидени се 200.000,00 денари а потрошени се 160.186,00 денари.
10. **Back up на податоци на Cloud (облак) решение**
Складирање на податоци преку најсофистицирани ИТ решенија – cloud (облак). За оваа точка предвидени беа 900.000,00 денари, искористени се 200.265,00 денари.

Вкупната предвидена финансиска рамка за Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2024 година изнесува **7.500.000,00** денари, искористени се **4.854.877,00** денари.

**- Одделение за информатичко-комуникациска инфраструктура**
**- Одделение за ГИС**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2024 година**

1. Се објавува ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2024 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/25
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 10; член 36, став 1, точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), Советот на Општина Карпош на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2024 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2024 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделението за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 09-312/28
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов

ИЗВЕШТАЈ

**за реализација на програмата за активностите на општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓаните и материјални добра од 01.01.2024 - 31.12.2024година**

Одделението за заштита и спасување во текот на 2024 година по Програмата за работа имаше предвидено и ги реализираше следните активности и тоа:

**1. Редовен сервис на противпожарни апарати, хидрантска мрежа:**

**-Заклучок**

-со редовно одржување на опремата за противпожарна заштита се зголемува квалитетот за безбедноста на децата и вработените.

-Редовен сервис на хидрантската мрежа и тоа во:

-десет основни училишта беа сервисирани 70 (седумдесет) хидранти и

-четири детски градинки со 7 (седум) клонови беа сервисирани 58 (педесетиосум) хидранти.

-со редовно одржување на опремата се зголемува квалитетот за безбедноста на децата и вработените.

**-Финансиски средства**

-за реализација на сервисот и одржувањето според програмата беа предвидени 250.000,00 денари, но не се искористени.

**2. Според програмата на Одделението за заштита и спасување за 2024 година се изврши редовна пролетна и есенска дератизација,дезинфекција и дезинсекција во Општината, урбаните и месните заедници, во основните училишта и детските градинки, во која беа опфатени:**

- во урбаните и месните заедници беа опфатени околу 4922 (четириилјадидеветстотинидваесетидве) шахти;

-10 (десет) Основни училишта на подрачјето на Општина Карпош со 280 (двестаиосумдесет) дератизирани места,

-4 (четири) Детски градинки и 7 (седум) клонови со 250 (двеста и педесет) дератизирани места и

За дератизација беа употребени околу 9844
( деветилјадиосумстотиничетириесетичетири) мамци.

**-Позитивна страна**

-ефикасно уништување на штетни глодари и предизвикувачи на заразни болести.

-

превенција од епидемија од жолтица.

-Заклучок

-со успешната реализација се подобрува квалитетот на здравјето и безбедноста на граѓаните и човековата околина.

-Финансиски средства

За пролетна и есенската дератизација се предвидени 1.000.000,00денари, според договорот е 992.085,00 денари, а искористени се 496.339,00 денари, останатите средства ќе се искористат во пролетната дератизација.

**3. Одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено грееење, огништата-котли за парно греење во објектите на основните училишта и детските градинки во надлежност на општината.**

-Позитивна страна

-Безбедност на вработените, учениците децата во детските градинки од аспект на заштита од пожари

Постојано одржување оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата-котли за парно греење заради заштита од појава на пожар.

-Заклучок

-со успешната реализација се подобрил квалитетот на здравјето и безбедноста на граѓаните и човековата околина.

-Финансиски средства

За реализација на Одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено грееење, огништата-котли за парно греење според програмата беа предвидени 250.000,00 денари, искористени се 241.919,00 денари.

**4. Помагање со финансиски средства на доброволни противпожарни организации за вклопување во системот на противпожарна заштита.**

Спроведување на превентивни мерки кои ќе ја подигнат свеста на граѓаните од аспект на противпожарна заштита и учество во противпожарна заштита.

Беа предвидени 60.000,00 денари и истите не беа искористени .

**5. Процена на штети од природни непогоди и други несреки**

- **Финансиски средства**

Беа предвидени 300.000,00 денари, а искористени се 194.936,00 денари

**6. Обука и организирање на вежбовни активности за припадниците на Просторната Единица за заштита и спасување на Општина Карпош.**

- **Заклучок**

Со оваа активност, припадниците на Просторната единица за заштита и спасување се стекнаа со нови знаења и лиценци во делот за безбедност на отворени води за потребите на Општина Карпош.

- **Финансиски средства**

За реализација на Обука и организирање на вежбовни активности за припадниците на Просторната Единица за заштита и спасување на Општина Карпош според програмата беа предвидени 300.000,00 денари, а искористени се 249.600,00 денари.

**7. Изработка на Проценка на ризик**

- **Заклучок**

Комплетна целокупна документација за безбедност и здравје при работа во ООУ и ЈУОДГ и во Општина Карпош.

- **Финансиски средства**

Предвидени 660.000,00 денари и истите не се искористени

**8. Набавка на нови противпожарни апарати за ООУ и ЈУОДГ и Поставување на нова хидрантска мрежа во ООУ Војдан Чернодрински**

- Заклучок

Со оваа активност, во постапка е набавката на нови противпожарни апарати С-9 за ООУ и ЈОУДГ и Општина Карпош, како и поставување на нова хидрантска мрежа, која ќе ги задоволи потребите ООУ Војдан Чернодрински во делот за противпожарна заштита.

- **Финансиски средства**

За реализација на оваа активност се предвидени 1.200.000,00 денари кои се во постапка и сешуте не се искористени.

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 4.080.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, од кои реализирани 1.182.794,00 се денари.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2024 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2024 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/26
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Врз основа на член 22 став 1 точка 13,член 36, став 1, точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), Советот на Општина Карпош на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2024 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2024 година.

2. Примерок од Заклучокот да се достави до Одделение за прашања од областа на месната самоуправа.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-312/29**
**Датум 23.01.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

# Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на месната самоуправа за 2024 год

1. **Прослава на верскиот празник Св. Атанасиј**

- Предвидени-Финансиска и логистичка поддршка на прославите за верскиот празник Св.Атанасиј во урбаните заедници Влае 1, Пецо Божиновски – Кочо и Злокуќани одделно по 30.000,оо денари

- Реализирани 90.00,00 денари,

2. **Прослава на верскиот празник Ифтар**

- Предвидени-Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Ифтар на целата територија на Општина Карпош, по Урбани и Месни заедници;

- Нереализирани 60,000,00 ден

3. **Прослава на верскиот празник Св.Тројца**

- Предвидени-Финансиска и логистичкаа поддршка за Св.Тројца на 05.06.2021 во месната заедница Бардовци не е реализирана и изнесуваше вкупно 30.000,00 денари.

- Реализирани 30.000,оо денари

4. **Прослава на верскиот празник Богојавление-Водици**

- Предвидени-Финансиска и логистичка поддршка на ден 19.01.2024 во урбаната заедница Нерези вкупно 30.000,00 денари.

- Реализирани 30.000,оо денари

5. Прослава на верскиот празник СВ.Сава

- Предвидени - Финансиска и логистичка поддршка за Св Сава за 27.01.2024 година изнесуваше 40.000,оо

Реализирани 40.000,оо денари

6.Прослава на верскиот празник Ѓурѓовден

Предвидена – финансиска логистичка поддршка на ден 09.05.2024 година во урбаната заедница Злокуќани 30.000,00 денари

Нереализирани 30.000,00 денари

7.Прослава на 8 ми септември Денот на Независноста

Предвидена - финансиска и логистичка поддршка за денот на Независноста 08.09.2024 година 30.000,оо денари

Реализирани 30.000,00 денари

Од вкупно предвидените 340.000,оо денари за годишната програма на Одделението за месна самоуправа за горе наведениот период се нереализирани предвидените финансиски средства за верскиот празник Ифтар во износ од 60.000,00 денари и за верскиот празник Ѓурѓовден во износ од 30.000,00 денари.

Нереализирани остануваат 90.000,оо денари

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 48 годишнината од формирањето на Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 48 годишнината од формирањето на Општина Карпош за 2025 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/27** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум:24.01.2025 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), Советот на Општина Карпош на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 48 годишнината од формирањето на Општина Карпош за 2025 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 48 годишнината од формирањето на Општина Карпош за 2024 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за поддршка на Градоначалникот на Општина Карпош.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-312/30**
**Датум 23.01.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 48-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

Општината Карпош е формирана на 3 ноември 1976 година со Законот за формирање на општините на Град Скопје и за утврдување на нивните подрачја („Службен весник на СРМ“ бр. 8/76).

Според Програмата за активностите на Општина Карпош за одбележување на 48-годишнината од формирањето на Општина Карпош беа предвидени и одржани бројни програмски активности со цел достојно одбележување на денот на основањето на Општина Карпош.

Согласно предвидените проектни активности од Програмата, во пресрет на 3 ноември – Денот на Општина Карпош, се организираа следните настани:

## СПОРТСКИ НАСТАНИ

По повод 48 години од основањето на општината, се одржаа Спортските пензионерски игри, како и низа спортски настани, односно се одиграа натпревари во кошарка, фудбал и во одбојка каде учество земаа учениците од општинските основни училишта од Карпош.

Во рамките на одбележување на Денот на Општина Карпош – 3 ноември, во ООУ „Јан Амос Коменски“ се доделија и стипендии за најталентираните ученици и спортисти.

## „КАРПОШ ИМА ТАЛЕНТ“

Во Драмски театар на РСМ се одржа традиционалната манифестација „Карпош има талент“, на која учество земаа учениците од десетте општински основни училишта од општина Карпош. На

настанот младите карпошани го покажаа својот талент, презентирајќи ги своите уметнички перформанси како актери, пејачи, танцувачи, пијанисти и виолинисти. За оваа намена, Општина Карпош обезбеди и финансиска поддршка, како еден вид награда за најталентираните изведувачи.

## ДОДЕЛУВАЊЕ НА ХУМАНИТАРНИ ПАКЕТИ

По повод 48. роденден на локалната самоуправа се доделија хуманитарни пакети со прехранбени и хигиенски производи за социјалните семејства – жители на општина Карпош.

## КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА

Во рамките на одбележување на роденденот на општината беше организирана крводарителска акција на која земаа учество заинтересираните граѓани и дел од општинската администрација на Карпош. Оваа акција, локалната самоуправа ја организира во соработка со Општинската организација на Црвениот крст – Карпош и Институтот за трансфузиона медицина. Донираните единици крв се потребни за голем број граѓани.

## ЦВЕТНО ДЕФИЛЕ

Учениците од десетте општински основни училишта од Карпош заедно со децата од предучилишна возраст учествуваа на традиционалната манифестација „Цветно дефиле“ во дворот на ООУ „Лазо Трповски“. Младите карпошани маршираа по улиците на Карпош, со заеднички пораки за мир, соживот и свест за екологијата, а потоа настапија со хорски, балетски, танцови и драмски изведби со што го прославија роденденот на својата општина.

## САДЕЊЕ ДРВЈА СО ДЕЛЕГАЦИИ ОД ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ

По повод одбележување на 48 години од формирањето на локалната самоуправа, Градоначалникот на Општина Карпош заедно со другите градоначалници, односно претставници од збратимените и

пријателските општини засадија листопадни и зимзелени дрвја во паркот во урбаната заедница Пецо Божиновски Кочо карши Студентскиот дом Гоце Делчев.

МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ВАТЕРПОЛО „13 НОЕМВРИ“

Во рамките на Денови на Општина Карпош се одржа Меѓународниот турнир во ватерполо за ветерани „13 Ноември“, на базенот во СЦ „Борис Трајковски“, во организација на ВК „Вардар ветерани“. На турнирот, настапија екипи од Хрватска, Босна и Херцеговина, Србоја, Црна Гора, Грција, Романија, Бугарија, Турција, Словачка и Јапонија.

СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА

На 3 ноември 2024 година, во Националната установа Драмски театар – Скопје, се одржа свечена академија по повод одбележување на 48 години од основањето на локалната самоуправа. На манифестацијата, покрај членовите на делегациите од збратимените општини Сремски Карловци (Република Србија), Врњачка Бања (Република Србија), Стари Град – Сараево (Босна и Херцеговина), Травник (Босна и Херцеговина), Тиват (Црна Гора), Лапта (Турска Република Северен Кипар) и претставниците од пријателската општина Флори-сур-Орн – Долна Нормандија (Франција), претставници од градот Живинице (Босна и Херцеговина) присуствуваа и членови на Советот на Општина Карпош, претставници од општинската администрација, како и видни личности од сферата на политиката, економијата, спортот и општествениот живот.

ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ ЗА ЗАСЛУЖЕН ГРАЃАНИН И ПОФАЛНИЦИ

По повод 48 години од формирањето на Општина Карпош, во рамките на свечената академија, беа доделени две плакети за заслужен граѓанин на Општина Карпош, и тоа на: проф. д-р Васил Топурковски за извонредно голем придонес во политиката и за афирмација на македонскиот спорт и Братислав Димитров –Бато за извонреден голем придонес во полето на културата и уметноста во драмско литературните вредности исто така беа доделени и пофалница и парична награда на полицискиот службеник Ангел Цветановски од полициската станица Карпош за голем придонес во непречено обезбедување на јавниот ред и мир и пофалница и парична награда на

осмооделенецот Даријан Мирчевски и неговата наставничка Драгана Петковска за извонредно достигнување освојувајќи златен медал на Меѓународна математичка олимпијада .

Карпош во овие 48 години израсна во една модерна локална самоуправа и се претвори во една од водечките општини во нашата држава.

ПОТРОШЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

| | |
|---|---|
| **Изнајмување на простор (голема сцена) во НУ Драмски театар – Скопје, за одржување на свечена академија на ден 03.11.2024 година и за манифестација Карпош има талент на 28.10.2024 год.** | 120.000,00 денари |
| **Услуги од авторска агенција** | 112.360,00 денари |
| **Меѓународен ватерполо турнир закуп на базен за 01.-02.11.2024 година** | 162.000,00 денари |
| **Плакети и пофалници за заслужен граѓанин** | 18.290,00 денари |
| **Хотелски услуги –хотелско сместување за делегации од збратимени општини** | 289.836,00 денари |
| **Угостителски (ресторански) кетеринг услуги во период од 01.11.202024година- 04.11.2024 година** | 1.087.378,00 денари |
| СЕВКУПНО: | **1.789 864,00 денари** |

ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО ОБЛАСТА НА

| ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 48-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ | |
|---|---|
| Предвидени финансиски средства: | 3.500.000,00 денари |
| Потрошени финансиски средства: | 1.789. 864,00, денари |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2023 година**

1. Се објавува ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2023 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/28**
**Датум:24.01.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13; член 36, став 1, точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на 60. седница, одржана на 23 јануари 2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2023 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2023 година

2.Примерок од заклучокот да се достави до Координаторот за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Карпош.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 09-312/31
**Датум 23.01.2025 година**
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
## За активностите на Општина Карпош
## Во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2024 година

ВОВЕД:

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2023 година имаше цел да го промовира и унапреди начелото за еднаквост меѓу жените и мажите согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2012, 30/2013,166/2014), Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.
Програмата предвиде работилници и советувања од повеќе области, како и конкретни проекти чие имплементирање требаше да придонесе за зголемување на нивото на јавната свест за потребата од еднаквите можности меѓу жените и мажите.

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2023 година предвидува неколку приоритетни области за унапредување и промовирање на концептот за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Карпош.

Приоритетни области во Програмата за 2024 година беа:

1. Унапредување на здравјето на жените и мажите;

2. Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртвите од семејно насилство
3. Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација
4. Надминување на родови стереотипи преку зголемено учество на девојчињата и жените во ИТ секторот
5. Отварање на локална канцеларија за родителство
6. Фитнес и самоодбрана за девојки и жени

За спроведување на програмските активности превидени во Годишната програма беше објавен Јавен повик во кој се бараше доставување на предлог проекти за секоја област посебно, во рамки на финансиските средства кои беа изгласани и предвидени во Буџетот.
На јавниот повик беа доставени, избрани и реализирани следниве проекти:

1. Унапредување на здравјето на жените и мажите: проект на Здружение на бизниси и консултации КРЕАЦИЈА Скопје со наслов: „Унапредување на здравјето – постојана грижа и одговорност“. Проектот имаше за цел да ги информира и моболизира граѓаните, и жени и мажи, во врска со актуелните акани по нивното здравје и да даде препораки за начините на унапредување на здравјето. Беше спроведено истражување за здравствените проблеми кои ги засегаат жените и мажите од секоја возрасна група, се изработија вкупно 200 брошури и 1000 летоци кои ги содржеа важните препораки и истите беа дистрибутирани на територија на општината. Беа одржани и две посебни трибини за женско и машко здравје на кои зборуваа лекари специјалисти. Вкупниот износ на проектот беше 300.000,00 денари.
2. Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртви на семејно насилство:
   - Проект на ОЖС со наслов „Долгорочно сместување и психосоцијална поддршка на жртвите на семејно насилство згрижени во Шелтер центарот на ОЖС Скопје“. Овој проект беше поддржан со вкупно 100.000,00 денари и со овое средства беше помогнато во згрижување на 5 жртви жени и 4 малолетни деца. Освен згрижување и трошоци во

Шелтер центарот обезбедени се и сите пропратни и потребни активности според протоколите за згрижување на жртвите и нивните деца.

- Проект на КРЕАЦИЈА со наслов: „ Кажи не и побарај помош“ за кој беа исплатени 100.000,00 денари. Проектот содржи неколку активности и тоа: истражување и иразботка на извештај за бесплатни сервиси за згрижување и помош на жртви на семејно насилстви, дизајн и печатење на информативни материјали кои беа дистрибуирани на територија на општината преку месните и урбаните заедници, како и надградба на веб страна и изработка на фесбук страна „Кажи не и побарај помош“ каде ќе се споделуваат сите важни информации од оваа проблематика.

3. Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација: проект на Здружение за сексуални и родови малцинства КВИР Скопје со наслов: „Психосоцијална поддршка на жртви на насилство и дискриминација врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет“ за кој беа исплатени 100.000,00 денари. Во рамки на проектот обезбедена е психосоцијална поддршка, помош и консултација во период од 4 месеци за 6 нови клиенти и на веќе постоечките, односно на вкупно 29 клиенти.
4. Надминување на родовите стереотипи преку зголемено учество на девојчињата и жените во ИТ секторот: проект на Едукативен центар ИДЕА за кој беа исплатени 200.000,00 денари. Проектот вклучуваше спроведување на анализа за состојбите со вработеност и плати во ИТ секторот, печатење на работни материјали и спроведување на работилници во три основни училишта на територија на Карпош. Овие работилници беа спроведени во ООУ Петар Поп Арсов со вкупно 16 девојчиња, во ООУ Димо Хаџи Димов со вкупно 16 девојчиња и во ООУ Братство со 35 девојчиња. Целта на овие работлници беше да се информираат младите за можностите кои го нуди ИТ секторот и со тоа да се зголеми бројот на девојчиња и жени кои ќе се запишуваат на студии или обуки за ИТ вештини.

5. Отварање на локална канцеларија за родителство: проект на Здружение за развојна хумани системи НВО Алтернатива Скопје со наслов: „Советувалиште за родители при Општина Карпош“ за кој беа издвоени 300.000,00 денари. Проектот опфати повеќе активности и тоа спроведување на специјализирани обуки на стручните служби од основните училишта од

кои се здобија со сертификати за фасилитатори за родителство за деца од 6 до 10 години, како и отварање на локална канцеларија за родителство во ООУ Јан Амос Коменски која ќе нуди поддршка и стручна помош на родителите за справување со предизвиците и потешкотиите со кои тие се соочуваат.

6. Фитнес и самоодбрана за девојки и жени: проект на Полициски боречки клуб Безбедност за кој беа исплатени 100.000,00 денари. Проектот опфати 10 месечни бесплатни обуки за самоодбрана и повеќе модели на тренинзи за девојчиња и за жени. Часовите беа реализирани во четири термина неделно, секоја недела и вкупниот број на жени кои ги посетуваа овие тренинзи е 180.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2024 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2024 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/29**
**Датум:24.01.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13; член 36, став 1, точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), Советот на Општина Карпош на 60.седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2024 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста 2024 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Сектор за односи со јавност и информација на граѓаните.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-312/32**
**Датум 23.01.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА

# 2024 ГОДИНА

Согласно со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на односи со јавност и информации на граѓаните за 2024 година, Секторот за односи со јавност и информации на граѓаните ги реализираше предвидените активности,

**1. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку со закон пропишани обврски (огласување во дневен весник на македонски и на јазик различен од македонскиот и претплата на дневен и неделен печат )**

Целта на оваа програмска активност е подобрување на двонасочната комуникација во сеопфатност, квалитет и користење на сите современи канали на комуникација, но и поголема и благовремена информираност и партиципативност на граѓаните во општинските услуги.

- Предвидени финансиски средства:
  1.000.000,00 денари

- Реализирани финансиски средства:
  46.211,00 денари

  Реализатор: Општина Карпош

2.Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во втор весник на македонски јазик

- Предвидени финансиски средства:
  200.000,00 денари

- Реализирани финансиски средства:
  31.260,00 денари

3.Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во дневен весник на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот)

- Предвидени финансиски средства:
  1.000.000,00 денари

- Реализирани финансиски средства:
  203.856,00 денари

2.Унапредување на соработката со медиумите, преку претплата на дневен и неделен печат

- Предвидени финансиски средства:
  60.000,00 денари

- Реализирани финансиски средства:
  21.367,00 денари

3. Изработка на press clipiing како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија)

Целта на оваа програмска активност е добивање на правовремени (најбрзи) квантитативни и квалитативни сознанија за медиумската перцепција за работата на Општината, Советот и градоначалникот, креирање или прилагодување на комуникациската стратегија соодветно на дневната, месечна анализа на текстови, добивање на реална слика и насочување на комуникациите креатори на мислење во јавноста

- Предвидени финансиски средства:
  300.000,00 денари

- Реализирани финансиски средства:

300.000,00 денари

Реализатор: Општина Карпош

5. Соработка со информативна агенција, за најавување настани значајни за Општина Карпош

Општината има потреба од соработка со информативна агенција која е најбрз и сеопфатен информатор на сите останати медиуми, како и информативен сервис

- Предвидени финансиски средства:
  35.000,00 денари

- Реализирани финансиски средства:
  35.000,00 денари

Реализатор: Општина Карпош

4. Дневно ажурирање на веб страницата на општината

Целта на програмската активност е благовремено известување на јавноста и најавување на општинаските настани

- Предвидени финансиски средства:
  Нема трошоци за Буџетот

Реализатор: Општина Карпош

6. Сервисирање на видео и фотоопрема

Програмската активност има за цел продукција на информативни видео записи и галерии фотографии кои се пласираат на интернет страницата, на социјалните мрежи како и до сите медиуми.

- Предвидени финансиски средства:
  300.000,00 денари
- Реализирани финансиски средства:
  300.000,00 денари

7. Одржување на веб страната на Општина Карпош, хостинг и домејн

Целта на програмската активност е поголема отчетност и подобар рејтинг на општината

- **Предвидени финансиски средства:**
  **35.000,00 денари**

- **Реализирани финансиски средства:**
  **35.000,00 денари**

Реализатор: Општина Карпош

**8. Објавување на електронско издание на општински весник**

Целта на програмската активност е информирање и афирмација на активностите на општината со цел информирање и парцитипативност на граѓаните, зголемување на транспарентноста и позитивен имиџ на Општината

- **Предвидени финансиски средства:**
  **700.000,00 денари**

- **Реализирани финансиски средства:**
  **0 денари**

Реализатор: Општина Карпош

**Вкупно предвидена финансиска рамка во Програмата: 3.630. 000,оо денари**

**Реализирани финансиски средства: 972.694,оо денари**
**Останати финансиски средства: 2.657.000,00 денари**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2024 година**

1. Се објавува ЗАКЛУЧОК за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2024 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/30**
**Датум:24.01.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), Советот на Општина Карпош на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2024 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2024 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделение за поддршка и организација на работата на Советот и до Комисијата за изработка на програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2024 година.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-312/33**
**Датум 23.01.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

# ИЗВЕШТАЈ
## за работата на Советот на Општина Карпош за 2024 година
## од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година

СОСТАВ НА СОВЕТОТ

Советот на Општина Карпош согласно бројот на жители во општината брои 23 членови, во следниот состав:

**Членови на Советничката група на СДСМ и коалицијата:**

1. Марин Докузовски
2. Виолета Куновска
3. Гордана Ивановски Велковска
4. Наталија Спировска
5. Јахји Мемедов
6. Владимир Бислимовски
7. Александра Антевска
8. Дејан Лазаревски

**Членови на Советот од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата:**

9. Роберт Вељановски – до месец јули 2024
   Предраг Станковски – од месец август 2024
10. Марјан Стефановски – до месец август 2024
    Убавица Игнатоска - од месец септември 2024
11. Адријана Јакимовска Панчевска
12. Александар Илиески
13. Давор Грче
14. Благица Цветановска
15. Христо Саракинов

**Членови на советничката група ЛЕВИЦА:**

16. Мартин Димоски
17. Бранко Ристов
18. Ивана Стоименовска
19. Славко Митевски

Членови на Советот од советничката група на ГРОМ од ноември 2021 година:

20. Зоран Краљевски
21. Добрила Андоновска

Членови на советничката група Независни за Карпош:

22. Невена Георгиевска
23. Татјана Стојановска

2024 година

Одделението за организација и поддршка на работтата на Советот изготви статистички приказ за работата на Советот на Општина Карпош за 2024 година (од 01.01.2024 до 31.12.2024).

Извештајот содржи податоци за одржаните седници на Советот на Општина Карпош за 2024 година, како и за видот и бројот на усвоените акти од страна на Советот.

Во 2024 година, Советот на Општина Карпош оддржа вкупно 20 (дваесет) седници, од кои 17 (седумнаесет) редовни седници и 3 (три) вонредни седници.

Закажана и не одржана седница:

- 44. седница беше закажана на 01.03.2024 година, но бидејќи немаше кворум не се оддржа.

Табела 1

Распоредот на седници анализирано по месеци.
Службени гласници издадени по одржани седници вкупно 15.

| | Месец | Бр. седница | Датум на оддржување | Број на гласник |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јануари | 39 | 26.01.2024 година | 3/2024 |
| 2 | Февруари | 40 | 08.02.2024 година | 4/2024 |
| 3 | Февруари | 41 | 13.02.2024 година | 5/2024 |
| 4 | Февруари | 42 (вонредна) | 13.02.2024 година | 5/2024 |
| 5 | Февруари | 43 (вонредна) | 20.02.2024 година | 6/2024 |
| 6 | Март | 45 (вонредна) | 12.03.2024 година | 7/2024 |
| 7 | Април | 46 | 15.04.2024 година | |
| 8 | Април | 47 | 15.04.2024 година | 9/2024 |
| 9 | Мај | 48 | 20.05.2024 година | |
| 10 | Јуни | 49 | 12.06.2024 година | |
| 11 | Јули | 50 | 01.07.2024 година | 14/2024 |
| 12 | Август | 51 | 30.08.2024 година | 15/2024 |
| 13 | Септември | 52 | 26.09.2024 година | 16/2024 |
| 14 | Октомври | 53 | 08.10.2024 година | 17/2024 |
| 15 | Октомври | 54 | 21.10.2024 година | |
| 16 | Октомври | 55 | 21.10.2024 година | 18/2024 |
| 17 | Ноември | 56 | 04.11.2024 година | 19/2024 |
| 18 | Ноевмри | 57 | 10.11.2024 година | 20/2024 |
| 19 | Ноември | 58 | 08.11.2024 година | 21/2024 |
| 20 | Декември | 59 | 24.12.2024 година | 22/2024 |

Во 2024 година (јануари-декември), Општина Карпош издаде вкупно 23 Службени гласници.

**Табела 2**

Издадени Службени гласници надвор од одржани седници **вкупно 6.**

| | датум | Објавени прописи | Бр.гласник |
|---|---|---|---|
| 1 | 11.04.2024 | 1.Известување бр. 09-40/1<br>2.Известување бр. 09-57/1,<br>3.Известување бр. 09-148/1,<br>4.Известување бр. 09-155/1, | 8/2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 5.Известување бр. 09-57/2/,<br>6.Известување бр. 09-159/1, | |
| 2. | 18.04.2024 | 1.Известување бр. 09-175/2,<br>2.Решение за изменување и дополнување на избирачки одбори ,<br>3. Решенија за утврдување на избирачки места, | 10/2024 |
| 3. | 19.04.2024 | 1.Известување бр. 09-175/3,<br>2.Записник од седница на ОИК Карпош , | 11/2024 |
| 4. | 22.04.2024 | 1.Известување бр. 09-210/2,<br>2.Записник од седница на ОИК Карпош ,<br>3. Решение за изменување и дополнување на членови и нивни заменици во избирачки одбор за избирачко место број 2617,<br>4. Решение за изменување и дополнување на членови и нивни заменици во избирачки одбор за избирачко место број 2617/1,<br>5. Решение за изменување и дополнување на членови и нивни заменици во избирачки одбор за избирачко место број 2610,<br>6. Решение за изменување и дополнување на членови и нивни заменици во избирачки одбор за избирачко место број 2632,<br>7. Решение за изменување и дополнување на членови и нивни заменици во избирачки одбор за избирачко место број 2639,<br>8. Решение за изменување и дополнување на членови и нивни заменици во избирачки одбор за избирачко место број 2597/1,<br>9. Решение за изменување и дополнување на членови и нивни заменици во избирачки одбор | 12/2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | за избирачко место број 2631, | |
| 5. | 23.04.2024 | 1.Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на членови и нивни заменици во избирачкиот одбор за избирачкото место број 2600,<br>2. Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на членови и нивни заменици во избирачкиот одбор за избирачкото место број 260/1,<br>3. Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на членови и нивни заменици во избирачкиот одбор за избирачкото место број 2644/1,<br>4.Решение за објавување на Решение за изменување и дополнување на членови и нивни заменици во избирачкиот одбор за избирачкото место број 2639, | 13/2024 |
| 4. | 31.12.2024 | Регистар на објавени прописи за 2024 година | 23/2024 |

ДОНЕСЕНИ АКТИ

**Во 2024 година Советот усвои вкупно 309 акти, од кои:**

Табела 3

| АКТИ | БРОЈ |
|---|---|
| Заклучоци | 53 |
| Решенија | 68 |
| Одлуки | 80 |
| Програми | 31 |

| | |
|---|---|
| Планови | 1 |
| Техничка исправка | 1 |
| Мислења | 10 |
| Буџет | 4 |
| Буџетски календар | 1 |
| Службена белешка | 36 |
| Правилник | 9 |
| Иницијатива | 1 |
| Акционен план ЛЕАП краток | 1 |
| Известување | 11 |
| Записник | 2 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2024 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2024 година, донесен на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/31
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), Советот на Општина Карпош на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2024 година**

1. Се усвојува Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2024 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Комисијата за спроведување и објавување оглас и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 09-312/34
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов

**Финансиски извештај за субвенции за лифтови**.

**Почитувани,**

Ви доставуваме извештај за досегашната работа на Комисија за спроведување и објавување оглас и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош, кој содржи табеларен приказ на сите апликации кој се пријавиле на јавниот повик со сите детали (активност и вредност), и притоа Ве информираме за следната состојба:

**1.Исплатени предмети**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Предмет 11-2828 | Ул.Јуриј Гагарин бр.17/1 | Сити Хаусинг Дооел | Вкупна сума 134.225 | Санација на лифт |
| 2 | Предмет 11-2622 | Ул.Вич бр.24.1 | Хаус Мулти сервис Скопје | Вкупна сума 343.380 | Санација на лифт |
| 3 | Предмет 11-2630 | Ул.Миле Поп Јорданов бр.72 | Хаус Мајстор Плус | Вкупна сума 240.248 | Санација на лифт |
| 4 | Предмет 11-2317 | Ул.Разловечко Востание бр.22/36 | Градски Управител Дооел | Вкупна сума 279.188 | Санација на лифт |
| 5 | Предмет 11-2108 | Ул.Никола Парапунов бр.5 | Заедница на сопственици | Вкупна сума 453.286 | Санација на лифт |
| 6 | Предмет 11-1976 | Бул.Партизански Одреди бр.105 | Хабидом Дооел | Вкупна сума 500.000 | Санација на лифт |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Предмет 11-3444 | Ул.Московска Бр.9/2 | Сити Хаусинг Дооел | Вкупна сума 301.431 | Санација на лифт |
| 8 | Предмет 11-3589 | Ул.Волгоградска бр.3 | Заедница на сопственици | Вкупна сума 226.000 | Санација на лифт |
| 9 | Предмет 11-2363 | Ул.8-Ми Септември бр.8/2 | Ваш Еко Дом Управител | Вкупна сума 175.775 | Санација на лифт |
| | | Вкупно-2.653,533 денари. | | | |

**2.Во постапка лифтови и кој ке бидат субвенционирани од јавниот повик за 2025**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Предмет 11-3056 | Бул.Партизански Одреди бр.101/3 | Ваш Еко Дом | Потенцијален корисник | За исплата 500.000 | Нов Лифт |
| 2 | Предмет 11-7276 | Ул.Никола Русински бр.3а/1 | Управител Плус | Потенцијален корисник | За исплата 325.500 | Санација на лифт |
| 3 | Предмет 11-3214 | Бул.Митрополит Гологанов бр.70А | Ин ДомувањеДооел Скопје | Потенцијален Корисник | За исплата 500.000 | Санација на лифт |
| **Вкупна сума 1.325,500 денари** | | | | | | |

**3.Предмети кои не доставиле дополнителни документи за комплетирање на документацијата.(не ги исполнуваат условите).**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Предмет 11-3471 | Ул.Франклин Рузвелт бр.63А/1 | Ваш Еко Дом Управител | Нов Лифт (Конечна Фактура, Технички извештај. |
| 2 | Предмет 11-3372 | Бул.Партизански Одреди бр.93/4 | Урбан Управител | Поставување нов лифт. (Доставено само имотни листови). |
| 3 | Предмет 11-5343 | Бул.Партизански Одреди бр.99 | Заедница на сопственици | Поставување нов лифт (Тековниот лифт е направен во 2022 година). |

Заклучок:

Според прикажаниот табеларен приказ комисија констатира дека
предвидените средства за 2024 година од 3.000.000 денари се исцрпени. Во табелата број 2 се прикажани предметите кој што се префрлаат во буџетот за 2025 година, истите мора да ја комплетираат документацијата до објавување на новиот јавен повик за 2025 година. Во табела број 3 се прикажани предметите кој што не доставиле документација до предвидениот рок за кој што беа претходно писмено известени од страна на комисијата.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2024 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2024 година, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/32
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), Советот на Општина Карпош на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2024 година**

1. Се усвојува Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2024 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Комисија за објавување Јавен повик и спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2024 година.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-312/35**
**Датум 23.01.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

## Финансиски извештај за субвенции за кровови

Исплатени предмети

Табела 1

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | 11-1796 21.02.2024 | ул.М. Т. Гологанов бр.2/7 | Индивидуал на куќа - Виолета Ристовска | | Исплатен 120.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Предмет 11-1691 19.02.2024 | ул.Мраморец бр.47б | Индивидуална куќа-Сашо Петковски | Вкупна сума 280.400 | Исплатен 120.000 |
| 2 | 11-1896 23.02.2024 | ул.Мраморец бр.3а | Индивидуална куќа-Коста Ѓорѓиевски | Вкупна сума 211.692 | Исплатен 120.000 |
| 3 | 11-1968 26.02.2024 | ул.Кленоец бр.34 | Индивидуална куќа-Илија Каранфиловиќ | Вкупна сума 267.335 | Исплатен 120.000 |
| 4 | 11-2082 28.02.2024 | ул.Јуриј Гагарин бр.65 | Индивидуална куќа - Наталија Цветковска | Вкупна сума 525.000 | Исплатен 120.000 |
| 5 | 11-2174 01.03.2024 | ул. Јуриј Гагарин бр. 76а | Индивидуална куќа - Љупчо Талевски | Вкупна сума 166.260 | Исплатен 99.756 |
| 6 | 11-2331 08.03.2024 | ул. Теодосиј Синаитски бр. 12а | Индивидуална куќа - Марија Апостолова | Вкупна сума 278.480 | Исплатен 120.000 |
| 7 | 11-2668 20.03.2024 | ул. Никола Русински бр. 10/2 | Управител Тау Цети | Вкупна сума 548.700 | Исплатен 274.350 |
| 8 | 11-2667 20.04.2023 | ул. Никола Русински бр. 10/1 | Управител Тау Цети | Вкупна сума 548.700 | Исплатен 274.350 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 11-2341 08.03.2024 | ул.Козле 22 бр. 10 | Индивидуал на куќа - Билјана Продановиќ | Вкупна сума 309.000 | Исплатен 120.000 |
| 11 | 11-3292 12.04.2024 | бул.Партизански Одреди бр. 145 | Заедница на сопственици – Петре Богоевски | Вкупна сума 282.445 | Исплатен 141.222 |
| 12 | 11-3639 30.04.2024 | ул. Букурешка бр. 123а | Индивидуал на куќа – Владимир Петков | Вкупна сума 363.797 | Исплатен 120.000 |
| 13 | 11- 2398 12.03.2024 | ул. Орце Николов бр. 166 | Индивидуал на куќа - Дејан Перковски | Вкупна сума 262500 | Исплатен 120.000 |
| 14 | 11-6339 10.09.2024 | Ул. Драган Спиркоски Макс обр. 18 | Индивидуал на куќа – Круме Макрешаноски | Вкупна сума 400.000 | Исплатен 120.000 |
| 15 | 11-5720 09.08.2024 | ул. Московска бр. 24а | Индивидуал на куќа - Александар Цибрев | Вкупна сума 293.000 | За исплата 120.000 |
| 16 | 11-5646 06.08.2024 | Ул. Влае бр. 52 | Индивидуал на куќа - Димитрија Спасовски | Вкупна сума 332.193 | За исплата 120.000 |
| 17 | 11-2235 05.03.2024 | ул.Бранислав Нушиќ бр. 13/2 | Управител Виртус Елиас | Вкупна сума 506928 | За исплата 253.464 |

| |
|---|
| Вкупна сума заедно со песонален данок 11,11% - **2.654,209 денари** |

Затворена апликација

Табела 2

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 11-4943 03.07.2024 | ул.Франклин Рузвелт бр. 63а/3 | Станбен управител - Лефко Лазаревски |
| 2 | 11-5299 19.07.2024 | ул. Брадфордска бр. 2 | Управител Виртус Елиас |
| 3 | 11-5593 01.08.2024 | ул.Козле 18 бр. 3 | Индивидуална куќа - Дамјан Савески |
| 4 | 11-5833 16.08.2024 | ул.Пијанец бр. 1 | Индивидуална куќа - Михајло Јосифовски |

Одбиени (не ги исполнуваат условите)

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 11-2488 14.03.2024 | ул. Варшавска бр.52 | Индивидуална куќа - Љупчо Бојевски | Затворена апликација | Кровот е со ќерамиди |
| 2 | 11-3667 02.05.2024 | бул. Партизански Одреди бр. 78/7 | Управител | Затворена апликација | Имаат рамен кров, сакаат да изградат кров |
| 3 | 11-2768 22.03.2024 | бул. Партизански Одреди бр. 5/10 | Индивидуална куќа - Љирим Кадриу | Затворена апликација | Непотполна документација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | 11-2306 07.03.2024 | ул Поп Богомил бр.9 | Индивидуална куќа - Трајан Ивановски | Затворена апликација | Новиот кров е со црвен лим |

Табела 3

Заклучок:

Вкупно поднесени предмети има 25 (дваесет и пет).

Според прикажаниот табеларен приказ (табела 1) исплатени се 17 предмети, вкупна сума заедно со персонален данок 11,11% - 2.654,209 денари.

Предмети на кои им е затворена апликацијата поради тоа што не донеле документи за завршен кров во дадениот рок прикажани се во Табела 2 и се вкупно 4 (четири) предмета

Предмети кои се одбиени бидејќи не ги исполнуваат условите се прикажани во Табела 3 и причина поради која се одбиени.

За таа цел Ве информираме дека предвидените средства за 2024 година од 3.000.000 денари, како и средствата од 1.000.000 денари добиени со Ребаланс на буџетот, се исцрпени . Сите апликанти кои завршиле со замена, поправка или санација на кровниот покривач и донеле документи за истиот се исплатени.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на ОДЛУКА**
**за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје**

1. Се објавува ОДЛУКА за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/33 ГРАДОНАЧАЛНИК
Датум:24.01.2025 година НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Стевчо Јакимовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Македонија” бр. 202/24), врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) како и Предлогот за донација бр.47-9514/1 од 31.12.2024 година од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје, Советот на Општина Карпош, на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

# ОДЛУКА
## за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје

### Член 1

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа понудата за донацијата бр.47-9514/1 од 31.12.2024 година од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје, за изработка на Основен проект за изградба на Сервисна улица СЕ-2,Станбена улица СТ-8 и Станбена улица СТ-9 Општина Карпош, проектиран од АЛДИНГ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ, со Технички бр. 17-12/2024 од 12.2024 година и ревизија на истиот.

Вкупна вредност на донацијата на Основниот проект и Извештајот за извршена завршена ревизија изнесува 1.416.000,00 денари со вклучен ДДВ.

### Член 2

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

### Член 3

Предмет на оваа одлука, дефиниран во член 1 е подобрување на комуналните и инфраструктурните услови на дел од жителите на Општина Карпош.

**Член 4**

Се задолжува матичниот сектор на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-312/36
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука**
**за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје**

1. Се објавува Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/34
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Македонија” бр. 202/24), врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) како и Предлогот за донација бр.50-507/1 од 17.01.2025 година од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје, Советот на Општина Карпош, на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа понудата за донацијата бр.50-507/1 од 17.01.2025 година од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје, за Основен проект – фаза: ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА за изградба на улична фекална канализација по Станбена ул.8 (ул.Скупи 3- 1461 ) и Станбена ул.9 (ул.Скупи 3 - 1461 ) согласно ДУП за Градска четврт ССЗ 02 Блок 6 во локалитет Злокуќани О.Карпош проектиран од ИПМ СТИЛ ДООЕЛ Куманово , со Технички бр. 29_12-2024/101-1 од 12.2024 година и Извештај за извршена завршна ревизија со број 1302-92/1 од 15.01.2025година од ревидент ЈП Водовод и канализација – Скопје.

Вкупна вредност на донацијата на Основниот проект и Извештајот за извршена завршена ревизија изнесува 36.285,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Предмет на оваа одлука, дефиниран во член 1 е подобрување на комуналните и инфраструктурните услови на дел од жителите на Општина Карпош.

**Член 4**

Се задолжува матичниот сектор на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-312/37
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука**
**за прифаќање донација од БИС ОИЛ ДОО Скопје**

1. Се објавува Одлука за прифаќање донација од БИС ОИЛ ДОО Скопје, донесена на шеесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јануари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/35
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) како и Предлогот за донација бр.58-440/1 од 16.01.2025 година од **БИС ОИЛ ДОО Скопје**, Советот на Општина Карпош, на 60. седница, одржана на 23 јануари 2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање донација од БИС ОИЛ ДОО Скопје

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа понудата за донацијата бр.58-440/1 од16.01.2025 година од **БИС ОИЛ ДОО Скопје**, за изработка на Основен проект за поставување и поврзување на улично осветлување на дел од ул.1689 Скопје,во должина од 670 м1 со следните фази-делови:
-Поставување на 22 метални столбови со висина од 10 метри за улично осветлување, со растојание помеѓу столбовите од 27 метри поставени на бетонски стопи со димензии 1.10м х 1.10м х 1м.
-Поставување и поврзување на електрична инсталација за улично осветлување и тоа : подземен енергетски алуминиумски кабел ПП-А 4х16,поцинкована трака за заземјување 25 х 4, поставени на длабочина од 70 см.

Вкупна вредност на донацијата на Основниот проект и Извештајот за извршена завршена ревизија изнесува 1.590.776,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Предмет на оваа одлука, дефиниран во член 1 е подобрување на безбедноста на учесниците во сообраќајот на жителите на Општина Карпош.

**Член 4**

Се задолжува Сектор за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-312/38
Датум 23.01.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, аво врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Решение за утврдување на престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решение за утврдување на престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ – Општина Карпош – Скопје, бр. 11-252/2 од 14.01.2025 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/36
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Број: 11-252/2
Датум: 14.01.2025 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24 ), а во согласност со член 116, став 1 алинеја 1 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20, бр.229/20 и 3/25), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**за утврдување на престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Со ова решение се утврдува престанок на мандатот на директорот КРИСТИНА АНДРИЌ СТОЈАНОВСКА во основното општинско училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје, поради лично барање за престанок на мандат на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски“ , с. Бардовци, Општина Карпош, Скопје.

2. Поради престанок на мандатот на директор, лицето КРИСТИНА АНДРИЌ СТОЈАНОВСКА се распоредува на соодветно работно место за работи кои одговараат на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка, во основното општинско училиште „Аврам Писевски“, с. Бардовци, Општина Карпош, Скопје. .

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Лицето Кристина Андриќ Стојановска беше именувана на функцијата директор на основно општинско училиште со Решение за именување бр.11 – 5184/3 од 20.06.2022 година.

Врз основа на лично барање на лицето Кристина Андриќ Стојановска бр.04-06 од 13.01.2025 година, архивирано во Општина Карпош со бр.11-252/1 од 13.01.2025 година, а согласно член 116, став 1 алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, бр.229/20 и бр.3/25), се утврдува престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ – Општина Карпош – Скопје

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил: Емилија Арсовска
Раководител на одделение за образование
Одобрил: Весна Стефанова
Секретар на Општина Карпош

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски, с.р.

Доставено до:

- ООУ „Аврам Писевски“
- Именуваната
- Сектор за дејности од јавен интерес и
- Архивата

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Решение за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски – Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решението за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски – Општина Карпош – Скопје, бр.11-361/1 од 15.01.2025 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/37**
**Датум:24.01.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11- 361/1
Датум: 15.01.2025 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24 ) а во согласност со член 118, став 1,став 4 и став 5 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20, бр.229/20 и 3/25), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски – Општина Карпош – Скопје**

1. Поради престанок на функцијата директор во ООУ„Аврам Писевски“ с.Бардовци, Општина Карпош за вршител на должноста директор од редот на вработените во ООУ „Аврам Писевски“, с. Бардовци,, Општина Карпош, СЕ ИМЕНУВА лицето АЛЕКСАНДРА СМИЛКОВСКА.

2. Функцијата вршител на должноста на директор именуваната од точка 1 на ова решение ќе ја врши до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 16.01..2025 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на лично барање на лицето Кристина Андриќ Стојановска бр.04-06 од 13.01.2025 година, архивирано во Општина Карпош со бр.11-252/1 од 13.01.2025 година, а согласно член 116, став 1 алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, бр.229/20 и бр.3/25), се утврдува престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“, с.Бардовци, Општина Карпош , Скопје.

Соглсно член 118, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19 ,229/20 и 3/25) по престанок на функцијата директор во ООУ„Аврам

Писевски“ се именува вршител на должноста директор од редот на вработените во ООУ „Аврам Писевски“- Скопје.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил: Емилија Арсовска
Раководител на одделение за образование
Одобрил: Весна Стефанова
Секретар на Општина Карпош

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски, с.р.

Доставено до :
- Именуваната,
- Одделение за образование
- ООУ Аврам Писевски и
- Архивата

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “, Општина Карпош-Скопје, бр. 11-525/1 од 17.01.2025 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-750/38
Датум:24.01.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Број: 11-525/1
Датум:17.01.2025
Скопје

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија ), а во согласност со член 126 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Северна Македонија “ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17,21/18,198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19,146/19,275/19,311/20,294/21,150/22 и 236/22) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

Р Е Ш Е Н И Е

**за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје**

1.Со ова решение се утврдува престанокот на Валентина Ѓорѓевиќ- вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ , Општина Карпош-Скопје,поради истек на времето за кое што е именувана – заклучно со 17.01.2025 година

2.Поради престанок на мандатот директор, лицето Валентина Ѓорѓевиќ се распоредува на работно место за работи кои одговараат на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка , во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ , Општина Карпош-Скопје

2. Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 16.07.2024 година, Градоначалникот на Општина Карпош донесе Решение за именување вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје,бр.11-4483/8 со кое за вршител на должноста директор ја именува Валентина Ѓорѓевиќ.

Во решението е дефинирано дека функцијата вршител на должноста директорот Ѓорѓевиќ ќе ја врши сметано од 17.07.2024 година, а до именување на нов директор, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето.
Врз основа на член 126 од Законот за заштита на децата Службен весник на Република Северна Македонија“ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14 ,10/15, 25/15, 150/15, 27/16,163/17,21/18,198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19,146/19,275/19,311/20,294/21,150/22 и 236/22) законски утврден рок од 6 месеци истекол на 17.01.2025 година.

Врз основа на горе изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:Незадоволната страна има право на жалба против решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Доставено до
- ЈУОДГ „ Распеана Младост “
- Именуваниот/та
- Секторот за дејности од јавен интерес и
- Архивата

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски, с.р.

Изработил: Ана П. Кабова
Проверил:Тања П. Гишев

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за именување вршител на должноста директор во јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за именување вршител на должноста директор во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје , бр.11-525/2 од 17.01.2025 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/39**
**Датум:24.01.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-525/2
Датум:17.01.2025
Скопје

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија ), а во согласност со член 126 и 127 а од Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Северна Македонија “ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17,21/18,198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19,146/19,275/19,311/20,294/21,150/22 и 236/22) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување вршител на должноста директор во јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје**

1.Со ова решение за вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ , Општина Карпош-Скопје, се именува лицето Јулијана Јованов , вработена во установата на работно место воспитувач.
2.Функцијата вршител на должноста на директор именуваната од точка 1 на ова Решение ќе ја Врши сметано од 18.01.2025 година, а до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањет, и ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 17.01.2025 година, истече мандатот на вршителот на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје, врз основа на што Градоначалникот на Општина Карпош донесе Решение за утврдување престанок на мандатот на вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје, бр.11-525/1.
Врз основа на член 126 од Законот за заштита на децата Службен весник на Република Северна Македонија“ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14 ,10/15, 25/15, 150/15, 27/16,163/17,21/18,198/18 и Службен весник

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



на Република Северна Македонија бр.104/19,146/19,275/19,311/20,294/21,150/22 и 236/22) Градоначалникот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

ПРАВНА ПОУКА:Незадоволната страна има право на жалба против решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Доставено до
ЈУОДГ „ Распеана Младост“
- Именуваниот/та
- Секторот за дејности од јавен интерес и
- Архивата

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски, с.р.

Изработил: Ана П .Кабова
Проверил:Тања П. гишев

Врз основа на член 50, аво врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје, бр. 11-525/4 од 20.01.2025 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/40**
**Датум:24.01.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-525/4
Датум:20.01.2025
Скопје

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија ), а во согласност со член 126 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Северна Македонија “ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17,21/18,198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19,146/19,275/19,311/20,294/21,150/22 и 236/22) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје**

1.Со ова решение се утврдува престанокот на Јулијана Јованов- вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ , Општина Карпош-Скопје,врз основа на лично барање за престанок на мандатот заклучно со 20.01.2025 година

2.Поради престанок на мандатот директор, лицето Јулијана Јованов се распоредува на работно место за работи кои одговараат на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка , во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ , Општина Карпош-Скопје

2. Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 20.01,2025 година, Јулијана Јованов вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје,достави Молба за разрешување од функцијата вршител на должност на директор во ЈУОДГ „ Распеана Младост “ поради лични причини, архивски број на Општина Карпош 11-525/3 .
Врз основа на горе изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:Незадоволната страна има право на жалба против решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Доставено до
- ЈУОДГ „ Распеана Младост “
- Именуваниот/та
- Секторот за дејности од јавен интерес и
- Архивата

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски, с.р.

Изработил: Ана П. Кабова
Проверил:Тања П. Гишев

Врз основа на член 50, аво врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Решение за именување вршител на должноста директор во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението Решение за именување вршител на должноста директор во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје, бр.11-525/5 од 20.01.2025 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-750/41**
**Датум:24.01.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-525/5
Датум:20.01.2025
Скопје

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија ), а во согласност со член 126 и 127 а од Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Северна Македонија “ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17,21/18,198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19,146/19,275/19,311/20,294/21,150/22 и 236/22) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за именување вршител на должноста директор во јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје**

1.Со ова решение за вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ , Општина Карпош-Скопје, се именува лицето Валентина Ѓорѓевиќ , вработена во установата на работно место воспитувач.
2.Функцијата вршител на должноста на директор именуваната од точка 1 на ова Решение ќе ја Врши сметано од 21.01.2025 година, а до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од нејзиното именување.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 20.01.2025 година, Јулијана Јованов - вршител на должноста директор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје, достави Молба за разрешување од функцијата вршител на должноста на директор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје, број 11-525/3.
Врз основа на горе изнесеното , се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:Незадоволната страна има право на жалба против решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Доставено до
ЈУОДГ „ Распеана Младост“
- Именуваниот/та
- Секторот за дејности од јавен интерес и
- Архивата

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски , с.р.

Изработил: Ана П .Кабова
Проверил:Тања П. гишев

СОДРЖИНА

1. Одлука за одобрување финансиски средства како помош за поправка и санација на постоечки два лифтови на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.155 влез 1 и влез 2 во Општина Карпош Скопје
2. Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2025 година,
3. Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 4.8.1 од ДУП (измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година)
4. Одлука за донесување на техничка исправка ГП 1.42 од ДУП за населба Маврово и водовод, Општина Карпош, (Одлука бр. 07-720/2 од 05.07.2001година)
5. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект изграден на КПбр.646/57 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација заради усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето
6. Одлука за усвојување на физибилити студија за оправданоста од доделување на договор за воспоставување на ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО за давање услуги за Јавното осветлување во Општина Карпош
7. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје
8. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје
9. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје
10. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје
11. Одлука за организирање на продолжен престој во IV (четврто) одделение во општинските основни училишта во Општина Карпош за 2025година
12. Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник
13. Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година

14. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година;
15. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година;
16. Заклучок за усвојување на Извештајот од изработка на зелен катастар во Општина Карпош;
17. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развој за 2024 година;
18. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште и комунални работи на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година;
19. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2024 година;
20. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2024 година;
21. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2024 година;
22. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година;
23. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година;
24. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2024 година;
25. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2024 година;
26. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2024 година;
27. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 48 годишнината од формирањето на Општина Карпош;

28. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2024 година;
29. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2024 година;
30. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2024 година;
31. Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување на нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош за 2024 година;
32. Заклучок за усвојување на Извештајот за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти во Општина Карпош за 2024 година;
33. Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје ;
34. Одлука за прифаќање на донација од Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги ГОЛДЕН АРТ ДОО увоз – извоз Скопје ;
35. Одлука за прифаќање донација од БИС ОИЛ ДОО Скопје
36. Решение за утврдување на престанок на мандатот на директор на основно општинско училиште „Аврам Писевски“ – Општина Карпош – Скопје
37. Решение за именување вршител на должноста на директор во општинското основно училиште „Аврам Писевски – Општина Карпош – Скопје
38. Решение за именување вршител на должноста директор во јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје
39. Решение за именување вршител на должноста директор во јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје
40. Решение за именување вршител на должноста директор во јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје
41. Решение за именување вршител на должноста директор во јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ ,Општина Карпош-Скопје

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци